СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС ОД 1963 ГОДИНА И ПОСТЗЕМЈОТРЕСНАТА ОБНОВА: ЛИЧНИ СВЕДОШТВА

Уредници:
Наум Трајановски
Петар Тодоров



СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС ОД 1963 ГОДИНА И ПОСТЗЕМЈОТРЕСНАТА ОБНОВА: ЛИЧНИ СВЕДОШТВА

УРЕДНИЦИ:

НАУМ ТРАЈАНОВСКИ И
ПЕТАР ТОДОРОВ

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА
НАЦИОНАЛИЗМОТ И КУЛТУРАТА

СКОПЈЕ 2021

НАСЛОВ НА ИЗДАНИЕТО:
Скопскиот земјотрес од 1963 година и постземјотресната обнова:
Лични сведоштва

ИЗДАВАЧ:
Центар за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК)
ул. Баница 24, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

УРЕДНИЦИ:
Наум Трајановски, докторанд,
Институт за социологија и филозофија при Полската академија на науки.
Петар Тодоров, виш научен соработник/вонреден професор,
Институт за национална историја.

ИНТЕРВЈУИРАЧИ:
Мартина Пенева, магистрантка, Архитектонски факултет – Скопје.
Калина Трајановска, магистрантка, Архитектонски факултет – Скопје.
Мариглен Демири, наставник по Филозофија, ДСУЛУД „Лазар Личеноски“.

Фотографиите што не се референцирани се преземени од:
26 јули 1963 – Жртви на скопскиот земјотрес. 1963. Скопје: Центар за информации на Градското собрание на град Скопје

ЛЕКТУРА: Татјана Б. Ефтимоска

ДИЗАЈН: Ивана Мирчевска

ПЕЧАТ: Датапонс

ТИРАЖ: 200

© ЦИНИК – Скопје, 2021

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА
НАЦИОНАЛИЗМОТ И КУЛТУРАТА

Ова издание е поддржано од АЛДА, Регионот Нормандија и
Министерство за култура на Република Северна Македонија

alda
Европска Асоцијација за Локална Демократија

NORMANDIE POUR LA PAIX

Република Северна Македонија
Министерство за култура



СОДРЖИНА

11 **ВОВЕД**
Наум Трајановски

31 **ЛИСТА НА МЕДИУМСКИ ТЕКСТОВИ И ИНТЕРВЈУА**

41 **ЛИЧНИ ИСТОРИИ ВО МАКЕДОНСКИТЕ МЕДИУМИ**

43 *Бошко Нацовски и Јован Николовски, „Приказни од 26-то јулско утро“, Вечер, 25 јули 1964.*

43 *„Без солзи за загубената нога“, Вечер, 26 јули 1964.*

45 *Мето Георгиевски, „Луѓето, небото и земјата - плачеа“, Вечер, 27 јули 1964.*

46 *Зоран Доградациев и Бошко Нацовски, „Скопје, 5,17 часот 26 јули 1964 година“, Вечер, 27 јули 1964.*

50 *Зоран Доградациев, „Дојдовме да го прославиме нашиот прв „роденден““, Вечер, 28 јули 1964.*

52 *Славка Јовановиќ, „Два јулски родендена“, Вечер, 28-29 јули 1973.*

55 *Цветен Толев, „Првата мисла: другарите и централата“, Вечер, 24 јули 1976.*

57 *Ж. Смилевски, „Чест ми беше да помогнам“, Вечер, 26 јули 1978.*

59 *Коста Поповски, „Среќко-Андо Илиевски, 8.55 часот јули '63“, Вечер, 26 јули 1978.*

60 *Бошко Трпески, „Од убаво поубаво“, Вечер, 26 јули 1978.*

63 *Ленка Митревска, „Урнати ластовички гнезда“, Вечер, 14 јули 1983.*

63 *Ленка Митревска, „Плачев од радост“, Вечер, 23 јули 1983.*

66 *Милена Георгиевска, „Изгореа и сликите во старата пивница“, Вечер, 24-25 јули 1999.*

68 *Владо Ѓорчев, „Го снема родниот град“, Вечер, 26-27 јули 2003.*

72 *Сашо Таневски, „Херојот на денот со големо срце“, Нова Македонија, 27 јули 2003.*

75 *Даниела Чичевска, „Желбата да се спаси човечки живот – посилна од сè“, Нова Македонија, 27 јули 2003.*

76 *„И во овие времиња ни треба солидарноста“, Вечер, 26-27 јули 2003.*

77 *„Го курдисувал саатот на Офицерскиот дом во Скопје“, Дневник, 7 јули 2004.*

77 *„Скопје – 47 години по катастрофалниот земјотрес“, А1, 26 јули 2010.*

78 *„Холандски авион на небото, урнатини на земјата“, Утрински весник, 22 јули 2013.*

78 *„Ги водев Тито и Хрушчов низ разурнатите објекти“, Утрински весник, 23 јули 2013.*

79 *„Со зградата пропаднав во темелите, целото семејство ми загина“, Утрински весник, 24 јули 2013.*

80 *„Детската болница во Козле – сведок на солидарноста по земјотресот“, Утрински весник, 25 јули 2013.*

81 *„Гајдов: Да не задоцнеше возот, ќе загинеа најмалку 50 граѓани“, Утрински весник, 25 јули 2013.*

81 *Бојан Шашевски, „Луѓе, ајде да одиме во болница да дадеме крв“, Утрински весник, 25 јули 2013.*

83 *Катерина Богоева, „Портирот Божо е мојот јунак“, Утрински весник, 25 јули 2013.*

85 *Сања Момировска, „Милена, јави се, Питер има нешто да ти каже“, Вечер, 26 јули 2013.*

86 *Бојан Шашевски, „Кој и како го спаси Скопје од поголема катастрофа“, Утрински весник, 26 јули 2013.*

89 УСНИ ИСТОРИИ: ПРЕД ЗЕМЈОТРЕСОТ

91 Трајко Димитров
91 Лефтерија Петковска
92 Етиш К. Меди
92 Борис Младенов
92 Хабиб Ахмети
93 Борислав Томовски
93 Исмаил Мехмети
94 Анастасија Симициева Блажевска
94 Мустафа Пеза
94 Ристо Марковски
96 Адил Сулејман

99 ПОТРЕСИТЕ

101 Трајко Димитров
101 Анонимна скопјанка
102 Русе Галевски
102 Раде Ѓорѓиевски
103 Лефтерија Петковска
103 Етиш К. Меди
104 Борис Младенов
104 Хабиб Ахмети
105 Анонимна скопјанка
105 Таки Јосифов
105 Велко Илиевски
106 Македонка Хаџи-Димова
107 Хајредин Хасан
107 Милка Кировска
110 Нада Љубенова
111 Белул Сулејмани
111 Танас Панчевски
112 Билјана Филиповска Тодорчевска
113 Драги Зафиров
116 Кочо Димитровски
117 Тошо Стојановски
117 Борислав Томовски
120 Љубица Шемкоска
122 Јелисавета Димитровска
122 Вера Поповска
123 Ханка Мехмети
126 Мустафа Пеза
126 Митат Алија
127 Ристо Марковски
128 Меѓид Етеми
128 Ѓорѓи Јовановски
129 Сабедин Ејупи
129 Фатон Исмаили
129 Никола Марковски

131 ПРВИТЕ ДЕНОВИ ПО ЗЕМЈОТРЕСОТ

133 Трајко Димитров
134 Русе Галевски
134 Раде Ѓорѓиевски
135 Лефтерија Петковска
136 Етиш К. Меди
136 Борис Младенов
137 Хабиб Ахмети
137 Таки Јосифов
139 Велко Илиевски
140 Македонка Хаџи-Димова
140 Хајредин Хасан
141 Милка Кировска

142 Нада Љубенова
142 Борис Миленков
145 Белул Сулејмани
147 Билјана Филиповска Тодорчевска
148 Илија Трпевски
149 Кочо Димитровски
149 Тодорка Весковска
150 Слободанка Јаневска
150 Љубица Шемкоска
153 Јелисавета Димитровска
153 Ханка Мехмети
153 Васка Тадаси
155 Вера Календаровска
157 Меѓид Етеми
158 Ѓорѓи Јовановски

161 СКОПЈЕ, ГРАД НА СОЛИДАРНОСТА

163 Трајко Димитров
164 Русе Галевски
164 Етиш К. Меди
165 Борис Младенов
167 Хабиб Ахмети
168 Слободан Петровиќ
168 Македонка Хаџи-Димова
169 Милка Кировска
170 Слободан Рајчевски
171 Борис Миленков
171 Белул Сулејмани
172 Танас Панчевски
172 Фатима Демировска
173 Борислав Томовски
174 Тодорка Весковска
174 Љубица Шемкоска
175 Јелисавета Димитровска
175 Ханка Мехмети
176 Анастасија Симициева Блажевска
176 Меѓид Етеми
177 Љубе Соколовски
177 Адил Сулејман

179 ВРАЌАЊЕ ВО СКОПЈЕ

181 Анонимна скопјанка
181 Слободан Петровиќ
181 Хајредин Хасан
182 Нада Љубенова
182 Драги Зафиров
183 Билјана Филиповска Тодорчевска
184 Тошо Стојановски
184 Тахир Ертунч
185 Љубица Шемкоска
185 Славољуб Манев
186 Васка Тадаси
186 Ханка Мехмети

189 ОБНОВАТА НА ГРАДОТ

191 Трајко Димитров
192 Русе Галевски
192 Раде Ѓорѓиевски
193 Борис Младенов
194 Таки Јосифов
195 Велко Илиевски
195 Македонка Хаџи-Димова

196 Милка Кировска
198 Борис Миленков
198 Танас Панчевски
198 Драги Зафиров
199 Фатима Демировска
199 Тахир Ертунч
200 Љубица Шемкоска
200 Исмаил Мехмети
201 Васка Тадаси
201 Митат Алија
202 Мустафа Пеза
202 Меѓид Етеми
202 Ѓорѓи Јовановски
203 Фатон Исмаили
203 Адил Сулејман

207 ГРАДОТ ДЕНЕС

209 Трајко Димитров
209 Хабиб Ахмети
209 Слободан Петровиќ
210 Македонка Хаџи-Димова
211 Милка Кировска
211 Белул Сулејмани
212 Борис Миленков
212 Драги Зафиров
213 Фатима Демировска
213 Славољуб Манев
214 Вера Календаровска





ВОВЕД

Наум Трајановски

Скопскиот земјотрес од 26 јули 1963 година е формативен настан од најновата градска историја којшто не само што придонесе за драстична промена на крајоликот на градот туку ги стресе и симболичните светови на локалните скопјани и скопјанки. Па така, личните трауми од земјотресот, како и социоекономските и политичките последици од неговата разорна моќ се сè уште видливи. Меѓутоа, токму првите, личните приказни, се сосем малку или, пак, воопшто не се истражени во македонската јавност. Од друга страна, пак, честопати се слушаат разни толкувања за последиците на земјотресот по Скопје: меѓу другите, за промашеноста на градските политики или за позитивните трендови во развојот на градот по 1963 година. Овие различните видувања доведуваат и сè уште поттикнуваат поделби, но и различни погледи за тоа како треба да се развива градот денес. Во оваа насока, повеќе истражувачи – чиишто согледувања ќе бидат накратко претставени во овој воведен текст – ја поврзаа токму постземјотресната обнова на градот и со причините за осмислувањето на проектот „Скопје 2014".

Нашиот истражувачки проект – „Скопскиот земјотрес од 1963 година. Сеќавања, идентитети, акции" – си постави за задача да ги мапира сеќавањата на сведоците на земјотресот и да понуди рамка за нивна интерпретација. Нашата цел, поконкретно, беше да ги документираме сеќавањата за земјотресот преку наративни биографски интервјуа – повеќе во однос на методологијата на истражувањето – и да ги понудиме како нов дискурс во однос на историјата на земјотресот, постземјотресната обнова на градот и, конечно, градската историја по 1963 година. Оттука, сеќавањата на сведоците на скопскиот земјотрес ќе бидат толкувани во рамки на студиите на колективната меморија (повеќе во делот посветен на теоретската рамка). Сметаме дека токму овој аспект овозможува структурирано, контекстуализирано и прецизно претставување на индивидуалните сведоштва. Во тој контекст, овој проект и публикацијата имаат за цел да помогнат во подобро разбирање на скопскиот земјотрес и неговите последици по градот и неговите жители, но и по развојот на државата.

Краток историски контекст

Според југословенските сеизмолози, земјотресот го погоди градот во 5 часот и 17 минути, по што следеле уште три помали потреси до 6 часот истиот ден. Силината на земјотресот беше првично определена според тогаш актуелната Модифицирана Меркалиева скала – 9 степени – а нешто подоцна и според тогаш поновата Рихтерова скала – 6.1 степени (Zátopek 1968; Ambraseys 1968). Таканаречената зона на штета на земјотресот, или макросеизмичкиот центар, беше самиот центар на градот, додека епицентралната линија на земјотресот се протегаше по должината на градското речно корито на Вардар. Плиткиот потрес во густо населеното подрачје придонесе за главнината од катастрофалните последици од земјотресот: според првичните извештаи, повеќе од 2000 жители беа повредени, а околу 500 беа пријавени како починати (Мирчевска & Јанчева 2018, 9). По подоцнежната ревизија, бројката на починати порасна на 1070 лица; од кои 46 беа странски државјани, додека 43 останаа неидентификувани[1]. Земјотресот беше причина и за уништувањето на повеќе од една третина од скопската инфраструктура и градежни објекти, уништи 31 културни и историски споменици, а вкупната штета беше проценета на 15 % од годишниот федерален буџет (Николовски 1975). Накусо, старото градско јадро лоцирано на левиот брег на градот беше „речиси целосно уништено" (Bubnov 1968), а поновите објекти на десниот брег, изградени во меѓувоениот и повоениот период, беа сериозно оштетени и не беа безбедни за понатамошна употреба (Hololčev & Solovjev 1968).

Па така, иако од далечина „беше практично невозможно да се детектира каква било штета на градот" (Ambraseys 1968, 81) – со оглед на сеизмичката активност што генерално ги остави станбените згради и инфраструктурата цели, но и неупотребливи –ситуацијата на теренот беше далеку од оптимистична и успокојувачка. Домашните и странски медиуми известуваа за скопскиот земјотрес употребувајќи катастрофични тропи, честопати доведувајќи ја во прашање и иднината на градот на таа локација[2]. Во овие услови се мобилизираше и првичната реакција на земјотресот: се реактивираа градските институции, се ангажираше војската и народната милиција во спасувачките операции (Мадиќ 1963), а се евакуираа и повеќе од 30 000 деца и постари лица од градот (Fisher 1964; Димитријевски, Ѓурковска & Иванова 2016). Значаен дел од операцијата беше и поставувањето шатори за жителите коишто не можеа да се вратат во своите домови. Политички неврзаната југословенска

1 Конечната ревизија беше направена од повеќе институции: Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, Сојузниот завод за статистика, Матичната служба при Градското собрание на Град Скопје, а беа земени предвид и многуте искази на семејствата и познаниците на загинатите. Ревизијата беше објавена од страна на Републичкиот секретаријат на СР Македонија и Центарот за информации на Градското собрание на Град Скопје. Повеќе за процедурата во: 26 јули *1963* – Жртвите на скопскиот земјотрес (1963).

2 Денисон Русинов, на пример, во својство на експерт на американската влада за Југославија, го претстави крајоликот на постземјотресно Скопје како „[правлива] покривка фрлена врз телото на мртовец" (1963).

влада, пак, објави повик за помош на главниот град на СР Македонија, на којшто одговорија преку 80 држави ширум светот, Обединетите нации (ОН) и други меѓународни организации. Како клучна за постземјотресната иднина на градот се покажа токму одлуката на ОН за поддршка на југословенскиот проект за обновата на градот од септември 1963 година (Tolic 2017; Spaskovska 2020). Повеќеслојниот проект управуван од ОН резултираше, меѓу другото, и со изработка на генералниот урбанистички план за Скопје, како и на планот за централното подрачје[3]. Конечно, големиот одзив и инволвираноста на ОН во градот ги поттикна домашните власти да го преобмислат постземјотресно Скопје како „Град на солидарноста" – симбол на трансблоковската соработка во екот на Студената војна – и „Отворен град" – отворен за домашни миграции и миграции во рамки на Федерацијата, како и пример за југословенската државотворна парола „братство и единство"[4].

Меѓународната помош за Скопје значеше и експертска помош и трансфери на знаење во многу области потребни за постземјотресната обнова на градот. Еден од најзначајните во овој контекст е архитектонскиот развој на градот по 1963 година и „плурализмот на архитектонските јазици" во Скопје по земјотресот (Ivanovska Deskova, Deskov & Ivanovski 2016, 186). Па така, иако победничкиот план на тимот на Кензо Танге – со соучество на хрватската двојка Мишчевиќ и Венцлер – за централното градско подрачје беше парцијално изведен, на крајот сепак токму присуството на странските експерти, како и помошта за усовршување на македонска група архитекти во странство по земјотресот, придонесоа за генерално „прифаќање" на различните парадигми од доцниот модернизам како „современ идентитет" на градот (види во Ivanovski et al. 2014, 66-67). Но, од друга страна, постземјотресната обнова донесе и серија предизвици и проблеми што не секогаш беа во прилог на политиката за отворен град и град на солидарноста. Имено, токму првата миграциска политика доведе до значаен прираст на скопското население по земјотресот; иако ваквата тенденција може да се мапира уште од предвоените години – во 1937 г. Скопје имаше 66,893 жители, за бројката да порасне на приближно 213,000 жители во 60-тите. Сепак, во 1973 година Скопје се зголеми за 117,583 жители во однос на 1963 година: бројка што ги надмина за речиси 20 % очекувањата на урбанистите, иако не придонесе за поголеми промени во пропорциите на етничките заедници во градот (повеќе во Trajanovski 2021b; види и Mujanović 2019). Овие промени предизвикаа проблеми од различен вид за локалното население и локалните власти и, како такви, се значаен маркер во сеќавањата на сведоците на овој период.

3 Историјата на вклученоста на ОН во постземјотресно Скопје е достапна во книгата *Skopje Resurgent* (1970) и во серијата т.н. „жолти книги" (Lozanovska & Martek 2019), или 22 извештаи подготвени главно од страна на Заводот за урбанизам и архитектура.

4 Повеќе во Архив на Град Скопје, Skopje: *Dnevni Jugoslovenski Operativno-Informativni Bilten o Obnovi i Izgradnju*, Sociološki aspekti novog generalnog urbanističkog plana Skopja, 29 мај 1964, 1-6.

Културна и комуникативна меморија

Како сведоците на земјотресот го паметат овој настан? Како воопшто се паметат ваквите настани со девастирачки последици по општеството и по индивидуата? Научниот дискурс по ова прашање има кратка предисторија што е релевантна за нашиот пристап. Уште во 1990-тите, група американски социјални психолози предводени од Улрик Нејсер се обидеа да дадат одговор на оваа истражувачка загатка анализирајќи ги одговорите на три групи информанти, две во Калифорнија и една во Атланта, коишто беа повикани да ги споделат своите сеќавања за земјотресот во Лома Приета од 1989 година во два наврати – непосредно по земјотресот и година и пол по него. По добивањето на одговорите и анализата на материјалите, групата истражувачи го потврди постоењето на т.н. „сеќавања-светилки" (*flashbulb memories*)– или сеќавања за некој ненадеен, изненадувачки и емоционален настан што „се имуни на заборав" (Brown & Kulik 1977, 86) – и сеќавања за „примачките настани" (*receptive events*) – или сеќавања за контекстот во коишто е добиена информацијата за некој значаен настан (повеќе во: Larsen 1988). Пионерските студии во ова поле датираат од 1970-те, а речиси сите од нив го наведуваат атентатот врз Џон Ф. Кенеди како „прототипен" истражувачки случај во оваа насока (Brown & Kulik 1977).

Но, групата предводена од Нејсер не беше целосно задоволна од вака поставената интерпретативна рамка. Критичкиот дискурс кон „сеќавањата-светилки" и „примачките настани" беше зачнат веќе во средината на 1980-те со истражувањето на Најсер и Никол Харш на сеќавањата на група студенти за експлозијата на вселенската мисија *Челенџер* во 1986 година – еден ден и три години по настанот. Резултатите од оваа студија, според авторите, покажаа дека двата искази од истите студенти значајно се разликуваат (1992). До слични резултати во истиот период дојдоа и групата истражувачи предводени од Ларсен коишто, пак, работејќи врз индивидуалните сеќавања за два настани од 1986 година – убиството на шведскиот премиер Олоф Палме и нуклеарната катастрофа во Чернобил – заклучија дека сеќавањата за „примачките настани" се прилично подложни на заборав (1996, 340). Па така, во 1996 година, Најсер и неговите колеги истапија со две нови интерпретативни варијабли: *наратив* и *проба*. Поконкретно, авторите тврдеа дека клучни за сеќавањето на катастрофалните настани се индивидуалните и колективни „приказни за катастрофите", како и многуте пригоди за нивно повторување. Вака поимено, сеќавањето за еден катастрофален настан е по дефиниција подложно и на промени со текот на времето (1996, 355). Но, кои и какви се промените што влијаат врз „приказните за катастрофите"? Клучниот елемент на горенаведената хипотеза се однесува токму на наративот: без разлика дали станува збор за индивидуалните приказни – тема што е предмет на дискусии на социјалната психологија (за преглед, види во: Straub 2008) – или за културните и општествени раскази за некој катастрофален настан. Вториот аспект, што е позначаен за оваа студија, ќе стане предмет на истражувања на неколку дисциплини од почетокот на 1990-те, што, пак, доведоа до слични заклучоци: катастрофалните настани

генерираат повеќе и различни интерпретации (види во културната антрополошка студија: Oliver-Smith 2002), а општествените групи имаат тенденција да ги врамуваат и да ги интегрираат овие настани во дискурси со цел разбирање на штетата предизвикана од нив (повеќе во: Drost 2019).

Перспективата што нас најмногу нè интересира во овој контекст е онаа на студиите на *културната меморија*. Премисата на овој научен дискурс, накусо, се однесува на индивидуалните сеќавања како општествено посредувани преку културни артефакти. Процесот на посредување на индивидуалните сеќавања, пак, води кон создавање различни колективни идентитети. Овој аргумент се базира врз препрочитот на Емил Диркем од страна на Морис Олбакс во 1950-те и врз артикулирањето на општествените рамки за сеќавање во повоената Европа (повеќе во Halbwachs 1992); дискурс што придонесе за читање на сеќавањата како општествено конструирана категорија и, со тоа, подложни на промена. Како, во практиката, функционира овој процес? Германските истражувачи Јан и Алеида Асман понудија еден можен одговор на ова прашање во серија нивни трудови: минатото го паметиме како сет од „фиксирани" настани – или референтни точки – чијашто содржина се „полни" преку културни артефакти (меѓу другите, текстови и споменици) и институционална комуникација (практики, ритуали). Наспроти овој вид сеќавање, што сопружниците Асман го нарекуваат „културна" меморија, постои и т.н. „комуникативна" меморија. Комуникативната меморија извира од индивидуалните животни истории, се пренесува преку усни трансмисии и неформална комуникација, најчесто во мал круг на луѓе со времетраење од три до четири генерации. Културната меморија, пак, за разлика од комуникативната, има повисок степен на институционализација – имајќи ги предвид начините на нејзината трансмисија: културните артефакти и институционалните платформи – и, како таква, е предмет на активностите на различни политички и општествени актери коишто ги промовираат своите агенди во доменот на институционализираното сеќавање (Assmann, A. 2008; 2020; Assmann J. 2006; Assmann & Czaplicka 1995). Во овој домен спаѓаат и местата на паметење – или референтните точки на паметење на индивидуите и групите (Erll & Rigney 2009; види и Nora 1989) – и комеморативните настани – што ги поимаме, на линија на Гилис, како „општествени и политички по дефиниција" (Gillis 1994).

Теоријата за културната и комуникативна меморија беше аплицирана врз повеќе случаи што се однесуваат на сеќавања за катастрофални настани. Катастрофални, во нашиот случај, се однесува на природни непогоди со девастирачки последици. Во продолжение ќе понудиме неколку од нив што се релеватни за нашата дискусија. Првиот концепт се однесува на катастрофалните настани како „влијателни настани" (*impact events*) што целосно ги редефинираат материјалните и симболички светови во коишто живееме. Овој концепт беше понуден од Ан Фухс и нејзиното истражување на германската култура на сеќавањето по Втората светска војна, поопшто, и бомбардирањето на Дрезден, поконкретно (2008; 2012). Интересно е да се напомене дека Фухс користи сеизмолошки тропи во својата аргументација: „влијателните настани" се „сеизмолошки историски случувања" што се случуваат одеднаш

и имаат потенцијал за „екстремно насилство“ врз постоечките општествени, културни и симболички норми (2012, 10-11). Вториот концепт се однесува на „вметнати“ (*embedding*) сеќавања, концепт промовиран од Сузан Улберг во рамки на нејзиното читање на сеќавањата за поплавите во Санта Фе, Аргентина, од 2003 година што, пак, резултираа со 23 смртни случаи и 130 000 раселени лица. Улберг тврди дека поплавите го редефинираат социјалниот свет на локалните жители на различни начини, а сеќавањето за нив бидува постојано „вметнувано“ во некои секојдневни и невообичаени места: како, на пример, локалниот пазар, каде што по обичај се дава хуманитарна помош по поплавите. Пазарот, според Улберг, функционира како „постојан потсетник за поплавите во минатото“ за некои од локалците и претставува групен идентитетски маркер (2015; види и 2017).[5] Конечно, од 2010-те почна да се говори и за „посткатастрофичните градови“ како истражувачка агенда за пошироко разбирање на урбаната реконструкција преку повторно откривање на историите на „загуби и преобмислување на општественото ткиво на урбаните заедници, *цивитасот*“ (Kohlrausch & Hoffmann 2011, 308). Индивидуалниот агенс во „посткатастрофичните градови“ е од особено значење овде, бидејќи упатува кон различни локални начини за преобмислување на општественото ткиво.

Културната меморија за скопскиот земјотрес: интерпретативна рамка

Индивидуалните сеќавања за одреден настан се производ на постојано преземање, преговарање и заемање меѓу културната и комуникативната меморија. Но, со ова тврдење не се намалува вредноста на индивидуалните сведоштва. Напротив, со зборовите на Алесандро Портели, личните истории можеби и не придонесуваат за подетално разбирање на историјата на конкретниот настан, но се клучни за разбирањето на „значењето“ на настанот за индивидуата, за семејството и за поширокаата општествена заедница (1991). Уште повеќе, индивидуалните сеќавања можат да понудат и спротивставувачка позиција во однос на веќе етаблираните – „фиксирани“ – точки на културната меморија. Но, и покрај овој општопознат факт – сетете се само на некои од вашите семејни истории и официјалните наративи што ги тангираат истите периоди и личности – индивидуалните сведоштва ретко кога се доволно силни за да придонесат кон редефинирање на референтната културна меморија.

5 На трагата на Улберг се и групата истражувачи чиишто текстови се поместени во зборникот *Grassroots Memorials*, што пренесува студии на случаи од Италија, Полска и од поплавите во Венецуела од 1999 година (2011). Главните поенти тука се однесуваат на групната динамика во однос на сеќавањата на катастрофалните настани. Па така, слично како и Улберг, интерпретативната рамка понудена во зборникот ги постулира локалните групи како хетерогени во однос на сеќавањата за катастрофалните настани чиишто модели на сеќавање, комеморирање и меморијализација константно се менуваат. Најновите дебати, пак, се однесуваат на транснационалните димензии на сеќавањата за катастрофалните настани (особено по нападот на Кулите близначки на 11 септември 2001 година; види во Taylor & Levine 2015 и специјалното издание на *National Identities)*, и на спектарот политички влијанија врз процесите на меморијализација на катастрофалните настани (Drost 2019).

Овој процес, пак, нè упатува кон две понатамошни тези: културната меморија, од една страна, е домен во којшто се инвестирани различни нарации од страна на повеќе актери и групи; а од друга стана, и доминантните културно-мемориски обрасци бидуваат предмети на промена токму под влијание на индивидуални, но и на пошироки општествени и политички промени. Во овој случај, можеме да говориме за промена на режимот на сеќавање – или за промена на доминантните општествени рамки за толкување на некој историски настан. Индивидуалните сведоштва несомнено извираат од овие контексти: за илустрација, различни книги, филмови и фотографии ги моделираат нашите сеќавања. Со други зборови, можеме слободно да тврдиме дека индивидуалните сведоштва за истиот историски настан би се разликувале според временскиот период кога се споделени; теза што беше насетена уште од групата предводена од Најсер, а со терминологијата на студиите на културната меморија, веќе можеме и попрецизно да поентираме дека станува збор за промени на одредени режими на сеќавање[6]. Токму затоа, во првиот дел од анализата ќе понудиме селекција на сведоштва за земјотресот објавени во периодот од 1964 до 2021 година. Заклучот овде ќе се однесува на двовалентноста на овие мемориски епизоди: индивидуалните сведоштва се речиси без исклучок користени за хранење на доминатниот културно-мемориски модел – во овој формат, главно како дел од новинарски написи – но истовремено се и дефинирани и информирани од доминантниот режим на сеќавање.

Па така, според веќе објавената литература (види во: Trajanovski 2020a), постојат три доминантни режими на паметење на скопскиот земјотрес од 1963 година што се менуваат под влијание на некои значајни настани од македонската историја. Првиот режим на паметење е активен од првата комеморација на земјотресот во Скопје во 1964 година до крајот на проектот за урбана реконструкција на градот. Најзначајно во овој период е етаблирањето на *солидарноста* како двоен клуч за комеморирањето на загинатите во земјотресот – или солидарност со загинатите, нивните семејства и пријатели – но и комеморирањето на југословенската и на интернационалната солидарност со градот. Па така, во овој период се појавија и некои од комеморативните настани што се повторуваат до денес – посетата на градските гробишта и Алејата на жртвите од земјотресот во Бутел, како и свечените седници на Градското собрание на Град Скопје – а Градското собрание се промовираше и како главен агент на овие комеморативни настани. Еден од најсветлите примери за вториот сегмент од комеморативните дискурси од овој период се и т.н. *Средби на солидарноста*, неколкудневен интернационален музички и спортски фестивал – без натпреварувачки карактер – по повод годишнината од земјотресот, што се одржуваше во Скопје од 1964 до 1971 година.

6 Повеќе автори се осврнуваат токму на „јазот“ меѓу културната и комуникативната меморија (за преглед, види во: Niethammer 2014). Неколкумина го користат и конструктот „семејна меморија“ како посредник меѓу комуникативната и културната меморија (за преглед, види во: Erll 2011).

Вториот режим на паметење на скопскиот земјотрес е поттикнат од запирањето на финансирањето на проектот за градската обнова на Скопје. Од доцните 1970-ти, Југославија и, особено, СР Македонија беа погодени од тешка економска криза што доведе до значајни недостатоци во снабдувањето со основните енергенси, но и ја зголеми невработеноста и ги предизвика првите посериозни протести и штрајкови во текот на 1980-те. Од друга страна, пак, 1970-те и 1980-те беа и периодот кога значајно се влошија меѓуетничките односи во државата. Сите овие настани доведоа до сериозна скепса во однос на функционирањето на симболичкиот и материјален југословенски систем на солидарност – еден новинарски текст од 1982 се однесуваше токму на овој феномен во Македонија (повеќе во: Grizelj 1982) – а со тоа го разнишаа и комеморативниот дискурс во однос на скопскиот земјотрес. Поконкретно, иако во овој период можат да се мапираат повеќе настани што повторно го легитимизираа дискурсот за солидарноста од 1960-те и 1970-те, сепак 1980-те се и периодот кога почнуваат да се јавуваат првите алтернативни нарации за земјотресот и за постземјотресната обнова на Скопје во македонската јавност. Како главна илустрација за горенаведеното може да се посочи серијата настани пред и по носењето на новиот генерален урбанистички план за Скопје во 1985 година: државно спонзорираниот неколкугодишен проект за предземјотресното „градежно наследство“ во Скопје, прилично критички во однос на постземјотресните урбанистички политики, но и ревидирањето на миграциската политика во државата во овој период и фокусот – со пиетет – на предземјотресното Скопје во медиумите.

Сите овие настани го нормализираа проблематизирањето на скопската обнова по земјотресот во јавноста; траекторија што остана доминантна и во текот на 1990-те. Конечно, од почетокот на 2000-те може да се мапира и последниот сет промени во однос на режимот на паметење на скопскиот земјотрес. Од една страна, дискурсот за предземјотресното Скопје во овој период доби и своја политичка артикулација по смената на централната власт, во 2006 година, и на локалната, во 2009 година, и објавувањето на „проектот Скопје 2014“ во 2009 година. Поконкретно, радикалната промена на политичката оптика кон постземјотресната обнова на Скопје се манифестираше во неколку форми: таргетирајќи ги главните градски симболи – во пресрет на локалните избори во 2009 се најави и „одмрзнување“ на градскиот часовник на Старата железничка станица (Наумовска 2009) – но и директно интервенирајќи врз објектите и просторот околу клучните објекти од постземјотресната обнова. Но, овој политички напад врз наследството од постземјотресната обнова на Скопје форматираше и еден нов дискурс за скопскиот земјотрес и за обновата на градот. Овој дискурс беше развиен од некои од градските институции – погледнете ги, на пример, годишните изложби посветени на земјотресот од 2009 година, речиси сите посветени на меѓународната солидарност за Скопје – но и бројните граѓански иницијативи за зачувување на градителското и архитектонско наследство од постземјотресното Скопје.

Она што може да се заклучи од овој краток преглед е дека солидарноста претставува клучниот збор поврзан со земјотресот од 1963 година, а различните толкувања на солидарноста во јавниот домен, пак, ја дефинираа доминантната рамка за земјотресот и за постземјотресната обнова на градот. Речиси сета стручна литература, посредно или непосредно посветена на скопскиот земјотрес од овој културолошки аспект, ја потврдува оваа теза. Една од можните причини за ова повторување е можеби временскиот период во којшто се пишувани сите овие дела: во екот на „Скопје 2014" и објавениот напад на наследството од постземјотресната обнова во градот. Па така, сите странски и домашни автори што се занимаваа со последиците од „проектот" по општественото ткиво, градежното наследство и урбаниот крајолик на градот укажаа на опасноста од фрагментирање на градското население по неколку линиии што тој ја предизвикува (меѓу другите: Mijalkovic & Urbanek 2011; Janev 2016; Ристески 2017; Véron 2017; Stefoska & Stojanov 2017; Cvitković & Kline 2017; Kulić 2017). Во овој контекст, постземјотресната обнова и меѓународната солидарност за Скопје во екот на Студената војна се преобмислија како своевидна контратежа на оваа нова културна и мемориска политика во градот.

Овој дискурс, пак, се манифестираше во неколку облици. Од една страна, неколку домашни и странски кураторски проекти ја истакнаа постземјотресната обнова како клучна епизода од новата историја на градот: почнувајќи од „Солидарноста – незавршен проект?" (Музеј на современа уметност – Скопје, 2014), преку „Скопје – Градот на солидарноста" (Интернационалниот културен центар во Краков, 2019), до „Скопје – Македонската архитектура во контекст" (Галеријата Рингтурн во Виена, 2017) и „Кон бетонска утопија: Архитектурата во Југославија, 1948-1980" (MoMA Њујорк, 2019). Од друга страна, пак, и малкуте студии посветени на сеќавањата за скопскиот земјотрес и за постземјотресната обнова на градот истакнаа неколку клучни места во однос на локалните модели на сеќавање на 1963. Како еден од првите вакви текстови, зборникот во рамките на проектот „Читајќи го градот: Урбано место и сеќавање" *(Reading the City: Urban Space and Memory)* од 2009 година содржи повеќе текстови посветени на местата на паметење во Скопје. Истражувачкиот тим на овој проект тргна од премисата за урбаниот простор како „модел за" (Kapralski 2019, 89) – слично и на гореспоменатите „вметнати сеќавања" – личните сеќавања во текот на неколкуте постземјотресни децении (Herold, Langer & Lechler 2009). Книгата на Димитријевски, Ѓурковска и Иванова (2016) е уште една скорешна студија за сеќавањата поврзани со скопскиот земјотрес, базирана главно врз архивски материјали. Конечно, две авторки – Црвенковска Ристеска (2020) и Хаџиевска (2020) – во два уште поскорешни текста посочуваат кон значењето на културните артефакти поврзани со скопскиот земјотрес и со постземјотресната обнова на градот за локалното население во Скопје.

Методологија на истражувањето

Режимите на сеќавање и културната меморија за скопскиот земјотрес од 1963 година, во нашиот случај, се секундарни во однос на збирот индивидуални сведоштва и служат само како подлошка за претставувањето на личните истории на нашите сведоци и на мапираните сведоци објавени во македонските медиуми. Треба да се напомене дека личните сведоштва се присутни во јавноста веднаш по јули 1963: хрониките на Матковски (1964) и на Мадиќ (1963), на пример, содржат многу лични искуства со земјотресот, а постојат и серија снимени записи од сведоци од првите постземјотресни денови и недели што, за жал, се преместени од архивот на Музејот на град Скопје. По овие изданија, личните истории ќе бидат јавно најприсутни во македонските медиуми, главно по повод годишнините од земјотресот. Во овој контекст, треба да се истакне работата на *Вечер,* „градскиот" весник од 1963 година, чијашто редакција беше претежно заинтересирана за локалните теми од македонскиот главен град во текот на македонскиот социјализам. Па така, неретко во *Вечер* може да се прочитаат цели рубрики со критички мислења за обновата на градот. Од поскорешните примери, вреди да се споменат две иницијативи од 2013 година, или од педесетгодишнината од скопскиот земјотрес: првата, на *Утрински весник*, чијашто редакција пренесе серија интервјуа со сведоци на земјотресот во форма на фељтон по повод годишнината, и серијата интервјуа на *Окно* со експерти и со познати културно-уметнички дејци за скопскиот земјотрес и неговите последици.

Селекцијата од четириесетина лични сведоштва за земјотресот и за постземјотресната обнова на градот има за цел да понуди преглед на развојот на овој „медиумски жанр-образец за меморија" (повеќе во Garde-Hansen 2011; види ги и трудовите на оваа авторка посветени на сеќавањата на катастрофални настани) во текот на неколкуте постземјотресни децении: првите датираат од 1964 година, а последните – од 2013 година. Весниците беа анализирани во рамки на одделите за периодика на Градската библиотека „Браќа Миладиновци", НУБ „Св. Климент Охридски" и библиотеката при МАНУ. Селекцијата од лични сведоштва во македонските медиуми може да се чита на повеќе начини и, со тоа, да се ловат главните теми на говорниците, промената на овие теми низ годините, јазикот, но и новинарските интервенции и дискурси. Дијахрониското преглед, пак, овозможува и да се читаат личните сведоштва во медиумите во рамки на понудениот модел за развојот на режимите на сеќавања во однос на скопскиот земјотрес во Скопје. Иако, во идеален случај, би сакале да понудиме повеќе контекст во однос на медиумските продукции и на секој медиумски текст, сепак, форматот на оваа книга не го дозволува тоа. Конечно, се обидовме да презентираме и неколку придружни фотографии на текстовите, во оние делови во коишто сметаме дека претставуваат надополнување на пишаното сведоштво.

Вториот дел од оваа книга се однесува на интервјуата со 51 сведок на скопскиот земјотрес, на постземјотресните денови и/или обновата на градот. Овој истражувачки потфат е ексклузивен од повеќе причини: не постои база/архива на неекспертски интервјуа со скопјани, а уште помали се јавно достапните сведоштва на жени и на припадници на малцински етнички групи во однос на скопскиот земјотрес. Токму затоа, нашето истражување се обиде да ги покрие овие досегашни разлики и да понуди, освен горенаведеното, и широк обем на претставници на различни професии, локации во Скопје и неговата близина, и возрасти – најстариот информант е роден во 1930 година, а најмладиот во 1960. Сите овие разлики придонесуваат и за различни сеќавања во однос на најновата скопска историја; аспект, што, ве покануваме да го откривате сами низ интервјуата. Интервјуата беа правени во текот на септември и октомври 2021 година од страна на тројца интервјуирачи – Мартина Пенева, Калина Трајановска и Мариглен Демири – по првичните консултации и насоки за овој тип интервјуа. Интервјуата беа аудиоснимани, а секој – освен две – од информантите потпиша согласност за објавување на интервјуата. Двете информантки што не се согласија да им бидат објавени имињата се анонимизирани во понатамошниот текст. Интервјуата беа правени по стандардизиран водич за интервјуирање, но се дозволуваа и мали приспособувања според информантот/-ката. Неколку интервјуа беа преведени од албански јазик од страна на Мариглен Демири за потребите на оваа публикација.

Поконкретно, методологијата на интервјуирање што ја користевме за ова истражување беше *наративни биографски интервјуа*. Овој тип интервјуа овозможува појасен преглед на некои настани од животот на информантот/-ката, како и нивното учество, инволвираност и инвестираност во настаните. Иако различни од типичните интервјуа-усни истории – наративните биографски интервјуа се, по обичај, пократки и приспособени за социолошки анализи – го искористивме овој термин – во содржината и како име за тој сегмент од книгата – за да ја истакнеме разликата меѓу сведоштвата од медиумите и сведоштвата од интервјуата. Уште поконкретно, се базиравме на една помала школа во рамки на теоријата за наративни интервјуа – *школата на епизодични наративни интервјуа* (за преглед, види во: Mueller 2019) – со цел да добиеме појасни сведоштва за земјотресот и неколку придружни тенденции, но и можност за подобро да ги структурираме и да ги презентираме овие наоди. Во оваа насока, се надоврзуваме и на Љубица Спасковска, која заговара дискутирање на различни „хронотопи" во југословенската историја, особено при спроведување на истражувања поврзани со усни истории (2014). Па така, освен *Потресите* – којашто е доминантна категорија и соодветствува на гореспоменатите „сеќавања-светилки" – идентификувавме и категорија што се однесува на предземјотресно Скопје, и категории што се однесуваат на првите постземјотресни денови, обновата на градот, солидарноста, враќањето во градот и градот од денешна перспектива.

Библиографија

26 јули 1963 – Жртви на скопскиот земјотрес. 1963. Скопје: Центар за информации на Градското собрание на град Скопје.

Ambraseys, N.N. 1968. General characteristics of the Skopje earthquake – a summary. Во: *Proceeding of the international seminar on earthquake engineering - Skopje 1964. Held under the auspices of the Federal Government of Yugoslavia and of Unesco: Skopje, 29 September to 2 October,* 81-85. Brussels: UNESCO.

Assmann, A. 2008. Communicative and cultural memory. Во: *Cultural Memory Studies: An International and Interdisciplinary Handbook,* A. Erll & A. Nünning (ур.), 109-118. Berlin – New York: Walter de Gruyter.

Assmann, A. 2020. Cultural Memory. Во: *Social Trauma – An Interdisciplinary Textbo*k, A. Hamburger et al. (ур.), 25-36. New York: Springer.

Assmann, J. 2006. Form as a Mnemonic Device: Cultural Texts and Cultural Memory. Во: *Performing the Gospel. Orality, Memory,* R.A. Horsley et al. (ур.), 67-82. Minneapolis: Augsburg Fortress Publishers.

Assmann, J., & J. Czaplicka. 1995. Cultural Memory and Cultural Identity. *New German Critique* 65 (1): 125-133.

Brown, R., & J. Kulik. 1977. Flashbulb memories. *Cognition* 5 (1): 73-99.

Bubnov, S.A. 1968. General report. Во: *Proceeding of the international seminar on earthquake engineering - Skopje 1964. Held under the auspices of the Federal Government of Yugoslavia and of Unesco: Skopje, 29 September to 2 October*, 11-15. Brussels: UNESCO.+

Cvitković, S., & M. Kline. 2017. Skopje: Rebranding the Capital City through Architecture and Monuments to Remake the Nation Brand. *Sociologija i prostor* 55 (1): 33-53.

Drost, A. 2019. Collapse Makes Memory: An Introduction. Во: *Collapse of Memory – Memory of Collapse: Narrating Past, Presence and Future about Periods of Crisis,* A. Drost et al. (ур.), 6-26. Wien – Köln – Weimar: Böhlau Verlag.

Erll, A. 2011. Families and Memories: Continuity and Social Change. *Journal of Comparative Family Studies* 42 (3): 303-318.

Erll, A., & A. Rigney (ур.) 2009. *Mediation, Remediation and the Dynamics of Cultural Memory*. Berlin – New York: Walter de Gruyter.

Fisher, J. 1964. The Reconstruction of Skopje. *Journal of the American Institute of Planners* 30 (1): 46-48.

Fuchs, A. 2008. *Phantoms of War in Contemporary German Literature, Films and Discourse: The Politics of Memory*. London – New York: Palgrave Macmillan.

Fuchs, A. 2012. *After the Dresden Bombing: Pathways of Memory, 1945 to the Present*. London – New York: Palgrave Macmillan.

Garde-Hansen, J. 2011. *Media and Memory*. Edinburgh: Edinburgh University Press.

Gillis, J.R. 1994. Memory and Identity: The History of a Relationship. Во: *Commemorations: The Politics of National Identity,* J.R. Gillis (ур.), 3-24. Princeton: Princeton University Press.

Grizelj, J. 1982. Dragoljub Stavrev govori za NIN: Makedonija i zajedništvo. *NIN*, 21 ноември 1982.

Halbwachs, M. 1992. *On Collective Memory*. Chicago – London: University of Chicago Press.

Herold, S., B. Langer & J. Lechler (ур.) 2009. *Reading the City: Urban Space and Memory in Skopje*. Berlin: Technische Universität Berlin.

Hololčev, K., & Dj. Solovjev. 1968. The influence of the earthquake of 26 July 1963 on constructions in Skopje. Во: *Proceeding of the international seminar on earthquake engineering - Skopje 1964. Held under the auspices of the Federal Government of Yugoslavia and of Unesco: Skopje, 29 September to 2 October,* 111-122. Brussels: UNESCO.

Ivanovska Deskova, A., V. Deskov & J. Ivanovski. 2016. Inclusiveness as urban and architectural concept: The case of the post-earthquake renewal of Skopje. Во: *Inclusive / Exclusive Cities*, O. Marina & A. Armando (ур.), 152-171. Skopje: City of Skopje.

Ivanovski, J. et al. 2014. *Macedonian Pavilion: 14th International Architecture Exhibition – La Biennale di Venezia* 2014. Skopje: Youth Cultural Center – Skopje.

Janev, G. 2016. Contesting Ethnocratic Spatial Order: Narrative Spaces in Skopje. *European Quarterly of Political Attitudes and Mentalities* 5 (2): 24-35.

Kapralski, S. 2020. Memory, Space, Identity. Во: *Ausdehnung der Zeit: Die Gestaltung von Erinnerungsräumen in Geschichte, Literatur und Kunst*, F. Metzger & D. Daphinoff (ур.), 45-72. Wien – Köln – Weimar: Böhlau Verlag.

Kohlrausch, M., & S-L. Hoffmann. 2011. Introduction: Post-Catastrophic Cities. *Journal of Modern European History 9* (3): 308-313.

Kulić, V. 2017. Building the Socialist Balkans. Architecture in the Global Networks of the Cold War. *Southeast Europe* 41 (2): 95-111.

Larsen, S.F. 1988. Remembering without experiencing: Memory for reported events. Во: *Remembering reconsidered: Ecological and traditional approaches to the study of memory,* U. Neisser & E. Winograd (ур.), 326-255. Cambridge – New York: Cambridge University Press.

Lozanovska, M., & I. Martek. 2018. Skopje resurgent: The international confusions of post-earthquake planning, 1963-1967. *Planning Perspectives*: 1-17.

Margry, J., & C. Sánchez-Carretero (yp.) 2011. *Grassroots Memorials: The Politics of Memorializing Traumatic Death*. New York – Oxford: Berghahn Books.

Mijalkovic, M., & K. Urbanek. 2011. *Skopje, The World's Bastard: Architecture of the Divided City*. Klagenfurt: Wieser.

Mueller, R.A. 2019. Episodic Narrative Interview: Capturing Stories of Experience With a Methods Fusion. *International Journal of Qualitative Methods* 18 (1): 1-18.

Mujanović, M. 2019. *I zemlja se potrese: Odjek zemljotresa u Skoplju 1963. godine i Bosanskoj krajini 1969*. godine. Sarajevo: UMHIS.

Neisser, U. et al. 1996. Remembering the Earthquake: Direct Experience vs. Hearing the News. *Memory* 4 (4): 337-358.

Neisser, U., & N. Harsch. 1992. Phantom flashbulbs: False recollections of hearing the news about Challenger. Bo: *Affect and Accuracy in Recall: Studies of "flashbulb" memories,* E. Winograd & U. Neisser (yp.), 9-31. Cambridge – New York: Cambridge University Press.

Niethammer, L. 2014. Po tej stronie *floating gap*. Pamięć zbiorowa i konstrukcja tożsamości w dyskursie naukowym. Bo: *(Kon)Teksty Pamięci: Antologia*, K. Kończal (yp.), 31-52. Warszawa: Narodowe Centrum Kultury.

Nora, P. 1989. Between Memory and History: Les Lieux de Mémorie. *Representations 26*: 7-24.

Oliver-Smith, A. 2002. Theorizing Disasters: Nature, Power, and Culture. Bo: *Catastrophe & Culture: The Anthropology of Disaster*, S.M. Hoffman & A. Oliver-Smith (yp.), 23-47. Santa Fe: School of American Research Press.

Portelli, A. 1991. *The Death of Luigi Trastulli and Other Stories: Form and Meaning in Oral History*. Albany: State University of New York Press.

Rusinow, D. 1963. *Dennison Rusinow to Richard Nolte, August 15*, 1963. Писмо, Institute of Current World Affairs, DR-46.

Senior, D. 1970. *Skopje resurgent: The story of a United Nations special fund town planning project*. New York: United Nations.

Spaskovska, Lj. 2014. The Yugoslav Chronotope: Histories, Memories and the Future of Yugoslav Studies. Bo: *Debating the End of Yugoslavia*, F. Bieber, A. Galijaš & R. Archer (yp.), 241-254. Farnham – Burlington: Ashgate.

Spaskovska, Lj. 2020. Constructing the 'City of International Solidarity': Non-Aligned Internationalism, the United Nations and Visions of Development, Modernism and Solidarity, 1955-1975. Jo*urnal of World History* 31 (1): 137-163.

Stefoska, I., & D. Stojanov. 2017. A tale in stone and bronze: Old/new strategies for political mobilization in the Republic of Macedonia. *Nationalities Papers 45* (3): 356-369.

Straub, J. 2008. Psychology, Narrative, and Cultural Memory: Past and Present. Во: *Cultural Memory Studies: An International and Interdisciplinary Handbook*, A. Erll & A. Nünning (ур.), 215-228. Berlin – New York: Walter de Gruyter.

Taylor, W.M., & M.P. Levine. 2015. Investigating catastrophe: commemoration, accountability and records of disaster. *National Identities 17* (2): 105-116.

Tolic, I. 2017. Ernest Weissmann's 'World City': The Reconstruction of Skopje within the Cold War Context. *Southeastern Europe* 41 (2): 171–99.

Trajanovski, N. 2021a. The City of Solidarity's Diverse Legacies: A Framework for Interpreting the Local Memory of the 1963 Skopje Earthquake and the Post-earthquake Urban Reconstruction. *Journal of Nationalism, Memory & Language Politics* 15 (1): 30-51.

Trajanovski, N. 2021b. Zbor imaat gragjanite: The first sociological study as part of the Polish sociological expert aid to Macedonia and the post-earthquake history of interethnic relations in Skopje. *Colloquia Humanistica* (forthcoming).

Ullberg, S.B. 2015. Memory and Methodology: Translocal and Transtemporal Fieldwork in Post-Disaster Santa Fe (Argentina). Во: *Governing Disasters: Beyond Risk Culture,* S. Revet & J. Langumier (ур.), 163-190. London – New York: Palgrave Macmillan.

Ullberg, S.B. 2017. Forgetting Flooding? Post-disaster Livelihood and Embedded Remembrance in Suburban Santa Fe, Argentina. *Nature and Culture* 12 (1): 27-45.

Véron, O. 2017. Challenging Neoliberal Nationalism in Urban Space: Transgressive Practices and Spaces in Skopje. Во: *Identity, Justice and Resistance in the Neoliberal City*, G. Erdi and Y. Şentürk (ур.), 117-142. London – New York: Palgrave Macmillan.

Zátopek, A. 1968. The Skopje earthquake of 26 July 1963 and the seismicity of Macedonia. Во: *Proceeding of the international seminar on earthquake engineering - Skopje 1964. Held under the auspices of the Federal Government of Yugoslavia and of Unesco: Skopje, 29 September to 2 October,* 77-80. Brussels: UNESCO.

Димитријевски, М., Л. Ѓурковска & Е. Иванова. 2016. *До видување Скопје, до видување граду наш мил: Евакуација на децата по земјотресот во Скопје (1963-1964)*. Скопје: Паблишер.

Мадиќ, М. 1963. *Армијата и народот во разурнатото Скопје*. Београд: Народна армија.

Матковски, А. 1964. *Хроника за земјотресот во Скопје*. Скопје: Култура.

Мирчевска, К., & Љ. Јанчева. 2018. *Македонскиот феникс: Обновата и изградбата на Скопје по земјотресот од 1963 година*. Скопје: Институт за национална историја.

Наумовска, С. 2009. Скопје да биде Скопје. *Утрински весник*, 25 јули 2009.

Николовски, А. 1975. *Последиците на земјотресот во Скопје од 26 јули 1963 врз нормативното уредување на сопственоста на земјиштата и зградите*. Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј.

Ристески, Љ. 2017. Порта Македонија, од псевдокласицизам до споменик на културата, од политичка ритуализација до граѓанска демистификација. *Poznańske Studia Slawistyczne* 13: 2084-3011.

Хаџиевска, И. 2020. Културни и религиски линии на раздвојување на етничките Македонци: Симболичките поделби во два современи проекти на национална изградба. Во: *Ние наспроти другите: Симболичките поделби во Северна Македонија*, Ј. Близнаковски & П. Тодоров (ур.), 21-44. Скопје: Центар за истражување на национализмот и културата.

Црвенковска Ристеска, И. 2020. „Тито се враќа во Скопје": Заборавени сеќавања за Јосип Броз. *EthnoAntropoZoom* 20 (1): 92-128.





ЛИСТА
НА МЕДИУМСКИ ТЕКСТОВИ И ИНТЕРВЈУА

Бошко Нацовски и Јован Николовски, „Приказни од 26-то јулско утро“, *Вечер,* 25 јули 1964.

„Без солзи за загубената нога“, *Вечер*, 26 јули 1964.

Мето Георгиевски, „Луѓето, небото и земјата - плачеа“, *Вечер*, 27 јули 1964.

Зоран Доградациев и Бошко Нацовски, „Скопје, 5,17 часот 26 јули 1964 година“, *Вечер,* 27 јули 1964.

Зоран Доградациев, „Дојдовме да го прославиме нашиот прв „роденден““, *Вечер*, 28 јули 1964.

Славка Јовановиќ, „Два јулски родендена“, *Вечер*, 28-29 јули 1973.

Цветен Толев, „Првата мисла: другарите и централата“, *Вечер*, 24 јули 1976.

Ж. Смилевски, „Чест ми беше да помогнам“, *Вечер*, 26 јули 1978.

Коста Поповски, „Среќко-Андо Илиевски, 8.55 часот јули '63“, *Вечер*, 26 јули 1978.

Бошко Трпески, „Од убаво поубаво“, *Вечер*, 26 јули 1978.

Ленка Митревска, „Урнати ластовички гнезда“, *Вечер*, 14 јули 1983.

Ленка Митревска, „Плачев од радост“, *Вечер*, 23 јули 1983.

Блаже Миневски, „Овде беше еден град“, *Нова Македонија*, 25 јули 1993.

Милена Георгиевска, „Изгореа и сликите во старата пивница“, *Вечер*, 24-25 јули 1999.

Владо Ѓорчев, „Го снема родниот град“, *Вечер*, 26-27 јули 2003.

Сашо Таневски, „Херојот на денот со големо срце“, *Нова Македонија*, 27 јули 2003.

Даниела Чичевска, „Желбата да се спаси човечки живот – посилна од сè“, *Нова Македонија*, 27 јули 2003.

„И во овие времиња ни треба солидарноста“, *Вечер*, 26-27 јули 2003.

„Го курдисувал саатот на Офицерскиот дом во Скопје“, *Дневник*, 7 јули 2004.

„Скопје – 47 години по катастрофалниот земјотрес“, *A1*, 26 јули 2010.

„Холандски авион на небото, урнатини на земјата“, *Утрински весник*, 22 јули 2013.

„Ги водев Тито и Хрушчов низ разурнатите објекти“, *Утрински весник*, 23 јули 2013.

„Со зградата пропаднав во темелите, целото семејство ми загина“, *Утрински весник*, 24 јули 2013.

„Детската болница во Козле – сведок на солидарноста по земјотресот“, *Утрински весник*, 25 јули 2013.

„Гајдов: Да не задоцнеше возот, ќе загинеа најмалку 50 граѓани“, *Утрински весник*, 25 јули 2013.

Бојан Шашевски, „Луѓе, ајде да одиме во болница да дадеме крв“, *Утрински весник*, 25 јули 2013.

Катерина Богоева, „Портирот Божо е мојот јунак“, *Утрински весник*, 25 јули 2013.

Сања Момировска, „Милена, јави се, Питер има нешто да ти каже“, *Вечер*, 26 јули 2013.

Бојан Шашевски, „Кој и како го спаси Скопје од поголема катастрофа“, *Утрински весник*, 26 јули 2013.

Интервјуа

Алија Митат, роден на 20 јули 1953 година, интервјуиран од Мариглен Демири во Скопје, во октомври 2021 година.

Анонимна скопјанка, родена во 1931 година, интервјуирана од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Анонимна скопјанка, родена во 1945 година, интервјуирана од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Ахмети Хабиб, роден на 5 јануари 1943 година, интервјуиран од Мариглен Демири во Скопје, во октомври 2021 година.

Весковска Тодорка, родена на 30 јануари 1951 година, интервјуирана од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Галевски Русе, роден на 14 август 1938 година, интервјуиран од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Демировска Фатима, родена на 9 јули 1950 година, интервјуирана од Мариглен Демири во Скопје, во октомври 2021 година.

Димитров Трајко, роден на 8 август 1930 година, интервјуиран од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Димитровска Јелисавета, родена на 18 август 1952 година, интервјуирана од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Димитровски Кочо, роден на 13 март 1950 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Ѓорѓиевски Раде, роден на 15 ноември 1940 година, интервјуиран од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Ејупи Сабедин, роден на 29 јули 1956, интервјуиран од Мариглен Демири во Скопје, во септември 2021 година.

Ертунч Тахир, роден на 19 октомври 1950 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Етеми Меѓид, роден на 18 мај 1955, интервјуиран од Мариглен Демири во Скопје, во октомври 2021 година.

Зафиров Драги, роден на 29 јуни 1949 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Илиевски Велко, роден на 28 април 1945 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Исмаили Фатон, роден на 12 април 1957, интервјуиран од Мариглен Демири во Скопје, во септември 2021 година.

Јаневска Слободанка, родена на 20 септември 1951 година, интервјуирана од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Јовановски Ѓорѓи, роден на 22 март 1956, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Јосифов Таки, роден на 15 јануари 1945 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Календаровска Вера, родена на 2 август 1954 година, интервјуирана од Мартина Пенева во Скопје, во октомври 2021 година.

Кекеновски Митко, роден на 27 октомври 1951 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Кировска Милка, родена во 1948 година, интервјуирана од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Љубенова Нада, родена на 8 април 1949 година, интервјуирана од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Манев Славољуб, роден на 26 март 1952 година, интервјуиран од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Марковски Никола, роден на 2 ноември 1959, интервјуиран од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Марковски Ристо, роден на 18 јануари 1954 година, интервјуиран од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Меди Етиш К., роден на 6 јули 1941 година, интервјуиран од Мариглен Демири во Скопје, во октомври 2021 година.

Мехмети Исмаил, роден на 3 јуни 1952 година, интервјуиран од Мариглен Демири во Скопје, во октомври 2021 година.

Мехмети Ханка, родена на 1 февруари 1953 година, интервјуирана од Мариглен Демири во Скопје, во октомври 2021 година.

Миленков Борис, роден на 29 април 1948 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Младенов Борис, роден на 19 август 1941 година, интервјуиран од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Панчевски Танас, роден на 27 декември 1948 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Пеза Мустафа, роден на 5 јули 1953 година, интервјуиран од Мариглен Демири во Скопје, во септември 2021 година.

Петковска Лефтерија, родена на 29 јануари 1941 година, интервјуирана од Мартина Пенева во Скопје, во октомври 2021 година.

Петровиќ Слободан, роден на 4 јули 1944 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Поповска Вера, родена на 18 август 1952 година, интервјуирана од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Рајчевски Слободан, роден на 7 април 1948 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Рубен Емил, роден на 17 јули 1948, интервјуиран од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Симиџиева Блажевска Анастасија, родена на 23 мај 1953 година, интервјуирана од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Соколовски Љубе, роден на 6 јуни 1957 година, интервјуиран од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Стојановски Тошо, роден на 24 јули 1950 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Сулејман Адил, роден на 11 декември 1960 година, интервјуиран од Мариглен Демири во Скопје, во октомври 2021 година.

Сулејмани Белул, роден на 3 декември 1948 година, интервјуиран од Мариглен Демири во Скопје, во септември 2021 година.

Тадаси Васка, родена на 3 октомври 1953 година, интервјуирана од Мартина Пенева во Скопје, во октомври 2021 година.

Томовски Борислав, роден на 15 септември 1950 година, интервјуиран од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Трпевски Илија, роден во 1949 година, интервјуиран од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Филиповска Тодорчевска Билјана, родена на 29 октомври 1949 година, интервјуирана од Калина Трајановска во Скопје, во септември 2021 година.

Хасан Хајредин, роден на 25 октомври 1947 година, интервјуиран од Мариглен Демири во Скопје, во октомври 2021 година.

Хаџи-Димова Македонка, родена на 28 септември 1947 година, интервјуирана од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.

Шемкоска Љубица, родена на 28 септември 1951 година, интервјуирана од Мартина Пенева во Скопје, во септември 2021 година.





ЛИЧНИ ИСТОРИИ ВО МАКЕДОНСКИТЕ МЕДИУМИ

Бошко Нацовски и Јован Николовски, „Приказни од 26-то јулско утро“, *Вечер*, 25 јули 1964.

Кој веруваше дека во куќата на семејството Николов веднаш ќе згаснат десет животи? Останаа живи само оние што поранија за на работа и мајката Сирма која порани да им купи млеко на децата. Трифун, Сандре и Никола ужасот ги најде на улица. Штом се дигна облакот од прашина над градот, потрчаа кон својата куќа. Но, таму најдоа само урнатини.

- Зарем тука беше нашата куќа? А жените, децата...

Драгице, Веро, Јове, Бошко... Никој не се јавуваше.

- Ѓорѓи, Кузманчо, Видо, Љубице... Пак никој не се јавуваше.

Во молк ги расчистуваа урнатините. На раце ги вадеа мртвите тела на своите домашни.

Десет мртви тела лежеа едно до друго, а денес и толку гробови во Бутел се закитени со свежи цветови.

• • •

„Без солзи за загубената нога“, *Вечер*, 26 јули 1964.

Додека ја извлекуваа од под бетонските плочи, **Вида Николовска** не го чувствуваше недостатокот на левата нога. Само знаеше дека нешто ја боли. Но, таа болка беше попрскана со топла црвена течност што постојано бликаше. Стигна да го изговори само името на нејзиниот помал син, а потоа ги затвори очите...

Сите ја криеја од неа судбината на нејзините деца, но еден ден таа сепак разбра. Долго плачеше и не им веруваше ниту на зборовите, дури ни на својот маж! Сакаше да си дојде во Скопје.

Но – како, ногата ѝ беше неподвижна? Ги молеше лекарите да сторат сè, па дури ако треба и да ја исечат. Само што поскоро да стигне до нив – двете свои деца.

И, еве, само пред извесно време се врати. На местото каде што беше нејзината куќа и двор, сега виде празнина засадена со зелена трева. Заплака. Не можеше да ги избрише солзите, зашто со рацете се потпираше на две дрвени патерици.

• • •



БОЛКА ЗА ИЗГУБЕНОТО ЧЕДО . . .

ДВЕТЕ ПОСЛЕДНИ СЛИКИ НА МАЛАТА КАТИЦА ЦВЕТКОВИЌ

Сл. 1. Мето Георгиевски, „Луѓето, небото и земјата - плачеа“, *Вечер,* 27 јули 1964.



Сл. 2. Мето Георгиевски, „Луѓето, небото и земјата - плачеа“, *Вечер*, 27 јули 1964.

Мето Георгиевски, „Луѓето, небото и земјата - плачеа“, *Вечер*, 27 јули 1964.

Сè посилно се слушаше лелек. Меѓу две камени плочи една русокоса жена завиткана во црнина и болка тивко плачеше, загледана во далечините. Тревата околу неа беше овената, свеќите догоруваа. Од сè што денеска има оваа млада жена тоа се овие две бели камења во Бутел и двата што ги носи во градите. Едниот камен е мажот, 32-годишниот **Павле Шумејков**. Другиот ја покрил нејзината едногодишна ќерка Јасминка. Срцата на луѓето се стегаат а погледите се вртат од жената во црно.

- Те нема Јасминке. Те нема да ѝ ги подадеш рачињата на мама – шепоти испрекинато жената.

- Ве нема ни тебе ни тате. Зошто ме оставивте?

Земјата меѓу двата камена поцрне за уште една темнина. Свеќите догоруваа околу камењата додека луѓето проаѓаа вртејќи го погледот од жената во црнина...

Сине... Сине... зошто ја остави мајка? Сама мајка, сине, како црна кукавица. Како камен, сине, срце на мајка. Како цвеќе, чедо мое, без вода. Мама, сине, кошула ти донесе.

Бела, чедо, како твоето лице.

Зошто... Зошто... сине не зборуваш? Зошто молчиш, лично чедо мое...

Тага. Голема тага за момци и девојки, за мали деца и татковци. Лелекот се слушаше меѓу камењата, а болките остануваа залепени за земја. Црните шамии тагуваа, заедно со нив земјата, сонцето и луѓето...

Меѓу патеките жени и мажи со наведнати глави. Една средовечна жена со црвени очи држи табла со колачиња в раце.

- Земи сине. Син ми беше убав како тебе. Земи како да си чедо мое, земи. Мојот Перо го нема. Мајка нема кому да му меси. Земи чедо...

• • •

Зоран Дограмаџиев и Бошко Нацовски, „Скопје, 5,17 часот 26 јули 1964 година“, *Вечер*, 27 јули 1964.

Скопје, гледано од мојата тераса во зградата на „Иво Рибар - Лола“, тоа утро ми изгледаше посебно убаво – ни рече граѓанинот **Душко Јаќимовски**.

Малку подзапре, се замисли и тивко продолжи:

- Не знам што ме влечеше да се пробудам толку рано и во 5,10 часот да гледам од терасата на улицата, која туку што беше завршена. Претходната вечер имаше многу шетачи. Ја гледав улицата и бев радосен зашто е нова и измиена...

Погледот му стана малку поматен:

- Но, одеднаш сликата затрепери. И кога само за неколку мига со семејството се најдов надвор од зградата сè беше изменето... Хотелот „Македонија“ беше сиот во прав. Луѓето кои само се надѕираа, некои до половина покриени, викаа и пискаа. Потрчавме во тој правец.

По мала пауза како да се растрезни, се насмевна и продолжи:

- Сега сè ми е како и порано. И ова утро одам да купам млеко, леб и друго. Веќе нова визија го истиснува тешкото и болното. Го гледам Скопје како постепено со силите на градителите го менува својот лик. Го гледам и среќен сум што сè повеќе овозможува убав и удобен живот за оние кои се тука и оние што ќе дојдат...

• • •



МИГОВИ НА ГОДИШНИНАТА

СКОПЈЕ, 5,17 ЧАСОТ 26 ЈУЛИ 1964 ГОДИНА

Скопје 4 часот 26 јули 1964 година. Градот е, речиси пуст. Само понекаде некоја цистерна ги мие улиците, кои за неколку часа ќе бидат исполнети со движење и врева. Прите граѓани со кошници и торби во рацете излегуваат од своите домови брзајќи да се снабдат со дневните потреби. Писокот на локомотивата го најавува пристигнувањето на некој воз.

■ Улиците постепено оживуваат... Неколку, утро како и секое друго. Но сега утро со сината ведро небо и јулско сонце во зенитот на секој секојдневец беше едно посебно секавање — сеќавање на нешто што ќе остане за еден мал момчиња судбина и судбината на целиот град беше изменета: Колку ни граѓаните плоштад не сетаа гулабите, кога писокот на локомотивите ги најавуваше пристигнувањето на нови возови, кога трудбениците не стигнаа во своите работни места. Ко-

СКОПЈЕ БЕШЕ ПОСЕБНО УБАВО ТОА УТРО, НО ОДЕДНАШ...

Скопје, гледано од мојата тераса во зградата на „Нов Рибар — Лола", тоа утро ми изгледаше посебно убаво — ни рече граѓанинот Душко Јакимовски.

■ Малку подзапре, се замисли и тивко продолжи:

— Не знам што ме влечеше да се пробудам толку рано и во 5.10 часот да гледам од терасата на улицата, кој Ја тука што беше завршена. Претходната вечер имаше многу шетачи. Сé беше убаво и живо. Јà гледав улицата и бев радосен зашто е нова и изменета...

■ Погледот му стана малку помрачен:

— Но, одеднаш сликата затрепери. И кога само за неколку мига со сето своје битие се најдов надвор од зградата

СЛАВКО ЖРЖЕЛ, ТЕОФАНА МИШИЌ, ЃОРЃИ ИЛИЕВСКИ, СОФИЈАНКА НАЦЕВА И ДУШКО ЈАКИМОВСКИ

— Могте сеќавања и очекувања?

— Токму за тоа размислував. Страотно беше во тоа утро да се гледа судбината на луѓето. А јас бев со тоа соочен бидејќи живеам во центарот на градот. Мајките исплашени ги бараа своите деца, децата ги бараа мајките – насекаде се слушаа плачења и пискотници... Но, ова веќе почнува да се заборава и јас нерадо се сеќавам. Затоа малку чудно ми беше кога синоќа некои велеа дека нема да спијат дома или дека ноќта ќе ја поминат во кафеана...

- Јас засекогаш ќе останам во Скопје иако по потекло сум од Војводина. Знаете, тука имам пријатели и блиски и се чувствувам најдобро, а и децата ми учат овде. Скопје постојано се менува и станува сè подобар град за живеење. Полека болката се заборава, а луѓето се сè посреќни...

Сл. 3. „Славко Жржељ, Теофана Мишиќ, Ѓорѓи Илиевски, Софијанка Нацева и Душко Јакимовски". Од: Зоран Доградиев и Бошко Нацовски, „Скопје, 5,17 часот 26 јули 1964 година", *Вечер,* 27 јули 1964.

Малку подолу, во главната улица, го сретнавме и пензионираниот капетан **Саво Жежељ**, кој замислено чекореше по улицата.

- Моите сеќавања и очекувања?

- Токму за тоа размислував. Страотно беше во тоа утро да се гледа судбината на луѓето. А јас бев со тоа соочен бидејќи живеам во центарот на градот. Мајките исплашени ги бараа своите деца, децата ги бараа мајките – насекаде се слушаа плачења и пискотници... Но, ова веќе почнува да се заборава и јас нерадо се сеќавам. Затоа малку чудно ми беше кога синоќа некои велеа дека нема да спијат дома или дека ноќта ќе ја поминат во кафеана...

- Јас засекогаш ќе останам во Скопје иако по потекло сум од Војводина. Знаете, тука имам пријатели и блиски и се чувствувам најдобро, а и децата ми учат овде. Скопје постојано се менува и станува сè подобар град за живеење. Полека болката се заборава, а луѓето се сè посреќни...

• • •

Точно 5,17 часот. На плоштадот спроти хотелот „Македонија“ стариот службеник **Новко Бошњаковски** како и секое утро чека да се отвори млекарницата**:**

- Тоа е мојата семејна должност, да купувам млеко, ни рече кога му се обративме.

- Тоа утро, пред една година, бев само околу сто метри одовде. Ене таму, кај паркчето – ни покажа. Почувствував силен татнеж и тресок под нозете. Видов како паѓаат хотелот „Македонија“ и домот на ЈНА. Сè беше завиено во прав... Ова утро излегов како и секогаш – по млеко. Го гледам градот и размислувам за она утро.

• • •

- Овој датум засекогаш ќе ме потсетува на најлошото, зошто во него пред една година изгубив мили и блиски – со тажна насмевка ни рече идната студентка **Теофана Шимиќ**.

- Туку што завршив гимназија и катастрофата ја зацврсти во мене желбата да студирам архитектура. Сакам еден ден и јас да помогнам за враќањето на убавината на овој град

– да биде поголем и подобар за живеење од оној што стихијата го разурна. А Скопје секако ќе биде тоа.

• • •

Ѓорѓи Илиевски, советник во СИС, го сретнавме пред хотелот „Турист“.

- За минатиот јули подобро не ме прашувајте. Доволно ќе биде ако ви кажам дека живеев на улица „Иво Рибар - Лола“ број 35. Во Скопје не сум бил веќе 10 месеци и кога вчера го разгледував, а особено новоградските населби, бев навистина вчудоневиден. За толку малку време многу е сторено, што веројатно е единствениот случај во светот.

- Скопје во иднината мора да биде убав град, зашто тоа е плод на меѓународната солидарност. Навистина ќе се појавуваат проблеми, кои и сега се бројни. Но, сето тоа ќе се преодолее и ќе се постигне конечната цел за што е заинтересирана целата светска јавност.

• • •

Додека минутите полека минуваа, ја сретнавме и девојката **Софијанка Нацева,** градежен техничар.



НАШИОТ СОРАБОТНИК ВО РАЗГОВОР СО АЛДО И ЛИЛИ САНДБЕРГ ВО ХОТЕЛОТ „ТУРИСТ“

Сл. 4. „Нашиот соработник во разговор со Алдо и Лили Сандберг во хотелот Турист“. Од: Зоран Доградиев, „Дојдовме да го прославиме нашиот прв „роденден““, *Вечер*, 28 јули 1964.

- Непријатно се чувствувам ова утро – ни рече. Иако болката стивнува и раните се залечуваат, спомените нè потсетуваат на едно утро, кое донесе само ужас и страв.

- Но, нема да помине долго време, сметам дека сè уште ќе бидам млада – се насмевна, кога Скопје ќе стане навистина убав град со широки улици, нови згради, зеленило, убава архитектура и многу места и можности за културно-забавен живот...

• • •

Зоран Доградиев, „Дојдовме да го прославиме нашиот прв „роденден““, *Вечер*, 28 јули 1964.

Алдо и **Лили Сандберг** од Копенхаген кои се спасија од под урнатините на хотелот „Македонија“ дојдоа во Скопје на денот од нивното второ родување...

- Нешто силно нè влечеше повторно да дојдеме во Скопје година дена по земјотресот и тука, всушност, да го прославиме првиот роденден на нашето второ родување. Зашто кога на 26 јули минатата година се извлековме од под урнатините на хотелот „Македонија“ ни се чинеше дека сме воскреснале од мртвите – ова уште од вратата ни го рече данската брачна двојка Алдо и Лили Сандберг од Копенхаген, кога вчера ги посетивме во хотелот „Турист“.

И мислите се враќаат преплавувајќи го мозокот со сеќавања на моментите кога земјата се заниша и кога се најдоа измешани со бетонските плочи, правот, а околу нив насекаде – пискотници на луѓе...

- Таа ноќ спиевме во хотелот „Македонија“ на вториот кат. Јас во едниот, а жената во другиот крај на собата – замислено ни раскажуваше средновечниот Алдо Сандберг. Одеднаш ѕидовите почнаа да се тресат и само за неколку мига почувствував како сè се урива со силен татнеж... Не знам како, но се најдов покрај жената. Една плоча ми ја притискаше половината и чувствував силна болка. Секаде наоколу се слушаа пискотници и плачења...

- Беше многу загушливо и одвај дишевме. Не знам што мислев во првите моменти. Дали некој авион се урнал и удрив во зградата или пак нешто друго? Но, немав многу време да размислувам за ова, сепак, на земјотрес воопшто и не мислев.

- Жената ми се наоѓаше малку пред мене. И двајцата мислевме дека сè е свршено и си рековме „збогум“. Тие зборови никогаш нема да ги заборавам.

- Но, тогаш Лили ми ја стисна раката посилно: „Алдо, гледам светлина!“ Надежта ни се врати... Лили почна да лази кон светлината, а јас со голем напор успеав некако да се ослободам од бетонот кој ме притискаше. Напредувавме полека и не знам колку време лазевме, ниту пак колку вкупно се наоѓавме под урнатините.

- Кога дојдовме до крајот Лили прва се извлече, а потоа и јас. Можевме да одиме. Жена ми беше само малку изгребана, но јас чувствував силна болка над половината. Луѓето, кои ни помогнаа да се извлечеме, кога нè видоа како се појавуваме од под урнатините, ни дадоа нешто да се нагрнеме.

Малку подзапре, а потоа продолжи со насмевка:



ДОЦЕНТ Д-Р АНТИК. — НЕМА ПОБОГАТО ДОЖИВУВАЊЕ ОД ТОА КОГА СЕ РАГА НОВ ЖИВОТ

ВЕРА ВИДЕВСКА, АКУШЕРКА. — РАГАЊЕТО НА СУЗАНА БЕШЕ РАДОСТ И ЗА МЕНЕ

Сл. 5. „Доцент д-р Антиќ и Вера Видевска, акушерка“. Од: Славка Јовановиќ, „Два јулски роденденa“, *Вечер*, 28-29 јули 1973.

- Дури подоцна, кога се средивме, видовме колку среќа сме имале. Од вториот кат да се најдеме на површината на земјата со бето и цигли над нас – и да се спасиме!?

- Немавме ништо со нас за облека. Да не ја сретневме љубезната девојка Станка Илиевска која ни помогна да се облечеме и да се снајдеме не знам што би правеле. И сега многу би сакале да ја најдеме и да ѝ се заблагодариме. Ѝ пишувавме на адресата што ни ја остави, но писмата ни се враќаа...

- Скопје го напуштивме идниот ден и заминавме за Белград, но без колата која исто така беше под урнатините. Подоцна нашите војници, кои работеа во Скопје, ни ја донесоа кога се вратија. Од Белград веднаш им се јавивме на нашите во Копенхаген, зашто во еден дански весник излезе фотографијата на регистарскиот број на нашата кола и моравме сите да ги известиме дека сме здрави и живи...

• • •

Славка Јовановиќ, „Два јулски роденденa“, *Вечер*, 28-29 јули 1973.

На 26 јули годинава, **Сузана Крстевска**, првото дете што се роди кусо по катастрофалниот земјотрес што го снајде нашиот град, наполни 10 години. На истиот ден и доцентот на Гинеколошко-акушерската клиника при Медицинскиот факултет во Скопје – д-р **Милорад Антиќ** има роденден. Тој наполни 47 години.

Ова би можело да биде случајна коинциденција, зашто на денот кога Скопје го погоди големата трагедија многумина имаат роденден. Но, овој пат случајноста изостанува. Д-р Антиќ и малата Сузана имаат нешто заедничко. Тој е човекот кој со помош на малубројна екипа, на 26 јули 1963 година, само два часа по земјотресниот уривачки татнеж, го донесе на свет првото новороденче.

- Денот кога Сузана дојде на свет тешко се заборава. А и не треба да се заборави, од пиетет за оние на кои тоа утро им донесе крај на животот. Самиот земјотрес го доживеав дома. Бев сам; жена ми и ќерка ми беа во Словенија. Претрпев голем страв. Не знаев што, всушност, се случува. За среќа, брзо се созедов. Брзо заминав кај родителите за да видам што се случило со нив, а кога дознав дека се живи, првата мисла ми беше да заминам во клиниката. Во тој момент местото ми беше само таму. Така веќе околу 7 часот се најдов пред Гинеколошката клиника и веднаш се вклучив во работата за која наголемо се зафатиле моите колеги и медицинскиот персонал кој ја мина ноќта во дежурство – сега смирено раскажува доцентот д-р Антиќ.
- Првиот впечаток беше дека сите добро се снашле. Мајките стоеја во дворот со бебињата во рацете, а родилките очекуваа да бидат евакуирани. Мене и денес ме восхитува големата присебност и пожртвуваност на сите мои колеги, медицински сестри и помошниот персонал. Мислам дека во тој неочекуван момент се направило максимално можното. Ако некој рече дека би требало нешто повеќе да се направи, тогаш не би знаел да кажам што е тоа повеќе и како би изгледало. Сите пациентки беа смирени, секоја го доби своето дете, не е забележан случај на скокање од прозорец, некој хистеричен напад или психоза. А тоа е атмосфера во која брзо може да се продолжи со работата.
- Првата родилка дојде во импровизираната ординација, сместена во паркот, меѓу нашата клиника и хируршката. Таа се состоеше од еден отоман и неколку најпотребни медицински помагала. Уште на првиот рутински преглед констатирав дека жената наскоро ќе се породи. Беше возбудена, уплашена, потресена од страотниот настан во градот, а истовремено и од сознанието дека ќе стане мајка

во навистина необични, ненормални услови. Таа беше прворотка во седмиот месец на бременоста и самиот тој факт беше доволен да внесе вознемиреност. Мислам дека јас како лекар требаше да вложам повеќе напор за да ја смирам неа отколку за многуте интервенции околу породувањето.

- А во клиниката вриеше како во кошница. Тука беа сите болни, отпорано сместени во клиниките, нивните роднини и пријатели, ранетите од земјотресот, труповите на непознатите... Тоа беше невиден хаос во кој мораше да се работи, за да се изведе на пат нов живот. Затоа велам дека ние гинеколозите, посебно акушерите, сме поинакви од другите лекари. Ние ги радуваме луѓето, помагаме да се родат нови животи, внесуваме ведрина речиси во секој дом. Така се случи и тогаш. Само два-три часа по катастрофата, ние помогнавме едно семејство и покрај сè неизмерно да се зарадува. Првиот плач на Сузана многу ни значеше на сите. Тоа беше поттик за натамошно совладување на тешкотиите, еден вид симбол на она што треба да дојде по тешкотијата што се преживеа.

• • •

Вида Видевска, акушерка, со 15-годишна практика, ноќта спроти земјотресот, била дежурна. И таа има сè уште свежи спомени за денот кога во паркот крај Гинеколошката клиника се слушна плачот на првото новороденче по земјотресот.

- Претходната ноќ беше релативно мирна. Последното породување беше околу 23 часот, така што во породилното одделение владееше невообичаен мир. Инаку, како што е познато, децата најчесто се раѓаат ноќе и многу нетрпеливи татковци одвај ја чекаат зората за да ја слушнат радосната вест. Тоа утро, според распоредот на дежурството, вршев редовна обиколка на породилките. Моментот беше тежок и ми требаше повеќе време да ги смирам мајките. Со другите колешки од дежурната екипа, иако без претходен договор, некако спонтано, почнавме да ги симнуваме долу сите пациентки и да им ги даваме децата на доење. Иако зградата беше многу оштетена, јас повеќе пати влегував внатре за да донесам некој инструмент, помагало... На брзина импровизиравме ординација и кога пристигна првата пациентка, заедно со д-р Антиќ, се најдов крај „боксот“.

- Јас сум жена и мајка, па знам какво доживување е породувањето, уште ако е во такви услови како што беше по земјотресот. Затоа настојував што е можно повеќе да ѝ помогнам на мајката на Сузана. Детето беше недоносено, породувањето карлично, така што требаше многу да се внимава. Меѓутоа, за кусо време, побрзо отколку што очекувавме, бебето ја здогледа светлината на тој спарен ден и го испушти првиот плач. Беше многу малечко, околу 1.800 грама и беше потребно веднаш да



Сл. 6. Цветен Толев, „Првата мисла: другарите и централата“, *Вечер*, 24 јули 1976.

се стави во инкубатор. Но, него во моментот го немавме и моравме директно да му вдишуваме кислород. Брзо потоа симнавме во дворот и инкубатор. Малечката, во својата прва „лулка“, беше евакуирана во Ниш со првата група пациенти.

- Во тие тешки моменти на многу пациентки повеќе им беше потребен благ збор, отколку некоја медицинска терапија. Бев многу зафатена и воопшто не почувствував дека сум на работа непрекинато повеќе од 36 часови. Заминав со еден од првите камиони со евакуираните трудници и родилки, а тој пат до Ниш беше посебен напор. Повеќето од родилките беа многу вознемирени од настаните што се случуваа, така што одвај успеав „да ја сопрам“ една родилка да се породи во камионот. Возачот на камионот, во таа општа мешаница што владееше на патот кон Куманово и северно кон Лесковац и Ниш, возеше така брзо, што за малку повеќе од еден час веќе бевме во Нишката болница. Таму беше сместена и мајката на Сузана, сè додека не ја мина редовната седумдневна постпородилна терапија.

• • •

Цветен Толев, „Првата мисла: другарите и централата“, *Вечер*, 24 јули 1976.

Што се случуваше и како изгледаше пожарот во скопската пошта? Огнената стихија не ги исплаши Стево Џартов, Драги Петровиќ, Љутвија Хашимбеговиќ, Војислав Петровиќ, Киро Анастасов, Данко Тодоровски и другите, туку напротив нивната прва мисла беше како да се спаси централата, компјутерите и другарите.

(...)

- Зошто да пишувате токму за мене? И други го гаснеа пожарот, ни рече инженер **Стево Џартов**. Тоа ми беше и обврска. Во моментот кога се појави пожарот, се наоѓав во транзитната централа „Метаконта 10 Ц“ што се наоѓа на вториот кат. Во еден момент тишината ја наруши силно викање: Пожар! Пожар! Веднаш стрчав долу, му реков на портирот да ја исклучи струјата и да ги повика противпожарникарите, а јас потрчав по скалите. Прескокнував по неколку (...) Стигнав на вториот кат – вели Џартов. – Таму неколкумина веќе ги имаа земено апаратите за гасење и го гаснеа пожарот. Им се придружив. Видов како гори каналот за климатизација и каблите што водеа до централата. На третиот кат, над централата гореше сè. Густ чад пробиваше насекаде. Никој не можеше да се пробие. Се обидов неколкупати, но и јас не успеав. Затоа, останавме да ја заштитуваме централата.

• • •

Драган Петровиќ, техничар во „Искра“ кој работи на инсталирањето на централата додава:

- Зошто не им кажеш дека турна и еден ѕид.

- Знаете, вели Драган, кога Џартов виде дека огнот се шири и го зафаќа ѕидот кон централата, турна еден дел од ѕидот за да го прекине патот на огинот. Ако тоа не го стореше можеби ќе настрадаше и централата која чини 80 милиони динари.

- Добро, вели Џартов. – Кога почна да зборуваш кажи нешто и за себе. И ти не стоеше со скрстени раце.

- Па и јас се наоѓав на вториот кат – продолжи Драган – сите гасневме со апарати. Но, огинот молневито се шириле. Слушав дека некои веќе трчаат надолу по скалите. Мислев дека не е време за повлекување. Останав да гаснам. Најважно ми беше огнот да не ја зафати централата. Но, се излагав. Огнот толку брзо напредуваше што за кусо време сè наоколу гореше и избиваше црн отровен чад. Почнав да кашлам и да се задушувам. Не сакав да ги отворам прозорците, зашто знам ако влезе воздух кислородот уште повеќе ќе го разгори огинот. Кога не можев да издржам почнав да ги отворам прозорците. Некои, од високата температура беа искривени и не се отвораа. Морав да го кршам стаклото. Се обидував да гаснам со песок, зашто не знаев дали е исклучена струјата и не смеев да го вклучам хидрантот. Некој ми довикна да го земам цревото. Струјата била исклучена. Меѓутоа, чадот ме задушуваше. Немав гас-маска... Но, пожарникарите веќе стигнаа, а потоа беше полесно.

• • •

Ни го спомнаа и **Киро Анастасов**, техничкиот администратор.

- Во тој момент се наоѓав кај монтерите во приземјето. Веднаш почнавме да гасиме. Кога го изгаснавме пожарот во приземјето, веднаш помислив на луѓето. Можеби има некој на погорните катови. Потрчавме горе и влегувавме во сите канцеларии. Луѓе немаше. Сите се наоѓаа онаму каде што имаше огин. Стаклата на прозорците пукаа, а јас со штицата не можев да го скршам. Металот се топеше. Насекаде густ црн чад. Не знам што ме тераше толку да трчам.

Малку се замисли и додаде:

- Сепак мислам дека тоа беа колегите.

• • •

Ж. Смилевски, „Чест ми беше да помогнам“, *Вечер*, 26 јули 1978.

На 5 август, само 11 дена по земјотресот, понесен од вербата и силата на солидарноста, инж. арх. **Жива Ѓорѓевиќ** напиша поема за Скопје под наслов „Живее и ќе живее пак со живот свој“.

(...)

- Во Скопје дојдов два-три дена по катастрофата и состојбата во која градот се наоѓаше на мене остави тежок впечаток. Глетката на разурнати куќи, улици и прашината која се чувствуваше насекаде нема никогаш да ја заборавам. Тешко ми беше да ги гледам луѓето без свои домови, раштркани низ парковите и плоштадот, но сепак, најтешко ми паѓаше стравот кој се гледаше во нивните очи, стравот од она што го поминале и од она што би можело да дојде.

- Од друга страна – продолжи Жива Ѓорѓевиќ – мошне пријатно ме изненади големото, самоиницијативно и масовно снаоѓање на органите на безбедноста, општествено-политичките организации и институции. Сите тие мошне брзо, речиси во еден миг, откако помина првата опасност, мошне добро се снајдоа и организирано дејствуваа, така што успеаја, колку што тоа беше можно во тој момент, да го нормализираат животот, да продолжи Скопје да живее и во тие ненормални услови. За мене, како партизан и револуционер, мошне импресивен беше сиот тој живот кој се одвиваше под шаторите, под трските или под ведрото небо, и сега, кога ќе се присетам на тоа можам со сигурност да тврдам дека, специјално денес, тоа што се случуваше во Скопје, во поглед на самоиницијативното снаоѓање на институциите и органите на безбедноста, во потполност ѝ одговараа на современата концепција на општонародната одбрана.

- Би сакал само уште еднаш да подвлечам дека според она колку што јас знам, никаде меѓународната солидарност не дошла во толкав израз како во тие денови во Скопје, што за мене претставуваше нешто величествено и што секој пат го истакнувам и подвлекувам. Знам дека името на еден град не може да се промени но, токму поради таа солидарност и безрезервна помош која Скопје ја имаше тие денови, името на Скопје стана синоним за Град на солидарноста и тоа е она најубавото од тие тешки денови за овој град и неговите жители.

• • •



СРЕККО-АНДО СО СВОЈАТА СЕСТРИЧКА ТАЊА И НЕГОВИТЕ
РОДИТЕЛИ АНГЕЛИНА И ЦВЕТАН ИЛИЕВСКИ

Сл. 7. „Срећко-Андо со својата сестричка Тања и неговите родители Ангелина и Цветан Илиевски“. Од: Коста Поповски, „Срећко-Андо Илиевски, 8.55 часот јули ’63“, *Вечер*, 26 јули 1978.

Коста Поповски, „Срећко-Андо Илиевски, 8.55 часот јули '63“, *Вечер*, 26 јули 1978.

Седиме на терасата, **Сеќко** е до мене. Се роди на 26 јули 1963 година. Во 8.55 часот. Во пеколното скопско утро кога земјата „прозбори“ со смртта. Седат до мене петнаесет цели изминати години од тоа стравично утро. Седи растежот на градот. Големината на човекот од светот. Зборувам со него. Со солидарноста на светот. Тоа, момчето, го слуша раскажувањето на **Ангелина Илиевска**, неговата мајка и мојата соговорничка, за тоа стравично утро.

- Го носев во себе детево, вели Ангелина и го гали Срећко по косата. Спиев со лесен сон, во кујната. Имав породилни болки. Ја очекував првата рожба. Утрото на 26 јули '63 почна да се ниша нашата куќа. Мислев дека тоа е од новопоставената електрична линија во куќата. Куќата „шеташе“. Ѕидот до мене се урна. За влакно не загинав. Правот што потоа се створи околу мене ќе ме задушеше. Породилните болки растеа. Почнав да викам помош. Дојдоа моите. Кога мојот татко виде дека дојде времето да родам, појде во соседството по телефон да повика Брза помош. Земјата се тресеше. Кобната вест дојде побрзо од птица. Скопје е завеано во смрт. Земјотрес од голема јачина. Од најголема. Секакви врски со Скопје беа прекинати. Ние од центарот на Скопје живееме дванаесетина километри. Маж ми беше на работа во градот. Само татко ми можеше да ме спаси од болката. Се реши со трчање да појде до болницата во градот. На шеесет години! Да го спаси и чедото и внучето. По три часа дојде тој заедно со екипа лекари – со камион! Во отворен камион. До мене беше човекот во бело. Скопје се тресеше кога стигнавме во болницата на Медицинскиот факултет. Ме сместија во шатор. До мене беа уште седум-осум жени. Кругот на болницата наликуваше на полска воена болница. Ранети, мртви... Ужас. Плач. На новородени и штотуку неумрени. Плач за загинатите родители, деца, пријатели, познати, другари. Земјотресот живееше во мене...

- Се разбудив околу 12 часот. До мене слушнав здрав плач на машко. Тоа е моето дете, – си реков. Новиот живот по смртта што се надви над Скопје. Плачев. И од радост и од тага. За рожбата. За загинатите. Дојде човекот во бело. Молчаливо ми ја стегна раката. Го галеше гологлавото дете. – Го крстивме, – рече. – Се вика Срећко! Како спомен и за оние што преживеаја и за оние што останаа под урнатините. Пуштив солза и заспав. Од замор. Од радост. Од тага. До мене спиеше Срећко. На 27 јули '63 се разбудив. Дојде наредба родилките од мојот шатор да отпатуваат во Гостивар. На носилки нè префрлија во отворен камион. Сонцето печеше. Како покрив над нашите и над главите на новороденчињата ни послужија обични весници. Двајца луѓе во бело нè придружуваа по пат. Го препознав човекот што ми помагаше за време на раѓањето на Срећко. Ниту тогаш ниту сега не знам како се вика.

-Во Гостиварската болница останавме еден ден. Дојде наредба. Жените-родилки од шаторот во Скопје да бидат префрлени во Тетово. Се префрливме во Тетово. Останавме еден ден. Во убаво наместената соба дојде од некаде глас дека на 29 јули ќе биде уште еден голем земјотрес! Се исплашив. Моите ништо не знаеја за мене. Каде сум? Дали сум жива? Што е со детето? Јас ништо не знаев за моите. Со една родилка се договоривме да ја напуштиме болницата. Боси! Само со децата во прегратка, излеговме на улица. До Скопје се возевме во џип. Војниците што беа во возилото не зборуваа наш јазик. Ни даваа чоколадо и млеко. Стигнавме во Скопје. Околу нас беше сè разурнато. На зградите видовме зелени, жолти и црвени линии. Луѓето трчаа. Плачеа. Се гушкаа. Копаа. Бревтеше секој камион. Луѓето зборуваа на различни јазици. Во Скопје дојде цел свет. Завивачките сирени на автомобилите бараа пат да се спаси некој живот. Пред болницата на Медицинскиот факултет го забележав мојот маж Цветан. Го прегрна детето. Јас бев боса. Јадев леб и сирење. Гледав разурнати куќи. Стакло расфрлано по тротоарите. Полегнати луѓе пред шатори. Земјата се стресуваше под моите нозе. По дрвјата висеа некролози. Огласи. Секој жив го бараше загубениот роднина. Родител. Пријател. Пред нас застана натоварен камион со урнатини и возачот не поведе во нашиот дом. Таму не пречека семејниот кум. Рече: на детето му дадовме име Андо. Ние и денес го ословуваме – Среќко. Некако ова име ни е многу помило. Денес имам уште и девојче, се вика Тања. Има 12 години.

• • •

Бошко Трпески, „Од убаво поубаво“, *Вечер*, 26 јули 1978.

Во една од тие бавчи [во Тафталиџе II, н.з.], со своите внучиња се разонодуваше **Елена Атанасова.** Тука живее веќе четиринаесет години. Вели: – „што сакаме повеќе“, поголем број од нас ги купивме бараките. Ги адаптираме внатре и надвор, ги прошируваме според потребите, а ги има и такви кои градат цела куќа одново.

Значи не беа доволни?

- Напротив, јас не би ја менила ниту за четворособен стан, но времето минува, сè се менува, а и нашето семејство се зголемува, и до колку можеме, зошто да не ја прошириме и куќата.

Како ја добивте бараката?

- Живеевме на улицата „Ленински комсомол“, веднаш зад Домот на ЈНА. Куќата наполно беше урната. Нè сместија во шатори во Градскиот парк. Цела зима минавме



ЕЛЕНА АНАСТАСОВА СО ВНУЧИЊАТА СОЊА И ЕЛЕНОРА

Сл. 8. „Елена Анастасова со внучињата Соња и Елеонора“. Од: Бошко Трпески, „Од убаво поубаво“, *Вечер*, 26 јули 1978.

под шатор. А, тогаш, се сеќавам како да е денес, зимата беше лута. Постојано врнеше снег, а ние под шатор. Вардарската долина понекогаш знае да изненади со мраз и снег. Веќе, пролетта, април месец ни рекоа да се вселиме во бараката. Бевме многу среќни. Животот го почнавме од почеток. Така по некоја година ја купивме и бараката – со кредит што ни го одобри банката за настраданите од земјотресот. За сегашново Скопје, што би рекла. Ни самата не можам да го препознам – и да ви речам искрено би сум се загубила, токму на местото каде што живеев долго време. Поубаво не може да биде. Никогаш не верував дека за толку брзо време може да се роди еден ваков град. Понекогаш размислувам дали сето тоа е возможно. Си велам, да не ме лажат очите. Но, тоа е вистина. Многу ми е жал, што многу скопјани настрадаа во земјотресот и не можат да го видат нивниот град. Да ја видат оваа убавина.

• • •

Во населбата „Бутел I“ го сретнавме седумдесетипетгодишниот **Димитар Сиев**. Нè покани во неговата барака. А, неговата бабичка, како што ја вика тој, нè послужи со слатко.

- Не ме прашувајте за деновите што ги минав по земјотресот. Не сакам да се присеќам на тоа. Да зборуваме за денешно Скопје. За овој град во кој е вткаена солидарноста на целиот народ од светот – вели Димитар. Роден сум во Егејска Македонија. Во Скопје за време на земјотресот бев сам. Семејството ми беше во Солун. Но, кога разбраа за земјотресот, дојдоа во Скопје, и еве оттогаш живеам повторно со мојата бабичка и ќерката. Синовите ни се во Солун. Но, да ви речам доаѓаат почесто. Не можат да се изнашетаат низ градот. Ги интересира сè. Велат дека Скопје е најубавиот град на Балканот.

• • •

- Скопје е најмладиот и најубав град во земјата – вели **Тоде Христовски** од населбата „Сингелиќ“.

-Во првите денови по земјотресот беше тешко за живеење. Не верував дека ќе издржиме. Но, ете победивме. Би рекол: ја совладавме најголемата стихија на природата. Се докажа јачината и издржливоста на човекот. Тој е посилен и од природата. Што би рекол за денешно Скопје? Не знам и самиот. Потребни се многу денови да разговараме, а сепак да не кажеме ништо. Градот секојдневно се менува. Станува сè поубав и поубав. Објектите никнуваат како печурки по дожд. Таков е нашиот град.

• • •

Ленка Митревска, „Урнати ластовички гнезда“, *Вечер*, 14 јули 1983.

- Згрижувањето на децата почна пет дена по катастрофата, се сеќава **Елена Кировска**, тогаш воспитувач во градинката „Братство“ (под шатори). Нашата градинка беше обележана со жолта и црвена боја. Но, децата не можеа да престојуваат во празни шатори. Иако серијата земјотреси сè уште не беше сосема прекината, изнесовме сè што ни беше потребно. Играчките ги донесовме во дворот. Ни беше најважно да не ја прекинеме детската игра, зашто играјќи помалку ја чувствуваа несреќата. До ноември заврши реконструирањето на градинките. Се вратија и децата, на кои им беше пружена топлина во одморалиштата и домови ширум нашава братска заедница. Враќајќи се во своите катчиња, полека ги забораваа ужасните глетки и тажачките што ги слушаа со денови. Одново се слушаа песнички, но овој пат посиромашни за по некои гласче...

• • •

Ленка Митревска, „Плачев од радост“, *Вечер*, 23 јули 1983.

На првата годишнина од катастрофалниот земјотрес, Скопје го доби симболот на солидарноста – **Солидарко Георгиевски**, роден на 26 јули 1964 година, точно во 5,20 часот. По двете ќерки – син. Таткото **Благоја** тој ден беше пресреќен.

- Само што им ја соопштив радосната вест на домашните, се врати со идеја: „Одејќи по улица решив: синов ќе го крстиме Солидарко!“ – смеејќи се, се сеќава мајката **Вида**. Да бидам искрена, се изненадив. Очекував да го каже името на неговиот татко, како што најчесто бидува кај нас.

Дваесетгодишниот Солидарко, црномурно, весело момче, тукушто матурира во ЕМУЦ „Никола Тесла“. Наесен ќе биде војник. Неговата главна карактеристика е другарувањето. Колку последново има врска со името? – го прашавме.

- Можеби има врска, или поточно сите од мене очекуваат да бидам голем другар, секогаш солидарен, а јас сум свесен за тоа. Имам многу, другари – се смее Солидарко, кого другарите најчесто го викаат Соли, а домашните Дарко.


ИМАМ МНОГУ ДРУГАРИ. —
СОЛИДАРКО ГЕОРГИЕВСКИ

Сл. 9. „Имам многу другари – Солидарко Георгиевски“. Од: Ленка Митревска, „Плачев од радост“, *Вечер*, 23 јули 1983.

• • •

Блаже Миневски, „Овде беше еден град“, *Нова Македонија*, 25 јули 1993.

Една од зградите што целосно беше уништена беше и хотелот „Македонија“. Во тој хотел, кој беше најрепрезентативен објект во градот, загинаа поголем број странски туристи. Еден од гостите кои успеаја да ја победат смртта беше и **Војо Жегарац.**

- Земјотресот ме затекна на спиење во собата 329 на третиот кат. По првиот удар веднаш ги отворив очите и успеав само да видам како следниот миг целиот таван паѓа врз мене. Ги ставив рацете врз лицето и чинам дека тоа многу ми помогна. Вториот потрес беше посилен. Тогаш врз мојот кревет падна ѕидот што гледаше кон Плоштадот. Бев затрупан, но сè уште не бев сосема притиснат. Во таква состојба се



Сл. 10. „Хотелот Македонија до 5 часот и 17 минути на 26 јули 1963 година и неколку мигови потоа". Од: Блаже Миневски, „Овде беше еден град", *Нова Македонија,* 25 јули 1993.

наоѓав сè до осум часот кога спасувачката екипа ме извади од урнатините. Иако бев доста повреден на спасувачите им реков дека во собата веднаш до мене има цело семејство странски туристи. Чинам дека беа маж, жена и две деца. Едно време додека бев затрупан слушав како тропаат на ѕидот, но подоцна тропањето престана. Кога спасувачите стигнаа до нив веќе беше доцна.

• • •

Младите брачни другари **Владо** и **Живка Петковски** под урнатините останале 33 часа, а беа спасени без никаква гребнатинка.

- Бетонската плоча која ни го спаси животот се наоѓаше само десеттина сантиметри над нашите глави. Не бевме во состојба да преземеме ништо за да се спасиме. Не ни остануваше ништо друго освен да чекаме помош однадвор. Кога ги чувме ударите на крамповите многу се охрабривме, а кога до нас допре светлост бевме сигурни дека ќе останеме живи.

• • •

Весниците ја објавуваат и приказната на шеесетипетгодишната **Перса Стефанова.**

- По првиот потрес не знам и самата како се најдов надвор од куќата. Во паниката што ме зафати во првиот миг не бев свесна дека тригодишното дете од ќерка ми се наоѓа само внатре. Брзо се вратив во куќата и откако влегов во собата каде што спиеше внукот, земјата повторно се затресе и за миг се најдов затрупана над детето. Го растргнав малтерот и видов дека детето е живо. Еден час копав и фрлав тули со рацете и дури околу осум часот чув гласови и веќе знаев дека се спасивме. Комшиите го пробија ѕидот на кујната и бевме изнесени надвор.

• • •

Милена Георгиевска, „Изгореа и сликите во старата пивница“, *Вечер*, 24-25 јули 1999.

Еден од сведоците на скопската катастрофа кој веднаш се вклучи во организацијата за помош на настрадaните, беше и проф. д-р **Никола Георгиевски**, тогашен републички секретар во Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика, кој воедно беше и потпретседател на Црвениот крст на Македонија. Сега тој е пензионер и живее во Торонто (Канада), но многу добро се сеќава на сè она што неговите сограѓани го доживеаја утрото на 26 јули во далечната 1963 година.

- Само еден ден пред земјотресот се вратив од Данска и Холандија каде бевме на одмор со мојата сопруга, вели проф. д-р Георгиевски. Така опуштен, воопшто не се посомневав дека нешто лошо може да се случи веќе наредното утро. Мојата сопруга по враќањето од Холандија се задржа во Загреб кај родителите. Нашите три деца на возраст од 12, 8 и 2 години кои беа во Скопје, неколку часови пред земјотресот ги испратив со нивната тетка со воз во Загреб. Тоа беше чиста среќа што така испадна, барем тие да не ги доживеат последиците од земјотресот. Штотуку заспав, веќе утрината го почувствував првиот удар во 5,17 часот. Излегов надвор, а потоа следеше уште еден удар. Бидејќи мојата куќа беше во непосредна близина на Заводот за народно здравје се качив по скалите на зградата и го видов целиот град во насока на Железничката станица во огромен прав и сфатив дека се работи за земјотрес. Отидов до главните згради на болницата кои некако го издржаа ударот и со група лекари веднаш почнавме да пружаме прва помош. Во зградата на Извршниот совет претседателот Кемал Сејфула почна да организира група за водење на оперативните работи во паркот пред Собранието, се сеќава д-р Георгиевски.



САМО ШТО СЕ ВРАТИВ ОД СТРАНСТВО–ЗЕМЈОТРЕС.

Сл. 11. „Само што се вратив од странство - земјотрес“. Од: Милена Георгиевска, „Изгореа и сликите во старата пивница“, *Вечер,* 24-25 јули 1999.

(...)

- Покрај медицинската и друг вид помош во разурнатото Скопје пристигна поддршка и во кадри. Од Словенија дојдоа проф. д-р Берцељ и инженер Марко Булц, а од Белград во Скопје долго време работеа магистрите Влаховиќ и Матиќ. Подоцна најголемиот дел од грижата ја презема штабот на град Скопје на чело со претседателот Благој Попов. Во Црвениот крст на Македонија во тоа време работеа Димче Зографски и Мара Минанева. Се работеше буквално по 24 часа, па работите полека се стабилизираа, а со помошта од странство почнаа да се подигаат нови монтажни домови на местата

на разурнатите живеалишта на скопјани. За оние кои го доживеаја земјотресот, тоа страотно случување остави темна дамка во нивните животи. Градот сега изгледа како никогаш да не доживеал таква катастрофа, но таа на 26 јули пред 36 години сепак се случи.

• • •

Владо Ѓорчев, „Го снема родниот град“, *Вечер*, 26-27 јули 2003.

„Страв ми е да помислам што можеше да се случи ако не ја исклучев струјата неколку мига по земјотресот“, ја почнува својата приказна **Велин Јорданов**, кој на 26 јули 1963 година во 5 часот и 17 минути бил на своето работно место во тогашен „Електро-пренос“. Прво се запали женската гимназија, а жиците кои беа паднати на земјата можеа дополнително да ја зголемат катастрофата со човечки загуби, продолжува Велин, загледувајќи се во сега модерната трафостаница подигната на местото на старата на само неколку метри од неговиот дом.

- Во тоа време дежуравме по 12 часа. Јас со мојот колега Максим Стојановиќ, бевме на смена од 18 часот претходниот ден до 6 часот наутро. Трафостаницата беше на неколку километри од Скопје, но од нејзиниот покрив се гледаа повисоките згради. Некаде околу 5 часот, пишувајќи во тефтерот за работа, се помрдна бирото и ми падна на земја. Ми привлече внимание звук како да работи булдожер. Нејсе, по неколку минути имаше уште неколку потреси до тој кобен 5 часот и 17 минути кога веќе ни беше јасно дека се случил земјотрес, објаснува Велин.

Веднаш со колегата се качиле на покривот. Глетката застрашувачка. Само прашина и чад. Повисокотие катови од зградите не се гледаат.

- Прво што ми падна на ум е тоа дека треба веднаш да ја исклучам струјата за да не дојде до опожарување на објектите. Се стрчав во делот кај прекинувачот и ја исклучив. За неколку минути се јавија од Косово каде беше големата централа преку која ни праќаа електрична енергија. Ме прашаа зошто не примаме струја, а јас веднаш на одговорниот му реков да не ни помислува да ја насочи електричната енергија во Скопје зашто градот веќе го нема. Земјотрес, извикав!

Скопје струја немало четири до пет дена кога повторно била вклучена. Следната година Велин Јорданов добива признание за најхуман човек за изминатата година во рамките на тогашна Југославија. Бил примен и од претседателот на СФРЈ, Јосип Броз-Тито. Годинава, пак, од Советот на Градот доби признание за спасувањето на Скопје.



Сл. 12. „Велин Јорданов, тогашен вработен во Електро-пренос, што ќе се случеше ако не ја исклучевме струјата“. Од: Владо Ѓорчев, „Го снема родниот град“, *Вечер,* 26-27 јули 2003.

- Сакам да му се заблагодарам на скопскиот градоначалник Ристо Пенов за признанието. Ќе бев посреќен ако и мојот колега кој сега е починат добиеше иста награда. Како и да е само да не се повтори, завршува Велин Јорданов кој сега на 67 години живее пензионерски живот.

• • •

- Мајка ми се фрли врз внуката, а покривот и падна на нејзиниот грб. Детето плачеше. Не знаевме дали е од страв или од повреда, се присетува **Велика** која пред четириесет години на денешен ден била ученичка.

- Во куќата која ни беше во близина на старото училиште „Гоце Делчев“, што исто така се урна во земјотресот, бевме повеќемина. Со моите сестри, нивните деца и мајка ми. Осетивме некаков потрес. Но мал беше. Само ни го расипа сонот. За неколку мига се случи големото тресење. Мајка ми спиеше до детето кое имаше неколку месеци. Подоцна раскажуваше дека во тој момент не ѝ било битно ништо, а првата помисла, да го спаси детето. Кога стана видовме дека не е повредена. Среќа покривот беше од некаков полесен материјал. Не провери сите и заедно излеговме надвор. Чинам дека вечерта и следниот ден имаше повеќе од стотина потреси, си споменува Велика.

Биле преселени на скопското Кале каде живееле под шатори. За цело семејство еден поголем шатор. Без санитарии, без струја, со малку вода.

- Скоро 40 дена живеевме надвор. Готвевме на оган. Се перевме со вода од Вардар, а пиевме од цистерни кои почнаа да носат вода дури по неколку дена. Се храневме со јајца во прав од некои хуманитарни организации на на кои сме им многу благодарни затоа што да не беа тие ќе немавме што да јадеме. Тешки беа деновите надвор, но тоа беше. Да не се повтори, посакува Велика.

• • •

- Кога дојдов на 27 јули утрото, што да видам?! Урнатини, чад, пискотници, лелеци, раскажува **Душко Маџовски**, 63-годишен пензионер, кој во моментот на земјотресот бил на студентска работна акција во Смедерево. Уште истиот ден тргнавме за Скопје. Нашата бригада „Мите Богоевски“, со 120 бригадири сите од Скопје, се вративме во родниот град. А тој веќе не постоеше. Од прашината не можевме да си ги препознаеме домовите. Насекаде лелеци, тела. Возилата на брза помош постојано свиреа. Тие беа и единствените што се движеа низ градот, со насолзени очи раскажува Душко.

Биле сместени на отворен простор кај сегашната Воена болцина. Првата задача им била да им помагаат на вработените во „Бутел“ да ги погребаат загинатите.

- На температура од 40 степени целзиусови првото нешто што го работевме беше да ископаме долги ровови каде ќе се погребуваат загинатите. Неколку дена копавме со раце додека не дојде механизацијата. Ги погребуваа во чаршави и без обреди. Таков беше моментот. Болен и за нас и за нивните семејства, вели Душко.

Подоцна работеле на расчистување на урнатините и извлекување на повредените или загинатите лица. Сè до почетокот на обновата на старото и растот на новото Скопје.

- Расчистувањето мораше да се врши што побрзо. Сè уште постоеше шанси за преживеани под урнатините. Немавме време да чекаме механизација. Со голи раце вадевме камени блокови. Граѓаните, пак, како никогаш дотогаш беа солидарни. Се формираа штабови. Си помагаа меѓу себе. Првите зборови кога ќе се сретневме со некого беа „Како сте? Дали сте живи и здрави?“. Еден месец работевме на расчистувањето на урнатините. Имаше за среќа под нив и преживеани. Радоста на лицата на семејствата не може да се опише. Со нив се радувавме и ние, објаснува Душко.

• • •

Полиција насекаде. Не може секој да влезе во Градот. Една недела тешкиот воздух, со прав и јад не може да се спушти на земјата.

- Ми беше страв да се вратам во Скопје. Не знаев што да очекувам. Ни рекоа само дека имало силен земјотрес и треба да се вратиме и да им помогнеме на граѓаните. Цел ден патувавме. Кога стигнавме првото нешто што ми зазуи во ушите беше сирената на итната помош. Лелеците. Работевме денонoќно. Да не му треба никогаш повеќе ваква помош на Скопје, раскажува **Томе Зузаревски**, кој исто така на 26 јули бил на работна акција во Белград.

• • •

Утрото на 26 јули, наместо со музика и кревање на знамето, како што вообичаено нè будеа, во собата дојдоа воспитувачите и ни кажаа дека во Скопје имало силен земјотрес, раскажува Славчо, кој тоа време бил на летување во одморалиштето на Црвениот крст во Струга.

Тие денови требаше да ни заврши смената и да се вратиме во Скопје, но тоа не се случи. Бидејќи речиси сите бевме на возраст од околу десетина години, ништо не ни беше јасно и воопшто не бевме свесни што било, а за трагедијата разбравме дури по дваесетина дена кога се вративме „дома“ и кога ги забележавме урнатините. Одморот ни го продолжија. Наредните денови со родителите контактиравме преку Радио Скопје. Тие директно се вклучуваа во програмата и така дознававме дека се живи и здрави. Во сеќавањето за периодот поминат во Струга, сè уште ги чувам лицата на стружани, кои постојано ни приоѓаа и со нежност ни зборуваа. Ни носеа чоколади, бонбони. Речиси не постоеше продавач кој немаше да ни даде нешто кога ќе влезевме во неговата продавница. За трагедијата станав свесен дури кога дојдов во Скопје и кога забележав дека мојот дом е заменет со шатор. Но, по десетина дена поминати во разурнатото Скопје, нè испратија на уште едно летување, но овој пат во Медуљин, на Јадранското море. Потоа следуваше периодот кога почна новата

учебна година и кога наместо во старите училишта учевме под шатори. Од тој постземјотресен период уште се сеќавам и на пакетите со помош, што ги добивавме од секаде и кои беа полни со храна, облека, па ние дури меѓусебно и се „натпреварувавме“ чиј пакет е побогат.

• • •

Сашо Таневски, „Херојот на денот со големо срце“, *Нова Македонија*, 27 јули 2003.

Лазар М. Дракул, писател, долгогодишен новинар и фоторепортер на „Илустрована Политика“, сведок и учесник во спасувањето на граѓаните кои во првиот момент по земјотресот на 26 јули 1963 година се затекнаа под урнатините.

На таа трагедија најлошо беше што во градот немаше многу млади луѓе што можеа да помогнат по првиот удар. Тогаш ретко кој одеше во Охрид, Преспа или Дојран, туку повеќето одеа по селата и по градовите во внатрешноста. Во тој период сè уште беа живи селата. Скопје тогаш беше пусто и празно. Во градот останаа само тие што немаа каде да одат. Еден од нив бев и јас. Живеев на улицата Орце Николов. Во 1962 година се случи поплавата, а пролетта 1963 година Скопје го погоди слаб земјотрес од кој паднаа оџаците на многу куќи. Но, тој земјотрес бргу го заборавивме бидејќи поплавата предизвика поплавување на приземјата на објектите и зимата и пролетта сите беа ангажирани со сушење на душемињата и покуќнината што скапуваше од водата, така што многу не му придадовме важност на тој знак. Ден пред катастрофалниот земјотрес, ништо не навестуваше дека ќе се случи најголемата трагедија на нашиот знак.

Првиот знак кај мене се јави околу 4 часот наутро. Имено, во блиското соседство имаше едно врзано куче кое постојано лаеше, обидувајќи се дури да го скине синџирот со кој беше врзано. Тоа ми беше малку невообичаено, зошто дотогаш кучето никогаш не беше агресивно. Излегов во дворот да проверам што се случува, мислејќи дека можеби е некој крадец. Не забележав ништо чудно и се вратив дома во својот кревет. По некое време почнав да слушам некакво удирање од подот проследено со силна бучава. Бидејќи живеев на приземје брзо истрчав надвор, но не можев да се движам бидејќи земјата се брануваше. Земјотрес! Од нашиот ред куќите останаа целосни, но од спротива, бидејќи беа сè новоградби во приватна режија, во ист момент, по целата должина од раскрсницата со сегашниот булевар Свети Климент Охридски, до раскрсницата со Ленинова, куќите се уриваа како кула од карти. Она што беше приземје отиде во визбите. Тука доста кумуваше лошата и нестручна градба, како и импровизираните надградби. Таа страна на улицата Орце Николов сега беше во шут и прав. Најгрозно нешто во тој момент беа пискотниците за помош што доаѓаа речиси од сите страни. Откога се крена правот, не можевме да им поверуваме на очите. Веднаш почнавме со вадење

на приклештените и затрупани луѓе, но не знаевме каде попрво да почнеме. Токму тогаш почувствував колку ни недостасуваат другарите, кои тогаш не беа во Скопје. Се собравме околу пет-шест души и почнавме да вадиме кај оние што мислевме дека најмногу им е потребна нашата помош. Навистина беа грозни сцените, кога мислејќи дека сме дошле до некој човек, во нашите раце остануваа откинати екстремитети од човечки тела. Се протнувавме меѓу плочите долу, обидувајќи се да допреме до оние што упорно ја бараа нашата помош. Правот ни навлегуваше во носот, во устата, но тоа не нè запираше. Работевме со раце, механички, без да размислуваме дали некоја плоча може да нè приклешти бидејќи тлото во Скопје уште долго по земјотресот не мируваше. Немаше ниту пречка ниту, пак, страв, за да нè поколеба. Тогаш сфатив дека мораме сами меѓу себе да си пружиме помош. Тие што можевме да ги извадиме ги вадевме надвор и доколку беа живи, им пружавме помош, додека мртвите ги стававме настрана и ги покривавме. Во тој момент целото маало ечеше од пискотници. После неполн час од ударот дојде војската од Куманово и ни се придружи во спасувањето. Со нив беше еден старешина Пере, не му го помнам презимето, кој буквално не знаеше да запре. Се протнуваше под плочите, копаше, ги вадеше циглите. Најлошо беше што можеше сè да се урне и нас да нè затрупа, но во тие моменти воопшто на тоа не мислевме. Кога дојде војската добивме некаква сигурност, некаква поткрепа дека не сме сами. По неколку часови почнаа со камиони да доаѓаат доброволци од Прилеп, Тетово, Куманово и Велес. Проблем беше што и тие беа голораки, бевме без механизација. Дотогаш немавме видено булдожер. Прекината беше и струјата и водата. Војската со староседелците го понесе целиот товар на спасувањето. Така беше некаде до пладнето. Кога се смрачи беше воведен полициски час и моравме да чекаме да се раздени за да продолжиме со спасувањето. Никој не можеше да спие бидејќи постојано се случуваа потреси. Веќе третиот ден војската почна подобро да се организира и да го одалечува цивилното население од урнатините. Граѓаните можеа да ги следат работите околу спасувањето, но директно не учествуваа. Тоа беше направено од безбедносни причини. На просторот каде што денес се наоѓа Градското собрание се наоѓаше најголемото прифатилиште за оние што останаа без покрив над главата. Таму беа подигнати големи шатори со броеви, а целиот комплекс беше осветлен, имаше кујна и импровизирани легла. Почнавме да добиваме млеко и леб ставени во големи кошеви во огромни количини од секаде.

Вториот ден Скопје го посети и Јосип Броз Тито. Тоа ни даде посебен елан во работата. Мојата средба со Тито се случи на самиот агол на улицата Орце Николов со булеварот Свети Климент Охридски. Јас и мојот, сега покоен пријател Диме, излегувавме од визбата на куќата на аголот, со едно седумгодишно дете кому ногата му беше здробена. Му бевме префрлиле еден чаршаф преку телото, бидејќи детето ја минало ноќта приклештено меѓу бетонот, заедно со неговите родители кои беа мртви. Кога почнавме да се симнуваме од купот шут што беше останат од урнатата куќа, неколку чекори пред да стапнеме на улицата, од кај тогашната Женска гимназија наиде една голема колона луѓе, некоја делегација на која воопшто не ѝ придадовме важност. Си велиме, сеирџии, делегации, немаат попаметна

работа... Размислувајќи така, симнувајќи се и држејќи го детето во моите раце, од толпата слушнав дека некој подвикнува.

- Станите другови! Едно време луѓето подзастанаа и од колоната се одвои двајца. Како наближуваа кон нас забележав дека тоа беше Тито со неговиот аѓутант.

- Живо ли е детето? – ме запраша.

- Да, другар Тито! – му одговорив. Тогаш и детето почна да се буди и да мрда по малку.

- А неговите живи ли се? – повторно запраша Тито.

Во тој момент зборовите што сакав да му ги кажам се претвори во солзи што капнаа врз лицето на детето. Тито се сврте и на аѓутантот му рече да го земе малечкото. Ја стави неговата рака на моето рамо и на рамото на Диме и гордо ни рече:

- Вие сте херои на денот. Горд сум што имам волку силна и свесна младина!

Сето тоа врз нас остави силен впечаток.

Животот во прифатилиштата под шатори почна да се одвива, колку-толку, нормално. Секоја средба меѓу луѓето започнуваше со прашањето дали сите се живи, а потоа сè друго.

По извесно време пристигна голема единица од СССР, носејќи со себе и огромна механизација. Русите започнаа со расчистувањето на урнатините кај поранешниот плоштад Слобода, вадејќи тула по тула од купиштата. Граѓаните не го разбираа нивниот механизам на работа, сметајќи дека така се губи драгоцено време. Но, на овој начин, од под урнатините беа извлечени уште преживеани.

Исклучително силен впечаток ни остави и средбата со тогашниот претседател на СССР Никита Хрушчов. Стоев на неврзан муабет со управникот на прифатилиштето во Градскиот парк. Одеднаш пред нас излезе автомобил, без никаква најава, ниту, пак, обезбедување и од него излезе Никита Хрушчов.

- Здравствујте товариши? Како сте?

Во првиот момент останавме стаписани од лидерот на најголемата држава на светот, но брзо се соземавме и му одговоривме дека сме добро. Тој нè одмери, малку се насмевмна и ни рече да го придружуваме во неговата посета на прифатилиштето. Хрушчов уште еднаш дојде во Скопје, но подоцна беше сменет од својата функција.

• • •



Сл. 13. „Павле Сребреновски“. Од: Даниела Чичевска, „Желбата да се спаси човечки живот – посилна од сè“, *Нова Македонија*, 27 јули 2003

Даниела Чичевска, „Желбата да се спаси човечки живот – посилна од сè“, *Нова Македонија*, 27 јули 2003.

Тоа црно петочно утро како и секое претходно, во 5 часот и 10 минути, од мојот дом во Ѓорче Петров со велосипед тргнав кон продавницата „Центро унион“ каде работев како продавач. На среде пат наеднаш почувствував силна бучава и во еден момент земјата започна силно да се тресе. Насекаде околу мене како кули од карти паѓаа згради, се слушаа врисоци и лелеци и само за неколку минути улицата беше преполна со жени, мажи, деца кои немо гледаа како во еден миг во неповрат исчезнува сè она што со години го создавале, ја започнува својата приказна шеесет и двегодишниот **Павле Сребреновски**.

Кога стигнав до продавницата, која беше делумно оштетена, продолжува тој, и откако видов дека газдата е жив, веднаш се упатив до зградата лоцирана до тогашната народна милиција „Карпош“ која беше срамнета со земја. Започнав да копам по урнатините, и за брзо време под бетонските столбови успеав да спасам едно четири годишно девојче. Иако облеан во крв од многуте исечници кои ги здобив при пробивањето под урнатините, не запрев, бидејќи желбата да се спаси човечки живот беше посилна од сè. Веднаш потоа под бетонските столбови слушнав женски глас кој молеше за помош. Заедно со неколкумина успеавме да го расчистиме просторот и под урнатините извлековме една жена, нејзиниот сопруг и ќерката. Полусвесна и целата во крв жената постојано повторуваше „спасете го

син ми Марко", се присетува Сребреновски. Во тој момент почнав да копам длабоко под урнатините и наидов на телото на Марко кој не даваше никакви знаци на живот. Некако успеав да го извлечам и откако го положив на земја почнав да му давам вештачко дишење. По неколку минути се освести, а тој момент ми се чини беше најсреќен во мојот живот. Потоа неговите родители дојдоа, ми се заблагодарија, ми даваа дури и пари меѓутоа јас не ги примив бидејќи спасувањето на човечки животи го правев со срце и душа, а не поради некоја материјална корист. Мојата борба за спасување на нечиј живот траеше пет дена. Од утро до вечер копав под урнатините со надеж дека ќе најдам уште некоја жена, маж, дете кои сè уште се борат за живот, и за тој период успеав да спасам 12 човечки животи, со гордост ќе изјави Сребреновски. Наредната година, додава тој, се преселив во Австралија каде веќе четири години живееа моите родители, но тагата, носталгијата за Скопје остана. Сочувствувајќи со семејствата чии најблиски загинаа во катастрофалниот земјотрес на моето заминување од земјата оставив три плати кои беа поделени на најзагрозените.

Големата храброст и хуманост на овој во тоа време млад човек не остана незабележана. За своето несебично жртвување и спасувањето на 12 човечки животи доби признание од станицата на народната милиција „Карпош" а тогашниот претседател на СФРЈ, Јосип Броз Тито го одликуваше со орден за заслуги.

• • •

„И во овие времиња ни треба солидарноста",
Вечер, 26-27 јули 2003.

Град без град не е град. Без детска смеа, трчањето по сокаците, плачот од ситните повреди настанати со паѓањето од тротинетите или велосипедот. Такво беше Скопје по земјотресот, затоа што сите деца колективно ги испратија на одмор по тогашните југословенски и домашни одморалишта и летувалишта, се присетува **Драгољуб Ставрев** кој во 1963 година е потпретседател на Собранието на Град Скопје, а од 1969 до 1974 и претседател на главниот град на Македонија.

(...)

- Се присетувам на плачот на децата, мајките што ги изгубиле своите чеда, за загинатите сестри, браќа, родители. Чадот и прашината што неколку дена не можеше да се спушти на земја. Но, со гордост се сеќавам на солидарноста, самоорганизираноста на скопјани, како и на сите луѓе од целиот свет кој постојано нудеа материјална и морална помош.

(...)

- Имаше и млади луѓе кои на тоа жешко сонце денонoќно работеа на расчистување на урнатините. Некои од нив и се онесвестуваа, но ги загрижувавме и по даденатa лекарска нега веднаш продолжуваа со работата. Скопје тие денови беше мртов град. Се слушаа само лелеци и плач. Нема да заборавам дека првата песна во градот ја донесоа бригадирите, си споменува Ставрев.

• • •

„Го курдисувал саатот на Офицерскиот дом во Скопје“, *Дневник*, 7 јули 2004.

Милан Ѓорѓиев е единствениот саатчија во Скопје што се грижел за работењето на часовникот на некогашниот Офицерски дом и последниот што го навил пред катастрофалниот земјотрес во 1963 година, кога часовникот престанал да отчукува. Четири години, Ѓорѓиев секој ден го навивал часовникот, го поправал и се грижел за точното време во градот.

- Часовникот беше од германско потекло и се гледаше од сите четири страни на Скопје. Тој беше еден од главните симболи на градот. Требаше да се навива на секои 24 часа, зашто теговите со секое отчукување на саатот се спуштаа надолу и, ако ја допреа земјата, часовникот престануваше да работи. Секој ден за мене беше трка со времето. По земјотресот, «мојот другар» беше целосно уништен и го однесоа во привремениот Дом на ЈНА во населбата Аеродром. Трката со времето запре, а дел од мојот живот исчезна во урнатините на Офицерскиот дом - носталгично раскажува тој.

• • •

„Скопје – 47 години по катастрофалниот земјотрес“, *А1,* 26 јули 2010.

Скопјанката славна и во светот, **Есма Реџепова**, пеела и плачела на урнатините.

- Треба да почне животот и понатаму и испеавме концерти, луѓе трчаа кон центарот, кон рушевините. Есма и ансамблот Теодосиевски одржа концерт и почнавме потоа по сите пунктови каде беа луѓето сместени; сме пееле и за тие кои дошле во тоа време да помагаат на Скопје од целиот свет.

(...)

- Јас го сакам Скопје, дали е валкан, дали е чист, тоа е мој град, си го сакам многу.

• • •

„Холандски авион на небото, урнатини на земјата“, *Утрински весник*, 22 јули 2013.

Прв од новинарите и меѓу првите известувачи за катастрофалниот земјотрес е и познатиот дописник на „Политика“ **Јован Поповски**. Со помош на еден од службениците на Поштата, кој преку бандера воспоставил врска со белградска „Политика“, тој ја соопштил веста за катастрофата. Како искусен новинар и одличен познавач на Скопје, Поповски вака драматично го опишува своето прво јавување:

- Од другата страна на жицата беше Рушка, секретарката од редакцијата на „Политика“. Ја слушав како извика и ја пушти слушалката: „Другари, Поповски е жив“. Врската беше воспоставена. Но, што да јавам? Тогаш видов дека дури немам ни бележник, иако на директорот на весникот му реков: „Овде е голема катастрофа, ајде да издадеме вонредно издание“. Тој ме праша дали имам напишано извештај. „Се разбира, имам“, го излажав. Но, сепак почнав да го диктирам извештајот. Во тој миг не верував дека можам да напишам некој текст што ќе им се допадне. Не, катастрофата беше толку многу голема, впечатоците толку многу, а шокот толку силен, што не бев способен да го опишам сето тоа. Во главата чувствував кошмар... Да бидам искрен, застанав и заплакав како дете. Но, никој не се осврнуваше на моите солзи. Таков беше денот.

• • •

„Ги водев Тито и Хрушчов низ разурнатите објекти“, *Утрински весник*, 23 јули 2013.

За катастрофата сведочи **Благоја Арсовски**, пензионер, градежен инженер.

Во 1962 година изградив нова куќа на крајот од улицата „Орце Николов“, во близина на Електро-техничкиот факултет и истата година со семејството се вселивме во неа. Живеевме мирно сè до тоа кобно утро на 26 јули 1963 година. По силната бучава и страшниот прв силен удар, го слушнав гласот на жена ми како ми вели: „Станувај, Благоја, куќата паѓа“. Истрчавме сите надвор и требаше долго време да се свестиме што се случува.

Иако оштетена, куќата не се урна. Јас бев дипломиран градежен инженер, но се специјализирав за сеизмологија и сеизмичката стабилност на градбите. Подоцна, се упатив кон центарот на градот каде што ситуацијата беше многу потешка. Таму се случи трагедија со еден мој колега, Илија Петковски, и со неговото семејство, кој исто така беше инженер-

сеизмолог. Имено, тој живееше во воената зграда на денешниот булевар „Климент Охридски“, наспроти стариот Поштенски дом, во близина на денешната бензинска пумпа.

Таа зграда беше една од најнастраданите во земјотресот. Неговата жена беше почината покрај прозорецот, поклопена со бетонот од натпрозорникот, ќерката исто така беше почината, а мојот колега беше скокнал од катот и загинал. Пред тоа се одиграла една страшна драма со неговиот син. Тој сакал да го спушти долу, држејќи го за рачето, но претходно ги алармирал луѓето кои се обидувале да помогнат. Детето било пречекано во рацете на спасителите, и така преживеало. Овој булевар беше посебно погоден од катаклизмата, заедно со главните улици, „Орце Николов“, „Ленинова“ и „Илинденска“.

Кога претседателот Тито и Никита Хрушчов дојдоа во Скопје по земјотресот, јас ги водев како стручно лице од Третата армиска област, во обиколка на воените објекти кои беа разурнати. Покрај тоа, ја посетивме и најнастраданата зграда во земјотресот во населбата Карпош, со број 13. Се сеќавам како Тито и Хрушчов, видно возбудени, им изразуваа сочуство на присутните за нивните загинати во катастрофата.

• • •

„Со зградата пропаднав во темелите, целото семејство ми загина“, *Утрински весник*, 24 јули 2013.

Пензионерот **Љупчо Попов** сведочи за катастрофалниот земјотрес што успеал да го преживее. Живеел на четврти кат во нова зграда кај Универзална сала.

Мојот татко беше свештеник, тој почина во 1959 година. Останавме да живееме со мајка ми, сестра ми Ружа со синчето Владо, и брат ми Јован, кој беше помлад од мене. Другата сестра Драгица, со ќеркичката Бети живееше посебно, со сопругот Цеве. Сестра ми Ружа, која работеше како наставничка по француски јазик во училиштето „11 Октомври“, зеде кредит и со материјална помош од мајка ми, уплативме стан во новата зграда која се градеше на улицата „29 Ноември“ број 46, во близина на денешната Универзална сала. Зградата ја ѕидаше приватен претприемач.

Во новата зграда се вселивме еден месец пред скопскиот земјотрес од 26 јули 1963 година, на четвртиот кат. Никој од нас не можеше ниту да претпостави каква трагедија ќе ни се случи, и колку таа зграда, која не била солидно градена, ќе биде фатална за нас. Вечерта, на 25 јули, сестра ми Драгица со ќеркичката и зетот Цеве шетале во Градскиот парк, и навратија во новиот стан кај нас на гости. Бидејќи се задржаа долго, сестра ми со ќерката останаа да спијат кај нас, а зетот Цеве замина, за ние да бидеме покомотни бидејќи бевме повеќемина.

Изутрината, ме разбуди страотен удар од земјотресот, напрвин вертикален, а потоа хоризонтален. Зградата како да е од хартија пропадна во темелите, а јас се струполив заедно со неа. Бидејќи зградата се изместила од силата на ударите, главната плоча не паѓала надолу вертикално, туку под кос агол. Тој агол ме спасил, бидејќи се создал празен простор меѓу ѕидот и креветот на кој спиев. Но, затоа, таа фатална плоча, како што паѓаше надолу, покоси сè под себе. Можете да замислите колкава е височината на зградата од пет ката. По земјотресот, останаа само купишта урнатини, не повисоки од два метра. Кога паднав се најдов во горниот дел од урнатините и со натчовечки сили успав да излезам на површината. Бев полесно повреден и имав проблеми со дишењето. За жал, целото мое семејство загина во урнатините. Тоа беше ужасна трагедија која не може со ништо да се опише, и чија црна слика на смртта до ден денес ме прогонува.

• • •

„Детската болница во Козле – сведок на солидарноста по земјотресот“, *Утрински весник*, 25 јули 2013.

Единствениот жив сведок и учесник во настаните по катастрофата во здравствената установа е 86-годишниот прим. д-р **Михаил Шумковски**. Педијатарот се присетува за формирањето на [Специјалната детска, н.з.] болницата во 1952 година. Основоположник бил докторот Климентије Милошевиќ во време кога туберкулозата во детската возраст била сериозен проблем (речиси непосредно по Втората светска војна), во услови на голем недостиг од стручни медицински кадри.

(...)

- Ѕидовите на болницата се распукаа до таа мера што стана неупотреблива, но за среќа не настрада ниту едно дете. Болните деца беа евакуирани во Врањска Бања. И тогаш настана нова фаза во животот на болницата, раскажува Шумковски, потенцирајќи дека њујоркчанецот Вили Хајнеберг, директор на мултинационална тутунска компанија, донирал 80 милиони динари.

(...)

- Органи на хуманитарни организации од Норвешка, откако се информираа дека детската болница за туберкулоза е практично без свој дом, дојдоа и понудија да ја изградат болницата со капацитет од 120 кревети. Набргу потоа пристигнаа и шведски хуманитарци со свој предлог за објект со идентични 120 кревети. Бевме пресрекни зошто токму капацитет од 240 кревети беше и реалната потреба на болницата.

• • •

„Гајдов: Да не задоцнеше возот, ќе загинеа најмалку 50 граѓани“, *Утрински весник*, 25 јули 2013.

Покривите во фабриката „Карпош“ во Ѓорче Петров беа дрвени. За време на земјотресот паднаа скоро сите покриви, во сите производствени погони. Прилично беше оштетена и најголемата хала, таканаречената „Центрифуга“... Меѓутоа, тој ден доцнеше возот што ги носеше работниците од Радуша.

Да не доцнеше половина час, ќе загинеа најмалку 50 луѓе кои ја опслужуваа „Центрифуга“. Потресите од земјотресот завршија во моментот кога работниците пристигнаа на влезната врата од објектот, вели **Благој Гајдов**, градежен инженер, бивши шеф во фабриката „Карпош“.

По земјотресот, откако ги расчистиле паднатите покриви и уништените делови, ги посетил министерот за градежништво на СССР. Се разгледувала можноста за преадаптирање на постојните погони. Настаните од земјотресот и неговата посета отвориле нова страница за „Карпош“ – Русите направиле нова фабрика за монтажни елементи за градежната индустрија.

• • •

Бојан Шашевски, „Луѓе, ајде да одиме во болница да дадеме крв“, *Утрински весник*, 25 јули 2013.

Внуката на филологот, историчарот, етнографот и кодификаторот на македонскиот литературен јазик и правопис, Крсте Петков Мисирков, живеела во Карпош 2 во зграда 11 кога се случил земјотресот.

(...)

- Во тоа време бевме големо семејство бидејќи меѓу нас имаше голем број преселени од поплавите. Сите се симнавме пред зграда, а јас бев најмлада и последна. Бевме возбудени, исплашени, но со искра среќа кога видовме дека сите сме живи и здрави. Единствено брат ми малку се повреди, му се слоши, веројатно од испуканите скали кај приземјето. Насобраниот народ се избезуми. Соседната зграда беше половично оштетена, но долните кујни и соби стоеја здрави. Беше грозна слика. Ја гледавме зградата со број 13 комплетно урната до темел, само купишта градежен материјал, раскажува **Нада Мисиркова-Петровска**, која поголемиот дел од животниот век го минала како медицинска сестра во Здравствениот дом во Скопје.

(...)

Тука [кај Драмскиот театар, н.з.] ја нашле Нада, првата жена кондуктер на ЈСП „Скопје“.

- Ѝ рековме: ние сме на ум да одиме до болница за да дадеме крв. Прашајте го шоферот дали ќе сака да нѐ вози? Шоферот се согласи. Свртивме кај денешниот хотел „Карпош“, потоа четворицата се возевме по „Партизанска“. Јас сум грлета, зборлеста, па низ отворените врати почнав да викам: Луѓе, ајде да одиме во болница да дадеме крв. Луѓе, има многу повредени! Постојано повторував. Викав на цел глас. Веднаш се качуваа луѓе...

(...)

Се присетува дека по пат минале и до студентскиот дом „Кузман Јосифовски-Питу“ каде што забележале уште два автобуси со странски регистрации.

- Беа спремни да отпатуваат. Девојката од нашиот автобус знаеше јазик, па ѝ кажа со странската водителка на возилата дека ние одиме до болница да дадеме крв. Двата автобуса тргнаа по нас. Мислам дека некои од странците беа од Мали. Веројатно беа дојдени во Скопје да изучуваат некои занаети, други туристи... И тие ни се приклучија. Нѐ следеа. Улиците и градот беа во прав, во ужасна состојба. Наоколу грозоморни слики. Но, имавме навистина добар и решителен шофер. Успеа по „Водњанска“ да нѐ донесе пред болницата за трансфузија.

Дворот пред „Трансфузија“ бил полн со болни луѓе изнесени од клиниките. Се носеле и повредени од земјотресот. Импровизирале со лежалки од картонски кутии, од сунѓери... Се ваделе и душеци и кревети од болниците. Кој колку може да помогне. Тука го сретнала доктор Мико Карчовски. Според нејзините зборови, тој бил доброволец на Црвен крст, голем хуманист во областа на крводарителството.

- Работеше во Домот за народно здравје – Кисела Вода. Во тоа време бевме соработници, па кога ме виде одма рече: Сестра Нада, брзо доаѓај. Ни треба персонал овде. Дојди да помагаш! Бидејќи ние од постарите генерации бевме доста обучени, почнавме да вадиме крв, без никакво испитување... Излегуваа луѓе од автобусите, легнуваа, па веднаш полневме крв. Еден по еден. Од човек на човек. Тоа можеби траеше два часа, а другарка ми Кона рече: Надо, ти дојде да земеш некој лек за смирување на брат ти. Туку, легни да ти земам крв, па потоа да работиш.

(...)

- Кога се вративме во својата населба, вечерта по земјотресот ја поминавме кај денешниот Педагошки факултет, на бавча. Камиони носеа храна, леб, разни производи. Ноќта донесе уште страв. Нешто ќе поминеше, пуштеше звук или

вибрација, па веднаш луѓето погодуваа – ова е 4 степени, ова е 5, 6 степени. Немаше што да нѐ затрупа, единствено да се отвори земјата. Искуството од утрото си го правеше своето. Но, бевме здружени, минавме сплотени низ тоа. Потоа се јавив во општина, па бидејќи банката каде што работев беше урната, ме пратија на Железничката станица, а од таму со група со воз до кумановско село. Не се сеќавам на името на селото. Единствено знам дека имаше сместено деца на кои им требаше мојата помош. Им требаше медицинска грижа.

• • •

Катерина Богоева, „Портирот Божо е мојот јунак“, *Утрински весник*, 25 јули 2013.

Мајсторот на фотографија, **Томислав Петернек**, кој го фотографираше Скопје неколку дена по земјотресот, вечерва на изложба во МАНУ ќе се претстави со 35 дела.

- Бев во 1962 година во Скопје, ја фотографирав поплавата што ги погоди скопјаните, а потоа и земјотресот. Една година подоцна, во новонаправеното училиште во градот ја отворив и својата изложба „Скопјаните низ земјотресот и поплавата“. Мислам дека тоа беше и првата изложба во постземјотресно Скопје, а на отворањето го викнав и Божо, портирот од некогашниот хотел „Македонија“, кој е на моите фотографии и му ги подарив фотографиите од земјотресот на кои беше и тој. Божо беше мојот јунак, што тој сѐ преживеа и остана жив! Сега немам никакви информации каде е, дали сега, по 50 години од таа голема трагедија е жив.

(...)

Портирот Божо тој првпат го запознал за време на земјотресот.

- Видов луѓе како стојат околу една дупка од подрумот на хотелот „Македонија“ во која Божо беше заглавен меѓу некакви котли. Само му го слушавме гласот, а тоа за мене беше доволно бидејќи јас во новинарската работа увидов дека луѓето повеќе ја чувствуваат драматиката кога станува збор за еден човек и одлучив да направам приказна за неговото спасување. Посебно го фотографирав Божо правејќи ја воедно приказната за Скопје и за земјотресот. Цело време се враќав кај дупката, кај шахтата во која беше тој, прашував и фотографирав, така што можев и да видам дека на крајот доаѓаа и посебни рударски екипи да го спасат. Спасувачите паѓаа во несвест, а Божо остана жив. Неговото спасување мислам дека траеше три дена. Американците тие денови пратија воена полска болница и јас имав среќа да бидам таму во моментот кога го извадија мојот јунак и со него



Томислав Петернек; портирот Божо, кој Петернек го фотографирал по извлекувањето од под урнатините на хотел „Македонија"

Сл. 14. „Томислав Петернек; портирот Божо, кој Петернек го фотографирал по извлекувањето од под урнатините на хотел Македонија". Од: Катерина Богоева, „Портирот Божо е мојот јунак", *Утрински весник*, 25 јули 2013.

одев во болницата и таму ја направив последната фотографија со него додека прима инфузија. Кој знае дали е сега жив, беше постар од мене.

(...)

- Веста за скопскиот земјотрес беше од радио и јас веднаш отидов на аеродром барајќи превоз и успеав со некоја владина делегација да летнам за Скопје. Морав да одам, дури и ако требаше да се фатам и за тркалата на авионот. Додека летавме го сликав Скопје и не ми изгледаше толку разурнато како кога слетавме. Но во моите писмени сеќавања за тој ден напишав дека во градот немаше големо лелекање. Се слушаа по некои гласови, довикувања со кои се бараше помош, се работеше со лопати, крампови,

немаше поголема бука сè додека не дојде механизацијата. Прес-центарот ни беше во паркот каде што и спиевме во шатори, а првата вечер која за мене беше драматична, фотографирав како војници со помош на една лампа од акумулатор што ја ставија на урнатина извадија човек од урнатините. Јас се качив и го фотографирав и тоа и таа фотографија најмногу ја испраќав по изложби во светот.

• • •

Сања Момировска, „Милена, јави се, Питер има нешто да ти каже“, *Вечер*, 26 јули 2013.

- Ние кога дојдовме во Скопје, затекнавме многу народ, беше многу жешко, авионите прскаа со некое средство, некоја реа се шириле. Сликата беше таква што потсеќаше на град разрушен од војна. Нашата кујна брзо ја монтиравме во паркот и многу брзо ја ставивме во функција. Граѓаните кои беа сместени во парк под шатори и кои таму живееја беа многу изненадени од нашето брзо работење и брзо почнавме со акцијата да ги снабдуваме со храна, раскажува **Армин Белер.**

(...)

- На 30 јули отидовме во Штутгарт, се товаривме и по 52 часа возење со воз стигнавме во Скопје. Овде нè поврзаа со одговорните служби во Градот и во Градскиот парк ја монтиравме опремата. Таа се состоеше од прочистителна станица за вода и со таа станица обезбедивме чиста вода за пиење, за чај, кафе. Дневно правевме по 10 илјади порции за појадок, ручек и вечера. Во меѓувреме, со железница од Бон ни испратија материјал за да монтираме 40 бараки. Тоа се бараките во Ѓорче, раскажува Конрад Метц.

(...)

Членовите на германскиот Црвен крст раскажуваат како се развивало големо пријателство со граѓаните што спиеле во паркот, така што многу од тие жени доаѓале и помагале во лупење компири и подготовка на друга храна.

- Нам ни падна во очи тоа што исклучиво жени доаѓаа да помагаат, а мажите се држеа на страна. Тие многу добри совети делеа, пушеа цигари и пиеја кафе, но важно се држеа на дистанца. Намирниците за храната ги набавувавме во Куманово и Тетово, набавувавме многу зеленчук, компири и месо, односно се готвеше тоа што има. Многу чудно беше и што кога правевме кафе, многу шеќер се употребуваше, повеќе шеќер од кафе, велат хуманитарците.



Максим имал само 29 години кога се случи кобниот земјотрес. Бил дежурен ноќта на 26 јули, заедно со својот помлад колега Велин Јорданов

Сл. 15. „Максим имал само 29 години кога се случи кобниот земјотрес. Бил дежурен ноќта на 26 јули, заедно со својот помлад колега Велин Јорданов“. Од: Бојан Шашевски, „Кој и како го спаси Скопје од поголема катастрофа“, *Утрински весник*, 26 јули 2013.

• • •

Бојан Шашевски, „Кој и како го спаси Скопје од поголема катастрофа“, *Утрински весник*, 26 јули 2013.

Максим Стојановиќ бил доволно храбар во моментот на потресот да ја исклучи струјата во „Трафостаница 1“ во населба Бутел.

(...)

- Она што најмногу ме восхитува кога размислувам на мојот вујко во тие моменти е фактот дека тој успеал да ја задржи својата присебност и не ѝ се предал на паниката и грижата за својот две и полгодишен син и сопругата која во тој момент била во осмиот месец од бременоста, раскажува г-ѓа Виолета Манева [внука на Стојановиќ, н.з.].

(...)

Ваквиот подвиг многу брзо по земјотресот бил препознаен и забележан од целата тогашна југословенска јавност. Дневниот весник „Вечерње новости“ одлучува неколку месеци по настанот да го избере Максим за херој на годината бидејќи да се направи ваков гест во момент кога и сопствениот живот е загрозен ги надминува рамките на значењето на зборот „должност“.

На оваа случка се сеќава и Манева, која раскажува:

- Максим со ова признание беше многу среќен и почестен, се сеќавам на врачувањето на наградата беше примен во резиденцијата на другарот Тито на Дедиње во Белград и му беше врачена и голема парична награда како заслуга за стореното дело. Тој инсистираше дел од наградата да ја сподели и со неговиот колега Велин, кој го придружуваше на ноќната смена таа вечер. Беше многу праведен, чесен и дарежлив човек. Секогаш напред пред времето со своите сфаќања и убедувања.





УСНИ ИСТОРИИ: ПРЕД ЗЕМЈОТРЕСОТ

Трајко Димитров
(роден во 1930 година)

Овој град петстотини години пред деновите кога ние сме живееле бил изложен на катастрофален земјотрес и од тогаш се остатоците на Скупи во близина, нели. Меѓутоа, Скопје е на удар и на уште една друга природна катастрофа – поплавите. Значи, јас во мојот живот, од 36-та година, кога имав 6 години, тој дел од градот беше поплавен. Како резултат на тие поплави, тогашниот градоначалник Јосиф Михајловиќ го изгради заштитниот насип што трга онаму кај Жабарот, кај мостот, кај централата, и завршува таму некаде во Нерези. 62-ра повторно Скопје беше поплавено. Значи, јас за мојот живот сум преживеал или сум доживеал две поплави на реката Вардар која е дел од пејзажот на центарот на градот. И земјотресот нас ни се случи неполни 8 месеци по поплавата. Поплавата беше на 16 ноември 1962, а земјотресот беше на 26 јули. (...) Целиот центар беше затворен со тија како што се изли Вардар. Башка имаше совпаѓање на непријатни компоненти. Пешачкиот мост заради зголемен распон, зголемена височината, значи пропусната моќ на мостот беше критична, камениот мост критичен. И „Мостот на револуција" беше под скеле, уште не беше завршен. Имаше на течението на Вардар три елементи кои не се совпаѓаа и затоа Вардар се изли и го поплави цел тој дел. Значи ние од таа непогода некако се спасивме, подрумите беа полни. Нас, во фирмата каде што работев, подрумот ни беше поплавен, следствено и документацијата беше уништена.

• • •

Лефтерија Петковска
(родена во 1941 година)

Јас сум родена во Егејска Македонија. Во 48-ма година нè земаа децата, нè однесоа за Романија. Ратот беше 48-ма година. Да, 48-ма година за Романија отидовме. Во Романија бевме неколку години. Мајка ми беше во Полска и отидовме кај мајка ми за време на ратот, распрчкани бевме. Мајка ми во Полска, татко ми во Русија... Нас ко деца една година порано нè земаа. Отидовме кај мајка ми, поседовме неколку години, отидовме за Русија во Ташкент кај татко ми. После тоа, во 57-ма година му понудија на татко ми: „кај сакаш? Во Грција да си одиш или во Македонија?" Он му вика: „во Македонија, таму ми е синот". Брат ми беше 15 години, поштар во војска, во борбите беа и не дојде со нас децата бегалци. Ги распоредија... нè распоредија, Грците нè командаа тогаш. И после тоа му рече татко ми: „Јас во Македонија ќе си дојдам", за тука. И 57-ма година дојдовме тука и брат ми си го видовме после 10 години. Е, тоа беше.

• • •

Етиш К. Меди
(роден во 1941 година)

Една година пред земјотресот имаше поплава. Браната не можеше да издржи, браната кај Матка – не оваа, старата, оваа е друга брана и сега е појака. Првата не додржа и ја пушти водата, водата бара корито каде ќе иде, влезе низ Ѓорче; таму банка имаше, сето тоа се поплави. Од Камени мост до Гази Баба има 12 % нагиб, ме разбираш, не може да стигне натака вода. Кале од другата страна ја држи, ужас, голема поплава. После година дена – земјотрес. Се осеќа тоа дека кога врне многу, одма некој земјотрес се осеќа. Со вода нема играчка. Водата е сила, не знам како ќе ме разбереш. Со природата немој да си играш, природата ќе си го направи своето. Ова лето беше многу топло, да не можеш да искочиш. Прво Господ ја даде природата, па животните, па после човекот.

• • •

Борис Младенов
(роден во 1941 година)

Шеесет и друга беше поплавата. Поплавата го поплави Скопје, али делови каде што можеше Вардар да прелие. Да речеме, ние од таа страна на Вардар немавме проблем бидејќи сме на повисокиот дел таму. Вардар кога одеше го поплави и Дебар маало, Маџар маало тие што се покрај Вардар. Јас пробав да отидам, чичко ми беше сместен кај Универзална сала, тука беа железничка колонија и железнички згради, куќи, јас отидов кај нив да видам како е. Кога дојдовме ние на Камени мост таму камиони од војската ги пречекуваа луѓето, нè качија во камионот, нè префрлија до Универзална сала, кој каде сака. Немаше многу голема вода, камионот си одеше слободно. Имаше и тогаш штета, се даваше помош ама не беше како земјотресот.

• • •

Хабиб Ахмети
(роден во 1943 година)

Скопје го паметам како убаво Скопје, кога имаше помалку жители, кога во чаршијата имаше и Македонци; беше убаво време, сега нема многу Македонци, за жал. Имам тука еден комшија со кој живеам многу, ама замина во Турција, уште еден потаму, Гиевски, исто така што ги поправа гитарите; е, овие тројца, со нив живеам многу добро. Имаше порано повеќе Македонци. Оваа продавница не беше на Македонци, но сепак до мене имаше Македонци и

бевме многу блиски. Имаше и еден кондурација од другата страна, кој не живееше добро со овој до мене, ама јас имав одличен однос и со двајцата и правев некаков баланс меѓу нив.

Чаршијата порано знаеше да ги цивилизира луѓето. Албанците ја сакаат слободата и не верувам дека некогаш сакале да им наштетат на Македонците, но исто така можам да кажам дека и Македонците се доста добар народ и моите искуства се прекрасни и со едните и со другите. Во Дуќанџик, што се наоѓа тука, позади чаршијата – уште од османлиско време се нарекува така оти било дуќан до дуќан – имало една река Серава, сѐ до Алаџе. Божја убавина! Тука први живееле Турци, муслимани. Позади реката Серава е куќата на Емин-бег кој бил доста богат човек. Имал две ќерки и тројца синови, синовите се отселиле во Турција. За време на земјотресот, таму живееле Роми и таму бил исто така и ноќниот пазар. Сега таму нема ни Роми, ни Турци, но ни Македонци. Ромите се преселени во Шуто Оризари. Има по некој Ром, ама не многу, можат да се избројат на прсти.

• • •

Борислав Томовски
(роден во 1950 година)

Убав беше животот, сосем другачие од денешната младина, ко деца нас Апче ни беше поим, ќе одевме до град 14-15 години и ајде од таму ќе се поделиме на два тима и кај старата Педагошка, бараките, имаше сијалици навечер, игравме зимо-лето. Имаше другарство големо, немаше некоја себичност, алчност, лажење немало, крадење немало, прекрасно... Кога ќе дојдеше 1 мај на Водно се качувавме, удоле ќе се спуштиме на Матка, ќе ги ставиме алиштата на глава и да ја препливаме Треска, тоа ни било врв, и фудбал секоја вечер се играше, глупости се немало... Анамалиите кај децата сеа шо се јавуваат, ја ко дете не пушев, али веќе коа ме пратија ваму 63-та сите пушевме, без контрола, тоа е тоа. (...) Вардар ни беше тука, се бањавме, чист беше... Имаше Карпуш 1 и имаше Карпуш 2, а натаму се беше пченки, патлиџани, крави чуваа, полиња... Не знам, друго шо те интересира?

• • •

Исмаил Мехмети
(роден во 1952 година)

Во селото Нерези имаше мешано население. На времето постоеше и Горно Нерези, таму живеевме заедно со Македонци. Тие го зборуваа нашиот јазик и ние го зборувавме нивниот.

До пред неколку години беа живи неколкумина што зборуваа албански исто како што зборуваше дедо ми. Ние, помладата генерација, не зборуваме така заради многу нешта: училиштата, брачни партнери што зборуваат друг дијалект...

• • •

Анастасија Симициева Блажевска
(родена во 1953 година)

Моите родители имаа своја животна приказна, родени беа во Грција, таму се венчаа и таму им се роди дете. Обајцата влегоа во граѓанската војна и детето во војната го изгубија. Детенцето имаше само две години. Во тие денови, со баба, овие војуваа, а потоа беа префрлени во Македонија, во градот Штип. Детето тука без родители го прифаќа баба која заминува за Австралија и го носи со себе детето. Така што, ете, тој мој брат, 21 година имаше, значи некаде 66-та година, се ми се чини дека дури тогаш со родителите отидовме во град, на железничка станица да го пречекаме, и тогаш видовме дека тоа беше расчистено, немаше руина, немаше ништо останато од железничката на која се сеќававме.

• • •

Мустафа Пеза
(роден во 1953 година)

Една година претходно, во ноември месец, Скопје доживеа голема поплава. Живеев во центарот, се сеќавам, учев во основното училиште „Коле Неделковски“, бев трето одделение. За време на поплавата, вујко ми дојде да ме земе [од училиште, н.з.], страшно беше, за 15-ина сантими водата ќе влезеше и во станот каде што живеевме. Едвај ја преживеавме таа вечер, со свеќи и сè друго што имавме...

• • •

Ристо Марковски
(роден во 1954 година)

Со тројцата браќа бевме крстени во црквата „Царица Елена и Цар Константин“. Знаете каде се наоѓаше таа? Кога од плоштад ќе влезете во трговски центар, од лево, на почетокот, тука беше црквата. Тоа маало го носеше името Влашко Маало и таа црква беше во Влашкото Маало. Не беше некоја

голема, грандиозна, меѓутоа беше убава црквичка меѓу ниски куќи како што беше и оваа, нашата, да речеме. Се влегуваше од плоштадот, имаше улица која одеше сè до Ново Маало. Влашкото маало се граничеше со Ново Маало. А од другата страна, пак, го памтам театарот затоа што тетин ми работеше таму како сценски работник, па со братучедите постојано одевме. Они живееја кај Зоолошка градина, Дебар Маало. И деца, нема летно време што да правиш, ајде ќе одиме во театарот кај тетин, кај татко им. Не можам да ви опишам која убавина беше тој театар, тој беше во Еврејско Маало. Знам дека некаде Камени мост ги двоеше со Пајко Маало. Знаете, тоа време беше многу тешко да влезеш во туѓо маало како дете, треба да бидеш со поголема група па да си некако заштитен, така беше, такви беа скопјани, што да ви кажам. Е, сега, знам дека ретко кој знае ако не е од Скопје, дека после Пајко Маало доаѓаше, на самиот крај, да речам, Пајтон Маало. Имаше една долга зграда и штали каде што стоеле коњите, пајтоните. Додуша, јас памтам како изгледаше пајтон во старо Скопје оти дедо ми кога дошол од Грција, дојде со пајтон. Тие се тие стари маала. Пајко Маало, Карадак Маало, па Пајтон Маало, веќе почнав и јас да ги губам.

Скопје има нов облик може после 30-тите години. Не знам, не сум јас толку возрасен и така стар скопјанец, меѓутоа знам од што збореа. Еднаш еден мој комшија зборе ше, работи не знам во која културна институција, нешто како музеј, повозрасен од мене, Мојсов, во едно интервју спомна: „Јас живеев во Циганско Маало", како што и ја викавме Мала станица, меѓутоа Мала станица по ново, затоа што се изградил Конзулатот, Железничката станица, се формирал Плоштад Слобода. (...) Меѓутоа како старо Скопје, кога зборите: Влашко Маало, Крњево, Карадак Маало, Циганско Маало почнувало од крајот на Вардар, од почетокот на плоштадот, па се до Железничката станица, цел тој комплекс. (...) Улицата што ја нарекуваат сега Железничка, ја превземаа од кај нас, од таа страна тој објект беше како Мала станица. Имаше неколку куќарки железничарите каде што живеат, тоа не беше маало. Нагоре почнуваше веќе Клиника. Се сеќавам на дрвеното мостче, ќе застаневме кога ги носеа возовите да ги поправаат во Ложана што ја велам, тоа беа објекти каде што работеа, работилници, ќе застаневме на мостчето намерно и машиновозачот гледа еден куп деца наредени и ќе почне да пушта чад, црни како ѓаволи. Таму играв ме, тоа ни било атракција. Карши сегашен Рамстор. Тоа ни беше животот, ама, ете, таква е субината. Сега морам да делам простор со браќава. Ретко сме преоѓале преку Камени мост, да, кога одевме во театарот, но не беше само едно дрвено мостче тоа што се сруши во поплавата, имаше повеќе дрвени мостчиња кои ги поврзуваа двете обали. И кај Руска плажа и кај Офицерска плажа и кај Градска плажа. Имаше барем уште 2-3 мостчиња. Ама ете тоа го запамтив, скопјани, 62-ра. А нас пак, нè фати во училиште, старото „Гоце Делчев". Наеднаш дојде вода, почна да се поплавува училиштето, ги фати учителите паника. Дојдоа некои камиони, нè товарија и нè однесоа горе на Кочо Рацин. Мене и брат ми Спиро, Николче беше дома, малечок. Не се двоеше од големиот брат, едвај чекаше да се врати од школо или било каде. Ви реков, таа празнина, се ова мое зборење е всушност сеќавање каде сум одел со него, каде сум го проаѓал детството.

• • •

Адил Сулејман
(роден во 1960 година)

Ромите живееле во Топана. Името Топана е останато уште од Османлиите, на тоа место луѓето правеле топови. Хане на турски значи место каде што живеат луѓе, како Сули-ан, Капан-ан, а Топана значи место каде се создаваат топови. Оттука и името останало. До Топана бил и Дуќанџик, тука биле и Гази Баба и Серава. Во Топана бил мешан составот на населението: Албанци, Турците, Ромите, подоцна дошле Бошњаците... После '72-та година, во Скопје, оваа улица на која е судската палата, тука живееле многу луѓе со различни потекла. Кај судската палата имало и една џамија, се викала Јелен Капан. Тука живееле Албанците, а во 1956 година првите групи почнуваат да мигрираат за Турција. Голем дел од Албанците мигрирале и после земјотресот.





ПОТРЕСИТЕ

Трајко Димитров
(роден во 1930 година)

Земјотресот е... Кој не го почувствувал, тој не може ни да го прераскаже тоа, што тоа значи. Али јас на четврти кат живеев. Поголемата ќерка имаше 3 години неполни, другата беше бебе. (...) Кога се случи земјотресот јас бев станат и се спремав да излезам од дома затоа што имав некои тековни ангажмани, а немав обичај да каснам на работа. Сакав да тоа во од го завршам и во 7:00 да си се потпишам во книгата. И кога се случи земјотресот јас едноставно – заради бепчето спиевме одвоено со невестата затоа што бебето си тражи мајка, а не татко – имав присебност, го земав синот и сопругата од четврти кат. Кога одевме по скалите, вториот бран беше исто силен. Јас не се збунив, си го заклучив станот, како сега се сеќавам, и одејќи надолу – на трети кат живееше, тогаш беше обичен поп Методи Гогов, потоа стана Господин Господин Михаил, владика – кога го видов како испаничено мајка му ја носи надолу си реков: „Си играм и јас мајтап, ај да побрзам малце". Кога излеговме, ги видовме имаше неколку згради во Карпош од карши кои беа срушени и многу луѓе фактички на потесна локација, во Карпош 2, најмногу погинаа, и на Плоштад Слобода. Тоа беа воглавном објекти кои немаа скелетен систем. Скелетниот систем иако не беше пресметан за сеизмика, самиот факт што е он просторен не беше гробница.

• • •

Анонимна скопјанка
(родена во 1931 година)

Јас, кога беше земјотресот, кога фати земјотресот, јас во куќата на сестра ми спиев. Они беа за Белград и јас спиев таму кај нив. Имаше една комода и почна да се лула, и јас трчам да ја стопирам да не се лула, да не се скрши стакло, чуда, и едно време: „Леле, бе, ова земјотрес!" Дотогаш не сме осетиле. Поплавата ја поминавме, ова не сме го осетиле така. И после јас одма отидов кај татко ми и кај мајка ми (во) Ѓорче Петров. И кога отидовме во Ѓорче, нашата куќа беше пукната на неколку места, а комшиите пријавија повеќе штета да им дадат повеќе пари (...) Додека не го стресеш некого, не е страшно. Па, имаше после земјотресот, пак, од син ми малечката, почна да лула и јас одозгора како орел. Ама видиш дека човек не е свесен, јас врз неа, ако паднела да сум ја згмечела. Ама не размислува човек, не размислува.

• • •

Русе Галевски
(роден во 1938 година)

Воопшто не се надевав дека ќе се случи такво нешто. Јас бев само со едната сестра, а имав три сестри. Тие беа во Љубанци. Знаете како, имаше три куќи во дворот. Имаше главна куќа, ние каде што седевме со чичко ми, живеевме на спрат. За среќа, нашата куќа беше со бондрук конструкција, знаете, со дрва. Стресе, јас бев во другата куќа. Кога стресе, се отвориј прозорите, испукаа таваните, едно парче така дури ме удри. Јас несвесно низ пенџере рипнав. Имаше дуња во дворот, сум скокал повеќе пати, па така на дуњата сум се фатил. Сите комшии што беа дојдоа, чичко ми, сестра ми, средната сестра, малата беше на летување, мајка ми на работа и татко ми исто на работа. Кога стресе, изненадување. Рипнав низ прозорот, гледам сите трчаат, сите излегуваат. Ако знаете, на „Партизанска" спроти пазарчето има едновисинска зграда, голема, таа што продолжува после. Излегоа само по гаќи, со ќебиња свиткани. Тука имаше раскрсница голема, сите се собраа. После веќе се разбра што е работата. Ние имавме голем двор, нас нè собраа за оваа акцијата после кога се формираа. А, имам две ноќи преспиено на тезгите на пазарот. Куќата остана, само се растресе. Беше со црвено обележана. Знам сестра ми ми викаше: „Не се плаши Русе, јас сум учела на правник, ако стресе седи на прагот, на отворот од куќата."

• • •

Раде Ѓорѓиевски
(роден во 1940 година)

Јас тука живеев пред земјотресот, а кога беше земјотресот живеев во Маџар маало. Кога е речено да не умре човек, не може да умре. Нели, тогаш сите беа на одмор. Каде што живеев јас, после 200-300 м имаше работнички бараки и имав таму еден другар во бараките. Вечерта седевме со друштво, млади, до касно. Вика: „Ајде кај мене, во бараките, работниците си отидоа, остани тука да спиеш". Му реков: „На 200 м сум". Вика: „Не, јас сакам друштво да ми правиш". Останав јас да спијам, касно легнавме. Сабајлето во 5:20, во најдлабок сон, почна да дрма. Јас мислев Вардар дојде, бараката ја однесе Вардар, ама гледам ведро, сонцето грее. Мислев дека отиде бараката. Излеговме надвор, што да видиме. Само што излеговме, вторпат удри земјотресот, почна да дрма и гледаме од другата страна преку Вардар куќите како паѓаат, како се рушат и само прав се крева. По некое време пак дрмна. Си реков што да правам и отидов на работа зошто работата ми беше исто тука близу. Тогаш камион возев, работев во трговско претпријатие.

• • •

Лефтерија Петковска
(родена во 1941 година)

Сега за земјотресот: да кажам како се омажив или не треба? Јас се омажив 61-ва година, останав бремена после 2 години. Точно кога требаше да се породам, на 26-ти (...) фати земјотресот. Јас дома се погодив, мажот ми на работа одеше во 6 саатот. Во 5 саатот го лажам: „5 и пол е, ќе закасниш, нема да стигнеш за на работа“. Во механика работеше. И он вика: „Не се секирај, има време“. „Абе Тоше касниш“, викам. И почна да дрма и вика: „Седни на спалната! Седи, држи се за тоа и ќути! Земјотрес!“ Престана тоа, свекрва ми и свекор ми се симнаа доле. Ние застанавме под вратата, кај што е вратата нели, и седиме таму демек и да падне нешто, нели, нема да... И испаднавме на балконот и они викаат: „Леле! Симнете се!“ Свекор ми, свекрвата и комшиите. „Како ќе се симнеме кога уште дрма?“ Пепел е надвор кај Железничка станица, таму Ристе и Никола живееја, блиску до станицата. (...) И му вика: „Брзо да одиш кај вујко ти, да видиш што станува таму, јак земјотрес“. Зема точак и отиде. Отиде и така го најде брат му... плочата му падна, ти кажаа они. Спире имаше 13 години, многу добро дете. И такви работи...

• • •

Етиш К. Меди
(роден во 1941 година)

Кога беше земјотресот имав 23 години. Татко ми беше на работа кога стресе, секаде имаше урнатини, а на мајка ми ѝ се скршија забите. Куќата падна, брат ми го покри една греда. Јас отидов да му помогнам; мене па ми влезе една шајка во ногата. Среќа на ѕидот имаше удрено гредата. Ми рече тогаш брат ми: „Брат, тргни го ова малку за да излезам“, а тој беше јак и поголем од мене, и излезе. После тоа отидовме комшиите да ги спасуваме, во амбуланта ги носевме некои од децата, а после ги испративме во Куманово. Што сѐ немаше тогаш. Татко ми кога се врати од работа праша што има, што нема, ние му кажавме дека, за среќа, нема нешто сериозно по живот. После надвор раја многу, луѓе насекаде, спиевме во Гази Баба. Нонстоп се тресеше земјата, ама полека. Првото тресење го кутна Офицерскиот дом, го сруши, банката исто така се сруши, Железничката станица остана на 5.17 саатот.

• • •

Борис Младенов
(роден во 1941 година)

Кога се случи земјотресот бевме дома. Уствари, на гости беше и братучед ми, така да со него спиевме во кревет. Другите браќа, ние сме четворица браќа, сите бевме во таа соба распоредени. Кога се деси земјотресот почна да се тресе одеднаш, не знаевме ни што е тоа, дали е експлозив или било што... Беше многу јак земјотресот. Бидејќи куќите наши во Топана и во Чаир или било во кои населби што имаат стари куќи, се направени од керпич и од греди, они немаа проблем во врска со земјотресот. Малку беа оштетени, негде беа и повеќе, ама претежно кај нашиот дел беше така да немаше многу оштетувања ниту па жртви. Една жртва имавме во Чаир, едно девојченце така на спиење исто ја поклопило, дали ѕидот или покривот не знам што беше, така слушнавме, и тоа.

• • •

Хабиб Ахмети
(роден во 1943 година)

Кога се случи земјотресот, живеев во Серава. Имаше две Серави, јас бев во големата Серава, куќата ми беше на крајот. Имав 18 години, легнавме рано – тогаш се легнуваше многу порано отколку сега, а морам да кажам дека една година претходно имаше и поплава во Скопје кога се излеа Вардар и имавме една психоза од таа поплава, а имаше и еден конфликт руско-американски и нѐ плашеа дека ќе бомбардираат итн. – нашите куќи беа сите со керпич, и кога излеговме надвор насекаде се гледаше чад. Сите помисливме дека е атомска бомба, искрено. На комшиите наши – Даут берберот, отидовме да му помогнеме – му падна кровот, се слушаше вриштење, ја скршив вратата, тој со жената и децата беа прибрани некаде во ќошот и излегоа после сите. Од другата страна имав и друг комшија, Ром, и нему му помогнав. Ете така некако го доживеавме сето тоа, излеговме надвор од домовите и си помисливме дека станува збор за атомска бомба. После од човек до човек, муабет, информации, сфативме сите дека станува збор за земјотрес. Во чаршијата, кајшто работев, дуќаните искршени, нечепнати, но разрушени делумно.

• • •

Анонимна скопјанка
(родена во 1945 година)

Убаво го памтам, сабајле нѐ пробуди, спиевме уште, ќоше доаѓа на глава, ајде, така беше. Ќерка ми после отидовме во село, нели нѐ испратија родители со деца и така. Едно сабајле слушам ветар дува и она кај да бегаме, кај да бегаме, она беше 2 години, мисли земјотрес. Така беше тоа. Престана да се ниша, магла, собирај нешто од алишта, нешто по скали.

• • •

Таки Јосифов
(роден во 1945 година)

Земјотресот кога беше, ние како деца – јас бев тогаш бев млад – цел ден бевме на Вардар, сите деца, и после си дојдовме дома да спиеме. Си легнавме да спиеме; кога затресе земјотресот ја – пошто по купачи спиев, во спиење ми се откопчале – кога скокнав и бегав по скалите, со чаршав морав да идам, а после се вратив да земам облека. Ама сите така излегоа, кој по пижами, кој по ова, кој по она, тоа е првичниот момент.

• • •

Велко Илиевски (роден во 1945 година)

Значи бев дете – не дете, имав 18-19 години. Татко ми почина пред земјотресот, мајка ми мораше да нѐ чува, идеше на работа рано сабајле. Доле ни беше дневната, кујна, а горе ни беше спавача. Е, сега, како што беше тој земјотресот, попушти тој долниот дел, како да клекна, а горе ништо, не бевме повредени ни ја ни браќата. Ја погледнав од прозорот, божем да рипам, ама тој долниот дел си се спуштил и не беше високо и само од терасата се пуштив и трчав по мајка ми. Мајка ми отиде на работа, да видам дали е жива... Дојдов до Камен мост и полицијата ми вика не смееш натаму, а бидејќи уште паѓаа куќи, прашина секаде, ја викам: „Мамо, мамо!“ Нишо не се гледа. И кога ја видов дека иде ми вика: „Ајде, трчај кај дедо ти, види дали се добри“. И трчајќи ја барам куќата, ама сѐ срушено, паднато, не знам каде беше. Ја најдов... „Добри ли сте? Добри сме, вие добри ли сте? Добри сме“. И тоа за земјотресот... Една фамилија цела... Падна цела куќа и цела фамилија отиде... И други пријатели и другари шо погинава... Ние у Чаир имавме мали градби. После земјотресот ја продадовме таму нашата, за џабе ни ја земаа.

• • •

Македонка Хаџи-Димова
(родена во 1947 година)

Кога се случи земјотресот, значи, бевме на таа адреса на „20-ти Октомври“ во Буњаковец, потпаѓавме под општина „Идадија“ тогаш. Учев во „Коле Неделковски“ основно училиште, а кога беше земјотресот имав завршено прва година средно економско. Требаше есента да почнам втора година во „Борис Кидрич“, таму и завршив. Кога се случи, ноќта, јас кај мене ја повикав мојата братучетка прва на која сестра ѝ најстара загина во земјотресот заедно со маж ѝ во тие две згради во Карпош, 13-ка, они живееја во нов стан, број 11. Пропаднаа во земја, таа зграда 11 пропадна во земја. И двајцата на брачен кревет во спалната, го имаа тогаш купено, нов стан, и така загинаа двајцата, маж и жена. Она на 28, он на 30 години. Значи, јас со сестра ѝ нејзина бев, затоа што моите родители беа во Италија, јас бев со неа, Ели, сестра ми, беше во летовалиште на Водно, а јас со браќата дома и со братучетка ми. И во моментот тоа кога се случи ние мислевме дека е атомска бомба, јас бар така го доживеав... Кога срипавме, само се фативме за рака и почнавме да плачеме и да викаме. Беше многу со бучава земјотресот. Она живееја под Кале, во стари куќи кај Еврејско маало, карши еврејската црква. И она само вика: „Моите којзнае како се во старата куќа, дали се живи, дали им се срушила или не куќата“. И само ги земала работите нејзини и излегла.

Останав јас сама. Се качив на прозор, на приземје беше куќата, се качив од прозор, рипнав и малце се повредив, ама во моментот ништо не осетив, од толкав страв воопшто не осетив болка. Еве и сега не можам да зборувам кога се потсеќам на тие моменти... Излеговме сите, сите, мислам, што беа комшиите од куќите, излеговме на сред улица. Не знаевме што да правиме. А одма до нас, карши, на Партизанска улицата излегуваше, карши беше средно техничко училиште, и јас помислив: „Којзнае како е на Водно ситуацијата, сепак е планина, дали ќе се сруши или не, дали го осетиле или не“. Она беше помала тогаш, 5 години е помала, не знам кое одделение беше, изгледа 4-то заврши. И јас, кога излеговме за неполни два-три саати, поминаа роднините, знаеа дека родителите не ни се тука, да видат како е ситуација. И тогаш братучетка ми дознала дека сестра ѝ починала. А ваму, во старата куќа, немаше ништо опасност, добро поминале. И ние каде што живеевме во оваа куќа со зелено беше обележана, што значи дека може со мала поправка да се поправи и да се овозможи, да. И кога слушнавме дека она загинала, прва братучетка, млада, заедно со мажот ѝ... Потоа, ни донесоа абер, епицентарот на земјотресот на Скопје бил на плоштад Слобода – сега каде што е „Јосип Броз Тито“, карши има кула, од едната страна е Дом на градежници, така се викаше, карши градежниците ни живееја прва братучетка на татко ми, а загина она во куќа исто со син близнак. Имаше три машки, постариот син добар, а едниот близнак и мајката

загинаа, значи едниот син само остана жив, он беше млад тогаш мислам, не беше женет. Она беше во години жена. Меѓутоа, баш во епицентарот и куќата им се срушила и ете имал среќа едниот, остана жив. А други роднини не сме имале.

• • •

Хајредин Хасан
(роден во 1947 година)

Земјотресот го почувствував кога бев на поле. Татко ми имаше ниви, работевме тутун, бостан, такви работи. Таа ноќ станавме во околу 3 саатот сабајле, отидовме да береме тутун. Нас земјотресот не фати на нива, откако го собравме тутунот, фативме да го товариме во кошеви, на магарето; е, тука нѐ фати. На враќање, оттаму до Топана, војската сега кајшто е, „Гоце Делчев" – тогаш бевме СФРЈ, тука имаше војници од Словенија и од сите републики – видовме доста повредени војници. Кога стигнавме дома, фала Богу кај нас нешто страшно не се случило, куќата не ни падна, а имавме двоспратна куќа. Тогаш мајка ми остана со малите дечиња, односно и внуци и дечиња, во таа куќа бевме неколку фамилии, неколку фамилии живеевме во таа куќа. На радио кажуваа дека земјотресот бил многу јак, дека имаше голем потрес, многу жртви, паѓаа куќи итн. Тогаш имав околу 16-17 години, ги памтам тие работи добро. После тоа често имаше земјотреси, на секои 10 или 15 минути, па и на пола саат.

• • •

Милка Кировска
(родена во 1948 година)

Сабајлето на 26 јули, мајка ми беше – приватно работеше како шивачка и од сабајле стануеше многу рано, околу пет саат, за да подзачисти малку. Иначе имавме куќа бондрук систем. Новомаалски бондрук систем. И јас спиев во кујна, имавме и спална кај што беа моите родители и така натаму. А ја во кујна... такви услови имавме на живот у тоа време и бевме блиску на раскрсницата кај што се гледа мостот, сега што е оној мостот према МАНУ и на крајот кај што е „Џамбо", тука беше „Браќа Миладинови" училиштето. „Браќа Миладинови" јас го завршив од прво до осмо одделение (...) Сабајлето мајка ми станува и мете и наеднаш почнува да ѝ се мрда куќата и тлото. И она мислела дека несвестица ќе ја фати коа почна да паѓа малтерот. А, и јас таа ноќ бев многу вознемирена. Јас сум тип што сум вака многу активен преку ден, меѓутоа мојот сон е многу убав и немам проблеми со спиењето. На гранче да ме оставиш, јас ќе заспијам. Али таа ноќ бев страшно вознемирена. Можда тоа е некој инстинкт внатрешен кој што те тера дека нешто ќе

се случи или се случуе. Вообичаено, нели, викаат глувците почињаат да бегаат. Кај нас немаше глувци за несреќата, но кога чув дека мајка ми само викна: Милка, јас рипнав од креветот у спавачица, а и 26-ти јули, не можеш ни другачие да бидеш... Над мене почна да паѓа малтерот. Мене ми беше јасно дека се случуе некоја катастрофа. Сместа со мајка ми излеговме на таа раскрсница. Тоа беше првиот удар што го осетивме и којшто беше еден од катастрофалните. Меѓутоа кога застанавме, сите застанавме... Тие беа мали куќички, меѓутоа тоа ни беше као најбезбедно место на раскрсницата. За да не ти падне некоја ќерамида од куќите. И кога се свртевме, значи само што сум излетала – тоа десет метра е раскрсницата од нашата врата – и кога излеговме на таа раскрсница се свртев накај „Цветан Димов" школото. Вториот удар, јас го видов како „Цветан Димов" – као у филмовите, ја денеска го памтам, сеа се насолзувам на ова – јас го видов како се руши као кула од карти. Еден огромен облак од дим, од прашина. Најголемо олеснување ми беше што немаше ниедно дете таму. Што не беше ден на настава. И нормално дека тука више беше паника, дека почнаа сите да викаат, гледаш паѓаат оџаци. Оти имаше еден, два, три... меѓутоа ова беше највпечатливото што може да се случи. И кога го гледавме „браќа Миладинови" видовме дека почнаа да паѓаат и од таму. Не се сруши како кула од карти, меѓутоа почнаа да паѓаат од ќерамидите горе, од оџаците. Оти у тоа време така се топлевме ние у школите, со дрва, со ќумбиња. И паника имаше нормално. Сите почнаа да кукаат. Меѓутоа тоа Ново Маало имаше пукнатини. Тој бондрук систем или јапонски систем, ја ко шо го викам, го зачува Ново Маало и до ден денеска има дел што стои и што за мене, за жал, ко архитекта, стално сум кажувала дека државава требаше нешто да направи да тоа се одбележи као старо место што остана читаво и живо, меѓутоа да се вложи во реконструкција, санација, за да остане као печат на некое време кое што ние го поминавме.

• • •




НЕПОЗНАТ

Нада Љубенова
(родена во 1948)

Имавме куќа на три спрата кај соборната црква, еврејска беше. Прво беше поплавата, во 62-ра, првиот спрат ни беше поплавен, ние горе кај комшиите седевме. Странци со чамци ни носеа храна со јаже нагоре, ни носеа и јади, што ќе прави. И догодина, земјотресот. Како што лежевме, ние четворицата бевме во спалната, па имавме друга соба и уште една, мајка ми и татко ми таму лежеа. Татко ми стануваше рано во пет саат за да оди на работа, во Железница работеше. Плус тоа, долу под земја имаше – вие не памтите, млади сте – долу се одеше по скали во железницата и се качуваш на перон таму, кој, што, како... И, он станал, татко ми, кафе да стави, си потпивнуваше по малку и како што пиеше по малце, тоа да му се стресе филџанот, да му падне од раце. И старата како жена му вика: „Што, уште од сабајле ли си пиел? Што направи? Го истури кафето!“ Кога почна да дрма и она: „Брзо деца, станувајте, земјотрес е изгледа!“ И ние од тука сите, „Енгелсова“, така се вика улицата, или „Фридрих Енгелс“, а на другата улица беше Радио Скопје. И од тука право избегавме сите по една уличка, така имавме, сите отидовме на полјана една. И тука седевме сите собрани, вриштеа, пиштеа. А ние, деца што викаат, ти било чудно, не си знаел што е, како е.

• • •

Слободан Рајчевски
(роден во 1948 година)

Во Скопје сум дошол во 59-та година, инаку потеклото ми е тука од Скопско, меѓутоа ради близината на тоа селото Глумово многу контакти сум имал со селото. Кога се случи земјотресот, тоа е летен период, немало шанса јас во Скопје да останам, сум работел таму земјоделски работи, со моиве, со ова, со она. Да кажам дека кога беше земјотресот јас бев во селото, а имавме ваму во Карпош стан. Не сум видел, после татко ми кажуваше дека не се сруши зградата, меѓутоа многу имаше отпадоци од малтер, од ова, од она. Таа зграда беше карши Технолошки факултет, па после сум се запишал и Технолошки сум завршил. До таа зграда скроз еден спрат, скроз се столчи спратот, целата зграда се сруши еден спрат; зградата стои, меѓутоа едниот спрат го немаше. Тоа беше, па потоа дојде Тито со Хрушчов, ти си мала, но си слушала за Тито, не зборувам за Хрушчов, на СССР претседател, тоа беше сила. На тоа време СССР и Америка тука се мотаа, дури по техника, вселена, СССР во тоа време беше над Америка. Во 61-ва година Гагарин отиде горе во Вселената.

Интервјуер: Да, тоа значи дека Вие не сте биле тука за...

Не, не сум бил, но ете тоа таму кога фати земјотресот во куќата селска, мајка ми вика: Цобе, Цобе, излегувај! Јас на спрат, кога да излезам; ова, она и веднаш таму имаше бранови, тоа земјотресот беше. И тоа таму сто соседи, абе тоа вака ќерамиди онодеа, втор талас, трет талас... мислам тоа било. Сега ете ти реков дојде Хрушчов, дојде Тито со ветување дека Скопје ќе го направиме, вика ова солидарност, овака, онака...

• • •

Белул Сулејмани
(роден во 1948 година)

Во 1963 година бев дете, имав 14 години. Земјотресот, на 26 јули, беше многу силен: 9 по Меркалиевата скала или 6.1 според Рихтер. Значи голем земјотрес, и катастрофален. Како деца бевме шокирани, јас всушност бев најден под тулите. Дошол еден комшија и нè извадил, затоа што татко ми бил на село. Беа срушени два дела од ѕидовите каде што спиевме. Под тулите беа и моите браќа и сестри, но и мајка ми. Еден комшија ја турнал вратата, ја клоцнал, со клоцањето се слушна силен звук и ние се освестивме, затоа што бевме во несвест. Тој започна со вода брзо да нè освестува и да нè вади надвор, давајќи ни помош. Ние бевме многу зачудени, што е оваа работа – си велевме. Гледаме во градот една магла, магла создадена од разрушените згради и домови на луѓето. Подоцна разбравме дека дека 1070 лица ги загубиле животите, а над 3-4000 биле повредени. Земјотресот се случи во 5 часот и 17 минути. Во тоа време, поголемиот дел од луѓето спиеја. Над 200 илјади лица останаа без покрив над глава, на отворено небо. Немале каде да одат.

• • •

Танас Панчевски
(роден во 1948 година)

Имам една многу добра прикаска: зградата што падна беше трета зграда, под нас тој што живееше дечко беше – за нас тогаш дечко – јас 14-15 години, а тој 22-23 години. Оваа зграда е падната скроз пола, другата пола не. Таму две другарчиња ми починаа од школо, браќа близнаци. Сега, таму до полицијата во Карпош, таму зграда има, они се качени горе да спасаваат, да видат дали има некој жив. И едно време викаат: „Излези, не се срами". Викаме што е ова... А, тоа жена, скроз гола, во купатило се туширала сама. И она седи таму, а зградата срушена скроз до пола. Најдовме ќебе, му го дадов на комшијата што отиде по неа, ја завиткаа, ја симнаа доле и ја однесоа во болница. Преживеа и само рече: „Нема

никој друг во станот, сама сум“. И после 15-16 години ја правам веридба и дојдоа сватовите и правиме дома муабет и нешто зборим за земјотресот и татко ми ја кажува прикаскава. „Како, вие сте тој? Јас сум тој, зошто? Па тој едниот беше професор на Геодетски факултет од сватовите, иначе доктор на науки од Сорбона, колегата негов бил на пат, исто геодет, а жена му била сама дома. И вака си правеле муабет, некои луѓе ме спасија, ама не знам кои“. И се јави да каже дека го нашол човекот што ја спаси, а таа прашала дали ќе ја примат, сакала да дојде. Па дојдоа дома, се видоа, со цвеќе, вика: „Ме спасивте“. И тоа е, мислам, вака после толку години. Исто тука еден друг дечко, не знам кој е, стара жена сама останала на балкон, горе на четврти спрат. Сè срушено, само балконот стои и таа се фатила на арматурата. И еден дечко, се фати за арматурата, се качи горе, таа стара жена инвалид, сите починале само таа жива останала што излегла на балконот. Ја качи на ушка и ја спушти по арматурата.

• • •

Билјана Филиповска Тодорчевска
(родена во 1949 година)

Па тоа е една, така да речам, сериозна траума за мало дете. Јас немав полни ни 13 години. Бев на гости кај тетка ми, бидејќи моите родители беа отидени на бања, а ние требаше да одиме во Охрид. Прво нè разбуди такво тресење од сон, што вие никогаш не сте ни чуле за такво искуство. Сосема едно непознато искуство, вие не знаете како да се однесувате. Тука памтам многу интересни сцени од реакциите на возрасните луѓе. Тетка ми и тетин ми кои рано стануваа веќе си беа вареле кафе и како станаа тие нормално се засекираа за нас и веднаш со брат ми нè упатија по скалите да бегаме, но во тој хаос знам дека се врати тетин ми да го исклучи шпоретот и памтам дека го зема ѓезвето со него. Веројатно од што бил збунет, не знам во паника и со ѓезвето бегаше надвор [се смее], тоа е една сцена, не знам, што сум ја запамтила. Децата многу памтат такви детаљи. Додека се симнувавме надоле, не знам колку секунди беше земјотресот, сум заборавила, сигурно има некој податок, ама ние веќе кога почнавме да се симнувавме малце престана да тресе, скалите беа со паднат малтер од ѕидовите и вака требаше да прескакаме [покажува]. Се симнавме доле од зградата, зградата каршија кај што е сега Пелагонија, таа на ќошот, тоа е практично карши палата Македонија, таа зграда на ќош е падната, јас една слика потресна видов, како пола од таа куќа што беше таму, индивидуална куќа ама така височка, можда имаше два ката, баш кај скалите како пресечена беше, срушена, а скалите висеа. Јас си мислев, значи не може никој да се симне, така ми дојде и таму стварно имаше погинати луѓе.

Од нашиот објект, пред влезот, ние тука пред објектот седевме, имаше некои повозрасни луѓе. Воглавно беа повозрасни луѓе затоа што беше лето и полно фамилии беа

отидени некаде надвор од Скопје. Беше топло лето и сите беа побегнати. Тоа веројатно имаше големо влијание на жртвите иначе би имало многу повеќе жртви. Не беа луѓето во станови, затоа што се срушија многу станови и административни објекти и ќе имаше многу повеќе жртви. Еве неколку сцени, малце си размислувам, како анегдоти со години ги раскажувам. Една жена беше симната со пегла, пеглала и сосе пеглата се симнала и вака седи цела успаничена и ѝ се допре пеглата до неа и ќе ја изгоре, ќе ја тргне и пак ќе ја стави до неа и така едно петпати не ѝ текнува да ја остави. Сакам да кажам каков шок е тоа за луѓето. А најмногу што се сеќавам една бабичка стара кога почна да се качува, сите ја спречуваа да се врати назад во станот, бидејќи побегнала без да ја земе дипломата на својот син. Нејзиниот син беше, во тоа време, после ја прашав па разбрав, Кочо, директор на Цементара и тоа беше бабичка, и он возрасен беше тогаш, он не беше дома, она сама побегна. Меѓутоа што значи за една мајка која којзнае каков труд дала да го школува нејзиниот син и за неа најголема вредност била дипломата. Никако не можеа да ја одвратат од тоа да оди по дипломата, малце се смири тлото оти имаше последователни вибрации они се качија горе и ја земаа дипломата и таа се смири и тетин ми отиде со неа, она дипломата и отиде нас да ни земе облека, оти ние по пижами сите побегнавме и отидовме на Железничка станица. Сега ми текнува, како тоа, пола Железничка станица срушена, меѓутоа сите возови одеа, се постави некоја композиција на шини и се полни оди за Битола. Ние бидејќи по потекло моите од Битола, таму роднини имавме. Целта беше да стасаме до Битола, тоа траеше од сабајле, некаде до еден-два не...

• • •

Драги Зафиров
(роден во 1949 година)

На секое мало поместување на тлото... го памтам многу убаво. Се сеќавам на тие денови, на тој ден поготово, пет и седумнаесет беше земјотресот. Како и сите деца навечер повеќе сакавме да седиме во тој период, сабајле да спиеме повеќе. Не се сеќавам само кој ден беше во неделата, само тоа не се сеќавам. А и не сум разговарал со моите на времето, тоа го заборавивме кој ден, само го памтиме 26-ти јули во пет и седумнаесет и тоа остана во сеќавање. Значи, сабајлето пет и седумнаесет првиот земјотрес кога... не беше и тој слаб можда беше и тој, не знам, шест – шест и пол мислам беше скопскиот. Паднав од кревет како покосен, после тоа сите од станот, од куќата, излеговме надвор. После тоа го пречекавме на влезната капија од дворот. Скопје за три – четири секунди не се гледаше веќе од прашина. Значи тоа е она што ми остана во сеќавање. Значи, живеевме на падините во Гази Баба, блиску до Природно-математички факултет и од тука цело Скопје се гледаше и





Водно се гледаше. Одеднаш цело Скопје прашина, па и не се сеќавам многу и Водно изгледа не се гледаше од прашината, кога веќе почна да се крева. Првите мигови сите комшии надвор беа излезени, прво почнаа: ништо не е, тоа е бомба. Нè изненади. Почнаа афери, радио немаше, струја, телевизија да не зборувам, тогаш немаше телевизија. Па некаде поминаа петнаесетина минути и почнаа помали земјотреси, значи тројка, четворка. Почна вероватно тлото да се смирува и тој ден се сеќавам на пола саат, на петнаесет минути, зависи јачината кој е... значи не беше смирено можам да кажам дури и наредните денови, недела, две... се осеќаа тие земјотреси, секојдневно.

Татко ми работеше во трговско претпријатие „Илинден", вика: јас морам да одам на работа, да се јавам. Значи било работен ден, значи не била сабота или недела и да не биде сам, и јас отидов. Ме интересираше. „Илинден" стоковната куќа беше на крај на Стара чаршија и сè уште е таму, само не е веќе стоковна. Стигнавме таму, по пат многу куќи срушени, чаршијата имаше дел срушени објекти. Од „Илинден" беше многу блиску до Камени мост, откако се јави на работа рекоа дека од утредента ќе почнат да работат пошто се претпоставуваше дека помош ќе стигнува, а тие беа организации коишто имаа магацини и можеше помошта да стигне, шатори, ќебиња итн. Помина тој состанок што го имаа и тргнавме да видиме што е со центарот на Скопје, некаде до Камени мост дојдовме, само да се сетам... а да, овој објект што е во стакло целиот [покажува накај зградата на Македонски Телеком] тука беше банката, а од другата страна Дом на ЈНА го викавме тогаш зашто бивша Југославија беше. Значи и едниот и другиот беа делумно срушени, не беа целосно. Предниот дел од домот беше срушен се гледаше внатре имаше многу убав, се сеќавам, лустер во влезниот хол, не знам каде отиде тој. Тогаш бев помлад и некои работи не ме интересираа, ме интересираше само формата на лустерот. Како беше внатре објектот, обично со високи столбови, во два три етажа беше, колку што ми останало во сеќавање. Објектот мислам дека е граден кога Србија била тука, во тој период и Ристиќева палата, во тој период

и овој до Ристиќева, нотарот каде што е. Значи, во тој период Скопје имам сознание, тој период биле тие два објекта, дел од улицава, сега е Македонија, дел имало тука, на фотографии, пред земјотресот имаше значи објекти, овој објект тука станбен, театарот се сеќавам сум одел и во театарот како дете нè носеа. Театарот беше малку повеќе разрушен, малку повеќе од домот и од банката. Од другата страна, не се сеќавам дали Стопанска банка беше објектот изграден или не беше. Од другата страна беше Еврејско Маало...

• • •

Фатима Демировска
(родена во 1950 година)

Кога се случи земјотресот имав 13 години. Пред земјотресот една година имаше поплава голема, и неа ја памтам, ама земјотресот за мене беше пострашен. Саатот беше 5 и 17 минути. Ние спиевме внатре, кога излеговме надвор куќите паѓаа, сè се тресеше. Потоа избегавме кај француски гробишта, таму со недели спиевме, седевме постојано. Се тресеше постојано, ама постојано кога ќе кажам. Многу народ почина тогаш. Јас бев дома, спиев, а куќата ни беше во Топана, во тој дел, кај Дуќанџик. Тука живеевме со мајка ми и фамилијата.

• • •

Кочо Димитровски
(роден во 1950 година)

Осеќаме буквално креветите идат лево-десно, се движат... Нè разбуди, од сон, ти рачунај ние спиеме, тоа е најубаво време во 5 саат сабајле. (...) Во Бирарија, во населба Бирарија. Позади, кај Шампионче, позади таа зградата што е, карши Чочо. Старите само рекоа: деца бегајте надвор, одма доле симиџајте се... Ние дали стигнавме за 6-7 секунди, ние од 4 спрат може стигнавме за 6-7 секунди. Рипај тоа скалите како деца. Само што стигнавме, ние не знаевме шо е тоа земјотрес. Само шо стигнавме, после тоа тој другиот земјотрес фати. (...) И само погледнавме према Центар, а таму прашина, накај Карпуш исто така прашина тоа се, и дента не знам колку земјотреси имаше у Скопје... Многу, веројатно сакало да се стабилизира тлото... И од тој ден 20 години ја немав сон... значи од 63-та до 73-та ја играв, трењирав бев ова... сум имал 7-8 цимери меѓу своите колеги, на пример ми бил и Џони, Чеде, Чифте, кој не ми беше од тие фудбалерите, и околу 3-4 саат ќе ми кажат: „Кочо, кажи... ти стварно не спиеш бе“ вика, јас нормално сијалица угасната, затворени очите, а сè осеќам шо се случува и сè осеќам како ќе почне да дрма. Е, тоа, 20 години секое сабајле ја коа ќе станев едвај чекав да се раздени, не бев уморен да кажеш, свеж бев.

• • •

Тошо Стојановски
(роден во 1950 година)

Па, тогаш имав 13 години и 2 дена. Да, на 24-ти јули сум роден. Спиев во спалната, дрвени прозори, стари, објектот е граден 47-ма, 48-ма, 49-та е завршен. Моите се вселени тука некаде околу 50-та или 49-та, не знам, и имаше голема бука као да поминува теретен камион, она бум, бум, бум, бум... И топло време, прозорите отворени, почнаа да се мрдаат, да се кршат, и татко ми станал, се бричел, се спремал за работа, мислам беше облечен и веднаш нѐ собра сите тројца и нѐ донесе во ходникот кај што е најдебел стубот до вратата. И тука одевме и сега колку памтам како дете: дали ради гужвата меѓу нас, тогаш имавме обични сијалици, се клатеа, паѓаа од плакарите работи, не памтам сега. И рече чекајте да се смири и тогаш рече што може побргу по скали. Во меѓувреме другите трчаа. Така што ние кога трчавме кровот беше паднат, еве на сликата ќе видите [покажува слики]. Ние по селски викавме први и втори, иначе приземје, еден, два и три. И од тука према паркот, еве го дрвото во паркот [покажува на сликата] не нѐ погоди ништо, а некои ги погоди некоја цигла, ќерамида, ама немаше мртви луѓе од нашата зграда. Ни од зградата пред нас немаше мртви, ни од оваа [покажува на сликата]. И седевме тука во паркот. И после тоа имаше серија потреси ама као смирување на тлото. Едно 3-4 саати можда седевме, па дојде вујко ми од Куманово и нѐ однесе во Куманово. (...) После година дена зградата ја санираа Словенци, квалитетно, и сега може да се примети, ја споредував кога беше последниот земјотрес во септември, 5-ти, 9-ти како беше, сега пред 3-4 години... (...) Сите беа надвор, имаше паника, седевме, па гладни, мајка ми дури после 2-3 земјотреси шо беа еден по друг, памтам, истрча горе, се качи, зема ќебиња, шо ѝ требаше, истрча 2-3 минути и се симна. Оти деца бевме.

• • •

Борислав Томовски
(роден во 1950 година)

Роден сум во Скопје, во Мацар Маало, во 1950 година. Во 1960 година се селам во Карпуш 1, до кулата висока. За земјотресот: станот беше едносо бен, две спални, ја бев у едната спална, до прозор тука спиев; мајка ми, татко ми и брат ми дека помал спиеше со нив. Кога здрма првиот пат, оној инстинкт животински природен, ние бевме на приземје и рипам доле, значи уште првиот не завршен ја бев доле – у тоа време се носеа платнени купачи и маичка – и сеа ги чекам мајка ми и татко ми. Татко ми беше неарен, лежеше у спална... И сеа мајка ми го спушта прво брат ми,

па го фаќа татко ми, а веќе почна вториот, значи ја на вториот ја глеам кулата дека идеше вака, таа големата се нишаше, и после некој ден немавме кај да спиеме, па спиевме на тераса, така се викаше, во Тафталиџе. (...) Тоа беше страшно, паркетот беше дигнат, не ми се веруваше. До мене тогаш таа зграда пропадна, другарчиња мои ми погинаа многу. После дојдоа Црногорци и ни изградија нови. Имаше стотина земјотреси тој ден, многу земјотреси, што да ти кажам, страшно, инстинктот ме натера да рипам, кај мене во зградата никој не погина, а кај мене до зградата пола и поише... Имаше тогаш и многу дечиња од другите згради шо беа на село и им погинаа мајката и таткото, страшно, такво нешто...

• • •

Тахир Ертунч
(роден во 1950 година)

Имам мали трауми од земјотресот, кои не се манифестираат овака, но траумите се на звук, на бучава. Имаше една језива бучава и едно сивило во воздухот, невидено. Ја бев на нога, бев буден. Имав 13 години, клинец. Не би му препорачал никому. Бучавата е грозна... Во скопските земјотреси, овие локалниве, имаш чувство дека пропаѓаш, и по тоа ги познававме, односно јас ги познавам, локален ли е или странски, увезен. Пропаѓа. Почнува со една бучава, па пропаѓа. Тоа е одлика на скопски земјотрес. (...) Чувството е вертикално. Се тресе. Почнува со бучава. Тоа ми остана во ушите и виењето на кучињата. Кучињата имаат некој вака филинг, чувство некое претходно, оние не лајат, вијат, кучињата. Да преѓдеме на темата, јас бев 13 години, во наше време немаше интернет, ние правевме чатали. Ние бевме тројца другари, Рубенс Корубин, овој што е уметникот, Мишко и ја. Ја и Мишко бевме поавантуристи и бевме договорени од вечерта: вечерта до 10 саатот правевме чатали. Метални ги правевме и овие жици што се за изолација од нив се прави муниција. Како омега. До 10 саат навечер, пред зграда, топло беше... е, Мишко... јас тој другар го изгубив. Тоа ми е прва загуба во детството, да изгубиш другар. Тоа беше траума. Цело негово семејство погинува, тука живееја кај што е Маврово зградата, со цигла што е. И бевме договорени во 6 саат сабајле, ја ќе поминам ќе му свирнам одоздола пред зграда и да одиме во парк да тепаме врапци. Тоа ни беше на менито. Ја бев буден и се сеќавам на секој момент. Живеам на трети спрат, тука во зградата карши пицеријата до Јосип Броз... Ох... Неубаво, ама вистинито [плаче]. Се разбудив оти требаше да одиме во парк, ти кажав. Ме разбуди виењето на кучињата. И рикот на магарија. Ја до тогаш не знаев дека во центарот на Скопје имало магарија. Од кај излегоа, не знам. Собранието е близу, викам да не се избегани овие пратеници ве.

Јас не се ни сеќавам како се симнав по скали. Прв инстикт е бегање. Тој е најсилен. Уствари тој е најпогубен. Скалите во конструкцијата први се кинат. Среќа нашата зграда е стара, мајстори ја правеле. Се најдов доле, имаше облак од прашина, не беше слегнат. Сега

кај што е влезот на „Јосип Броз“, тука е зградата. Тука имаше деветкатница кај оваа шарената зграда, папагалка што ја викаат, таа на нозе остана. И нашата. Подоле имаше сквер, затоа се вика Плоштад „Слобода“, тука автобуси поминуваа. Имаше станица. И кај луѓето имаше паничен израз: „Што ни се деси?“ Помешано со страв. Мене баба ми ми беше останата горе. И ја пак инстиктивно се симнав и се качив по неа. Тоа е она срвајвинг, али појак е од тебе. Ја симнав баба ми. Комшии доле се собраа, пискање, врискање, тоа жените. И прашина. Али знаеш што беше најкарактеристично. Ја кога станав сабајлето на балкон излегов, во воздухот имаше едно сивило, помешано со звукот со лаењето на кучињата. Тие магарења од кај испаднаа, уште ми се во мислите. Дебар Маало е близу, ама немаше магарења, не сум видел. А, тогаш ги слушав, знаев дека се магарења, сигурен сум. Едно животно така не рика. Мајка ми лежеше во Градската болница. Ја отрчав кај неа, 13 години. Имав едни кратки кафеави куси пантолони и една плава маица, атлет, ама плава. Само знам дека трчав по средина на улица. Само прашина, прашина, прашина. Таа прашина од уста не ми излезе месец дена. Како мастика да џвакаш, ти крцка во забите. После дојде татко ми, нè собра, отидовме во Велес, таму имаше он пријатели. Нè прибраа тие. А, сега гледано од овој аспект, ако бегаш, бегај далеку. Секој ден, после земјотресот, на секој 5 минути имаше земјотреси, последователни. (...) И немав сон. Психолошки сигурно делувало.

• • •

Тодорка Весковска
(родена во 1951 година)

Јас бев тогаш некаде околу 5-то одделение. И се случи она што се случи, земјотресот. Полегнати сите во една соба, децава мислам, четири деца, и одеднаш татнеж се слушна некој, како земјиштето да се откројува и слушаш пропаѓање и нишање. И оно, почнаа да пукаат ѕидиштата. Не многу во Драчево, не се осети, имаше пукнатини доста, меѓутоа не знаевме што е. Нит сме слушнале, мали бевме да изучуваме уште за природата. Земјотрес појма немавме што е и како е. И баба ми еден момент слегува во собата и само тоа вика, имавме братучетка и сестра истогодишњаци, под мишки ги земала и само вика: „Бегајте деца, земјотрес!“ Излегуваме, нормално, одма надвор и она со сиот глас вика: „Бегајте, бегајте!“ И пред нас се наоѓаше канал еден од реката за наводнување наваму на полето. Имаше дрва, како се нишаше земјата така паѓаа гранките до самата земја допирааа, и прашина се крева. На главната улица живеевме. Народот возбуден, ококоравен, кој по ниви – тогаш гравови, на 26-ти јули обично во Драчево гравовите ги корнеаа – и од ниви забрзани се враќаат и почнаа да викаат: „Земјотрес, земјотрес!“ Се заврши што се заврши тој ден, имаше доста земјотреси со послаба јачина. Меѓутоа кои беа во градот мораа да бегаат, ама ние овде во селото не го осетивме толку. Родителиве не нè оставаа да влегуваме, се заврши

што се заврши тоа. „Деца, ајдете“ – и сите имавме обврска кој каде да оди. Ние, постарите, бостани чувавме во тоа време. И одиме точно на бостани, деца како деца, меѓусебно случкава ја расправаме. Доаѓа во истиот момент еден човек од Скопје – а, точно е, погледот накај Скопје беше дим, прашина невидена некоја си – и вика: „Деца, седете кај што сте се нашле, Скопје е срамнето со земја. Лелекање, плачење, тоа е нешто невидено, дали е останат пола од народот жив, сè е под згради.“ Пак не ни е јасно, што може, како може, додека не видиш со свои очи не можеш тоа, деца, на крајот на краиштата, деца.

• • •

Слободанка Јаневска
(родена во 1951 година)

Кога беше земјотресот си легнавме најнормално вечерта, тоа беше петок, а ова четвртокот навечер, јас и сестра ми, средната – ние сме три сестри – спиеше со мене на спална. Едно време кога затресе, ѕидот од спалната ни падна, за малку ќе нè утепаше. Се ослободивме од тоа, ама многу долго траеше. Куќата ни падна во земја 25см. Па едвај ја отворивме вратата надворешна за да излеземе оттаму. Не беше многу страшно, само тој ѕид што падна, друго не ни се оштети. (...) Спроти нашата куќа имаше амбуланта, одма, и тие што беа повредени тука се лекуваа. А кај нас немаше ништо од децата, мајка ми, татко ми.

• • •

Љубица Шемкоска
(родена во 1951 година)

Кога стана земјотресот имав околу 11 години. Спиев во соба заедно со сестра ми, мајка ми беше на работа. Беше детска негувателка во болницата за ТБЦ, кај кругот во Дебар Маало, тогаш постоеше таа болница таму. А татко ми сè уште не беше отиден на работа. Сестра ми беше, постарата сестра, во Охрид на одмор, а јас со моја сестра близначка бев дома. Ме разбуди една стравотна бука во почетокот. После тоа почна едно тресење. Ги отворив очите и гледам ѕидовите се отвараат. Гледам отвори, вака големи, пукнатини, ама јас мислев сон е, не бев свесна што се случува, мислев сон е. Татко ми наеднаш влегува во собата и ми кажува: „Деца, веднаш станувајте, по сè изгледа надградбата паѓа“. Во тој период општината ни имаше наложено во зградата над третиот спрат, со три спрата беше, односно приземје и два спрата, да се направи уште еден спрат. Па станарите, кога ќе ти наложи општината, не се противеа многу во тоа време, како сега на пример. Така, така. И почна да се гради значи надградбата и мислевме

дека нешто се случува околу тоа, попуштиле темелите или нешто слично. Арно ама, еве после сфативме дека се работи за земјотрес. Моравме да излеземе надвор меѓутоа вратата беше потисната од навратникот и не можеше никако да се отвори. За среќа еден комшија со цела сила даде напор и ја отвори вратата и некако излеговме. Меѓутоа останавме стаписани пред влезната врата од зградата. Некои станари што веќе беа излезени ни рекоа да останеме тука на место, ќе ни кажат кога да излеземе затоа што жици од електрика беа натиснати, тука баш пред самиот излез. Освен тоа почнаа и цигли од надградбата да паѓаат. Кога ни рекоа дека може да поминеме, тогаш излеговме надвор и останавме цела ноќ во паркчето – на булевар ЈНА живеевме тогаш – на паркчето пред зграда, на отворено. Тоа беше.

Блиску до нашата зграда имаше една зграда, нешто помала беше од нашата, аптека имаше на ќошето, таа се сруши целата, куп. Подоле исто така една зграда. Во тие две згради живееја две мои другарки. Во едната другарка ми Емица, во другата Викица. Емица фамилијарно, мајка ѝ, татко ѝ и брат ѝ беа на одмор, а она со сестра ѝ останаа дома и беа под рушевини ама за среќа ги извадија живи. А во другата зграда каде што живееше друга другарка, на иста возраст бевме и многу дружевме, си игравме заедно, Викица, тие еден месец или нешто повеќе, не се сеќавам сега колку, тие живееја веднаш спроти нашата зграда на ќошето тука кај што е, (...) мајка ѝ на Викица обидувајќи се некако барем некое да спаси од децава, брат ѝ беше малечок, не се сеќавам сега колкав беше, го завиткала, може две години, го завиткала во некој јорган и го фрлила од тераса. Како што го фрлила, плоча над нејзе и таа остана да виси, значи, плочата ја поклопи и остана да виси од терасата надвор. Сите загинаа, и Викица, и татко ѝ и мајка ѝ, освен брат ѝ. И тука доста луѓе загинаа во таа зграда и тоа беше навистина шок. Луѓе излегуваа голи буквално, покриени со ќебиња, лето беше, топло, по долна облека или сосема голи, млади... И така.

• • •

Митко Кекеновски
(роден во 1951 година)

Да, јас во Чаир живеев. Бев тука, дома, сабајле во 5 саат, се разбудив пред 5 и пак легнав. И таман што легнав, задремав, и тогаш здрма и ние заедно со браќата, затоа што во еден кревет спиевме со браќата, на дрвени кревети, сите тројца заедно спиевме, и кога удри вака, вика: ајде, да бегаме, да бегаме! И мене на бегање само нозете вака на черга, во куќа, знаеш, ама станав. И татко ми од втори спрат рипна, одвај се спасивме. Куќата беше сè уништена. Ни даваа барака, ама татко ми неќеше и останавме тука во Чаир. Па потоа дојде помош, дојдоа Германци таму во Чаир, кај сточен пазар – имаше сточен пазар таму – имаше шатори за храна. Па после 15 дена, ме пратија, уствари ја отидов, бев во Словенија, млади години, 13 години...

• • •

Јелисавета Димитровска
(родена во 1952 година)

Па, бидејќи бев десетгодишна, ми беше многу страшно, а бев и одвоена од родителите. Значи, таа 63-та година, бев испратена од моите на летување во детското летовалиште на Водно. Таа беше зграда од два спрата и јас точно се сеќавам дека бев сместена во соба на вториот спрат и утрото кога веќе затресе, мислам многу јако, силно, знаевме ние за што се работи, дека земјотрес е во прашање, пошто дотогаш не сум ни доживеала. Знам дека сите станавме, сите се најдовме веднаш пред зградата, во дворот. И сите почнавме едноставно да плачеме. Тогаш веќе дознавме, ни кажаа дека е земјотрес, дека Скопје всушност и гори. И прво што спомнаа дека Техничкото училиште кај што живеев јас, дека гори таму. И нормално веќе почнуваш да мислиш, се плашиш, сè повеќе од тоа, и бев многу растревожена. Првиот што дојде да ни каже беше баш на мојата пријателка таткото, тој беше полицаец. И јас одма прашувам: „Како е таму? Кај факултетот, таму живеам." Сега, сакаше човекот да нè утеши дека е добро, сè е поминато, меѓутоа веќе се гледаше од Водно и дим и чад.

• • •

Вера Поповска
(родена во 1952 година)

Тука ни беше куќата, дури си ја памтам и мојата улица, „Козјачка" број 30, тука позади во тие улички беше и куќата на Мајка Тереза, така да ептен во строг центар и многу ми беше убаво зошто сè ни беше при рака. Учев во „Браќа Рибар", тогаш бев трето одделение... Четврто одделение бев кога се случи земјотресот. Не, трето одделение бев, а четврто одев во Карпош во школо за да не ја менувам учителката, сакав да продолжам таму, мислам, така и родителите мислеле. Земјотресот нè затече преселени во Карпош, таа 19-та зграда. После поплавата. Зградата не се сруши ама толку беше страшно... Од таа една долга зграда што беше покрај „Партизанска", таа пропадна скроз, остана само последниот спрат од зградата, толку беше пропадната во земја, ја немаше едноставно, како барака, како куќите останати, прозори срушени горе. Сите три спрата беа пропаднати во земја. Карши уште една, таа не падна ама и остана само еден ѕид, другото се беше слизнато надолу и беше многу страшно, повеќе за возрасните него за нас. Ние како деца гледавме ама не знаевме што се случува. На прво што помислив кога се симнавме, имав другарка во таа зградата што пропадна, што ја снема, исто се викаше како мене. И сега каде ли е она? Ама толку тоа за еден момент помислуваш, демек зградава на тоа

дете пропаднала. Може сме биле и шокирани, не знам како се случувало тоа. Друг впечаток, луѓето кој како се нашол така излегол од дома. Повеќето беа свиткани во пешкир, во чаршаф зошто беше страшно топло лето, многу топло лето, да не речам како ова што го поминавме оваа година. Мене ми беше поинтересно да ги гледам луѓето зошто така се излезени него други работи. Не беше толку страшно за мене тоа затоа што зградата беше цела, никој не беше повреден од зградата.

• • •

Ханка Мехмети
(родена во 1953 година)

Земјотресот беше голема катастрофа, страшна работа. Имав 11 години и, верувај, сабајлето братот се спремаше да оди на работа, имавме еден бунар – куќата ни беше кај Пластичарска, таму кај Серава – и брат ми да си го измие лицето, приметил дека водата е многу матна и ѝ вели на мајка ми: „Мајко, водата е многу загадена и матна". Мајка ми му вели: „Уште не си расонет, затоа така ти се чини". Ама изгледа дека уште тогаш нешто се случуваше во длабочината на земјата. Таман ги облече чевлите и затресе. Куќата ни беше два спрата, а во неа живееја и други фамилии – тогаш бевме големи фамилии и така се живееше. Сите во една соба, наредени така еден до друг; мајка ми имаше седум деца. Излеговме надвор, јас го земав помалото братче и бегаме... Најголемиот брат имаше мало синче и му ја имаше покриено главата со јорган, да не случајно му падне нешто. Таман штом излезе, падна ѕидот, ама сите се спасивме. Другиот брат беше во болница за време на земјотресот, имаше проблеми со белите дробови, и скокнал од вториот спрат за да се спаси. Татко ми исто така беше болен и стар, беше внатре во куќата, ама среќа ѕидовите паднаа нанадвор, а не навнатре, и сите останавме живи.

• • •

Анастасија Симиџиева Блажевска
(родена во 1953 година)

Сега, во 1962 година ние се доселивме во Скопје, а во 1963 година нè прифатија во прифатилиште со локација отприлика каде што се наоѓа бензинската пумпа во Чаир. Тоа беше населба од монтажни бараки и ниски куќички од по еден спрат, додека во позадината, на север, беа недогледни полиња. Објаснувам за да искажам претстава како изгледаше моментот кога се случи земјотресот. (...) Рано наутро, кога се појави првиот потрес, секако тоа време спиев. Нашето сместување беше од две соби, од кои во едната спиеја братот и мојот татко, а во

другата – големата спална соба – спиев јас. Утрото, кога почна првиот потрес, не се сеќавам дали тоа бил првиот потрес, зошто во сон ме разбуди силна болка во главата. Само што станав забележав дека сликата што беше закачена над спалната со врвот ме погоди во челото. Јас во шок, немав време ни да се расплачам зошто за многу кратко време во собата влезе татко ми. Ме крена во раце и ме изнесе надвор. Шокот беше двоен. Како дете забележав дека не сум сама, дека одеднаш толку многу луѓе, разголени, зошто беше толку многу топло, во пижами, некои од нив веќе клекнати, седнати на земја. Се плачело, се викало, се пискало. Меѓутоа татко ми само ми кажа: ,,Не плаши се, земјотрес. Земјата се тресе, не е ништо страшно, вие само седете тука со брат ти, да видам што можам да направам". Што беше тоа што сакаше да го направи, не знам, но прво забележавме дека ја нема мајка ми. ,,А мама? А мама?". Таткото: ,,Мајка ти уште во раните утрински часови појде на пазар, на Бит-пазар, да го фати денот затоа што е топло."

Потресот што следеше после тоа – значи тоа се случуваше како молња – следниот потрес дури мислам дека беше толку силен, се почувствува, и луѓето уште толку почнаа да викаат, да пискаат. Бараките се гледаа како се нишаат, но не паѓаат. Тлото целото се тресеше и ние со него, меѓутоа гушнати. Интересно е што луѓето во време на таква паника се собраа што е можно поблиску еден до друг. Значи не се распрснаа, не се бегало, него се собираа како во купче. Не знам колку време помина, само знам дека после еден потрес, следуваше друг. Така некако беа потресите, тресењето на земјата, толку зачестено, што немате чувство дека има некоја пауза меѓу нив, од еден до друг потрес. Не знам колку време траеше тоа, зошто не се сеќавам на времето, ама мислам дека тоа беше од големиот страв што го доживеав зошто нашата мајка не беше со нас. Таа е домаќински тип, секогаш покрај нас, секогаш утешителна, а сега ја нема! Вториот шок дојде после некој саат кога забележавме дека она се појави целата разбушавена, покриена со прашина, со пепел фустанчето, косата, и имаше разранети колена. Дури тогаш сфативме дека нешто се случува. Мора нешто страшно да се случило. Само дојде, нè прегрна: ,,Не плашете се, ова е земјотрес".

Многу подоцна таа ни ја кажа вистинската нејзина приказна, дека беше сведок на смртта на осум луѓе. Значи, она одејќи во правецот на Бит-пазар, беше некаде 5:10-5:15 – малку ќе ве зачуди, во тоа време одеа на пазар многу рано, во рани зори; она беше таква – таму имаше една нова самопослуга, монтажна, но само влезот и дел од кровот беа бетонски. Тој бетонски кров направи бељa, во раните утрински часови она виде цела колона на луѓе како чекаат. Меѓутоа, кога се случи земјотресот нејзе ја задеси кај Јаја-паша, тука падна. Многу беше силен потресот, што она падна. Блиску имаше едно мало дуќанче за вар и од тоа она излезе со прашина, раскрварени колена. Некој стар човек и вика: ,,Во кој правец одиш, ова е земјотрес, врати си се дома", и она на враќање ја виде бетонската плоча и виде само нозе. Тоа уште повеќе ја исплаши, тука тие осуммина загинаа под бетонската плоча, другите се извлекоа. Тој страв ја држеше неколку дена, меѓутоа нас нè заштити, не ни кажуваше за таа случка.

Сега да го објаснам моментот на потресите. Падна чудно што жените и децата како да се собираа секој еден до друг, сите ќутливи, и само што ќе се слушнеше – пак. Што беше тоа можам убаво да се сетам, тоа беше најавата на новиот потрес. Најавата беше чудна. Природата се послужи со некој чуден звук за да го каже доаѓањето на земјотресот. Тој звук наликуваше на некоја бучава. Како да не знаете точно од каде избива. Дали е негде до вас, дали е над вас, [и] неколку секунди по таа бучава се појавуваше потресот. Во таа паника што траеше неколку часа се најдоа луѓе коишто во тој момент беа присебни. Тоа беа многу возрасни луѓе, возрасни мажи. Можеби ви напоменав дека живеевме во населба на монтажни бараки која се нарекуваше прифатилиште. Тоа беше прифатилиште на население коешто ги напуштило државите во кои живеело и сакаа да се вратат во родната земја. Значи, имаше иселеници, многу млади луѓе од сите делови на Европа. Имаше најмногу од Русија, Полска, Чехословачка, Мацарска... И сето тоа беа луѓе возрасни, кои стекнаа образование во тие земји. Веднаш се организираа, да бидат утешителни, да нѐ смират. ,,Не плашете се, јас сум медицинска сестра, ако има потреба од помош тука ќе помогнеме".

• • •

Васка Тадаси
(родена во 1953 година)

Јас тогаш немав ни полни 10 години, меѓутоа убаво се сеќавам на првите моменти. Ние живеевме во Автокоманда, тогаш беше последна 2-ка, до основното училиште – сега „Стив Наумов" – мислам дека и сега постои. Таму учев. Трето за четврто тогаш бев, затоа што беше летен период, нели, 26-ти јули. Нормално, прво бучава осетивме, силна бучава. Нормално, дека мајка ми нѐ разбуди и татко ми. „Излегувајте брзо надвор, ова е земјотрес". Немавме некои рушевини во зградата во којашто живеевме, куќа заправо беше тоа, а очекувавме стан да добиеме тие денови во тие згради што се градеа таму во Автокоманда. Бевме покриени со малтер, паднати столици, некои предмети од креденци се викаа тогаш... Излеговме веднаш надвор, нормално, по пижами, по сето тоа, и отидовме во школскиот двор којшто беше прилично широк. Е, сега, кажаа веднаш после тоа следуваше вториот земјотрес. Брзински излеговме, а вториот го осетивме со голема бучава. Исто и тој беше разорен. Колку беше по Рихтер не ми текнува, дали 5-6 степени, тука некаде. Меѓутоа, лелеци почнаа да се слушаат од сите страни. Луѓето беа навистина уплашени и тоа добро го памтам. Сите тука се собиравме и викавме, слушав како дете, нели, меѓу возрасните: „Ова е нешто страшно што ни се случува". Што приметивме, имаше тука врзано некои коњи, од која причина не знам, дали било нешто за чување... Пред да почне, оти имаше серија земјотреси, пред да почне следниот земјотрес животните страшно реагираа, почнуваа онака со крици... Тоа го памтам како дете. И возрасните викаа: „Еве, пак ќе има, пак ќе има!" И навистина пак почнуваше земјотресот.

• • •

Мустафа Пеза
(роден во 1953 година)

Наредната година, на 26 јули, во 1963 година, се случи земјотресот. Беше летен ден, луѓето не очекуваа дека ќе им се случат некои работи. Се сеќавам дека претходната бевме во циркусот „Адрија“ со моите родители, беше дојден во Скопје. Потоа бевме во „Кермес“, ресторанот во паркот, моите пиеја кафе, јадевме вечера и си отидовме дома. Во 5 и 17, на 26 јули – јас спиев во мојата соба – ме разбуди многу силна бучава. Во тој момент дојде татко ми и ме крена, а јас гледав како паѓаат нештата околу мене: бориите на шпоретот во салонот, долапот, целиот ѕид на една куќа, вратите на куќата – имаше една врата кон балконот и една за надвор – не се отвораа. Татко ми се трудеше со сила да ги отвори, а мене ме фрлија од прозорецот во кујната. Доле ме чекаше вујко ми, тој исто така скокнал пред мене од прозорецот. Вујко ми беше дојден пет дена претходно, бидејќи еден друг вујко што живееше во близина се женеше. Ме фрлија од горе, а јас, нормално, почнав да плачам. Ја драснав и ногата, до ден-денес имам лузна на таа нога. Откако заврши првото тресење, вратите се пуштија, се отворија после без проблем, па излегоа и мајка ми и татко ми. После неколку минути се почувствува второ тресење. Градбата отспротива мојата куќа – мојата куќа имаше два спрата – падна, половина од куќата како со нож да се пресече. Таму загинаа доста луѓе, една жена која продаваше лимонада во еден киоск пред плоштадот. Таа се врати да земе некои работи од внатре, можеби пари, не знам, но се врати и загина. Загинаа и многу други луѓе, вклучително многу другари од мојата улица. Беше навистина страшно. Татко ми, гледајќи нè нас, мене и мајка ми дека сме исплашени, влезе внатре во куќата, зеде некои сокови што ги имавме за свадбата што ја споменав претходно и ги донесе. Од другата куќа, бабата на д-р Ношпал влезе внатре во нејзината куќа и донесе вода, во еден ѓум, имаше еден постар бел алумински ѓум и го донесе, полн со вода. Така некако помина денот, за нигде. Луѓето беа преплашени.

• • •

Митат Алија
(роден во 1953 година)

Земјотресот јас многу малку го памтам, бидејќи имав 12 години. Се сеќавам дека мојата куќа малку падна, само еден ѕид падна. Беше со керпичи, 80 сантими ѕид, со летви и керпичи и кај сакаше земјотресот таму го носеше и ѕидот и куќата. За ѕидот што падна, газдата од кого ја купивме куќата, ни кажа дека ја правел после бомбардирањето на Скопје. Две бомби паднале

тука кај џамија Хаџи Балабан и ѕидот бил помрднат тогаш, тој малку ја реновирал куќата и така ја оставил. Кога се тресеше, ѕидот падна. Оттука после отидовме за Арачиново, таму имав две сестри, отидовме кај сестра ми; се плашевме, непрекинато се тресеше и мораше да отидеме дури се стабилизира. Подолго време останавме кај сестрите. Татко ми реновираше нешто малку. Со една плата што да прави човекот. Тогаш најпотребно беше да се има пари, како и сега, да можеш да градиш нешто. Храна нешто даваа, делеа тие, државата. Често беше, ти ќе земаш едно, тој ќе земе пет. Се сеќавам, дете бев ама го памтам, го викаа американско млеко тоа, прашок беше и стави врућа вода и станува млеко. Неопходните работи ги даваа тогаш.

• • •

Ристо Марковски
(роден во 1954 година)

Земјотресот го доживеавме во куќата што беше на самата ул. Железничка. Во моментот на земјотресот дома бевме јас, постариот брат, Спиро, и најмалиот брат, Никола. Вечерта легнавме како и секоја друга вечер, дечиња, расположени, изморени од игра. Некаде утрото слушнав силна бучава и само што ги отворив очите, сè беше темно. Грлото, носот, цел бев исполнет со прашина... Не знаев што се случува. Пробував да сфатам, да разберам, меѓутоа... Нешто ново што никогаш не сум го доживеал. Слушав гласови, викање. Беше многу страшно, мислев дека трае цела вечност. Наеднаш видов светлина... Ме извлекоа надвор. Пред куќата имаше многу народ. Сè беше рушевини, викаа, копаа... Во дворот беа мајка ми, помалиот брат... А во рацете на двајца мои братучеди, повозрасни од мене. Едниот беше внук на мајка ми, а другиот беше внук на татко ми, името на едниот беше Нико, а на другиот Тошо Маџарот; едниот живееше во Керамидница, а другиот во Мичурин. Кога дошле, како успеале со комшиите да не извадат – не знам. Колку време траело тоа – не знам. Само знам дека пристигна и татко ми кој утрото беше заминат на работа, работеше во ЈСП, т.е. градски сообраќај. Само знам дека најстариот наш брат ја испушти душата во рацете на тие двајца братучеди. Знам дека татко ми се онесвести. Почнаа да викаат, дојде брза помош, нè ставија сите внатре... Мислам дека и јас сум се онесвестил оти на ништо друго не се сеќавам. Само се сеќавам, кога се освестив во кругот на државна болница, брат ми лежеше, починатиот, до нас, татко ми исто така. Го освестија и почна да плаче. Почна да плаче не само за брат ми, туку и за мајка ми која беше многу, многу тешко повредена. Мајка ми и брат ми помалиот ги земаа со брза помош и ги однесоа во Куманово. Нас некако нè освестија. Дојдоа роднини, чичко ми, други братучеди, нè земаа. Брат ми, починатиот, го однесоа во Кисела Вода кај чичко ми, мене во Керамидница, татко ми исто со брат ми. И сега кога се присеќам на тие моменти, тоа го доживувам како да се случува сега. Тоа е нешто нестварно, нешто што никогаш повеќе во животот не го имам почувствувано и видено.

Не знам како изгледа за луѓе што не го знаат и познаваат тоа, меѓутоа да имаш свој дом, да имаш брат, да имаш сè, и во една секунда или неколку секунди – сето тоа да исчезне. Јас не велам дека не сум продолжил да живеам и дека немам среќни моменти. Сега веќе имам 67 години, меѓутоа празнината, болката за изгубениот брат сè уште ја чувствувам. Болката за изгубениот дом, болката за, можеби некој нема да верува но, изгубено детство, затоа што јас од тие моменти, од тие секунди никогаш не продолжив да живеам со полна душа како што сум живеел до тогаш. Тоа е глетка што не можам да ја заборавам.

• • •

Меѓид Етеми
(роден во 1955 година)

Имав осум години кога се случи земјотресот, бев во Скопје. Кога затресе, не знаевме дека е земјотресот. Нè фати една паника: насекаде имаше прашина, куќите се рушеа, луѓето вриштеа и плачеа. Имаше и луѓе со рани и со повреди, растрчани секаде. Ние децата не знаевме каква катаклизма се случува. Немавме искуство ние, тука, со таква работа.

Во таа паника, сестра ми ја заборавивме внатре, така се сеќавам, и татко ми – пред да се распадне куќата – влезе и ја зеде сестра ми. Господ така сакал. Местото каде живеевме се викаше Стара Бања. Поточно, се викаше Стара Нова Бања. Беше во центарот на градот.

• • •

Ѓорѓи Јовановски
(роден во 1956 година)

Земјотресот го паметам... бевме во Мађари. Значи, со брат ми спиевме заедно во соба и почна да се тресе. Се разбудивме, нормално, јас и брат ми, ко деца, уопште не знаеме шо се случува, затоа што не ни знаеме што е тоа земјотрес. Во тој момент налетува татко ми и нè фаќа, буквално, да не речам нè фаќа двајцата, и вика: „Бегајте надвор, ова е земјотрес!“ Само шо излеговме, да не кажам, од собата, од детската соба кај што спиевме, добро тоа се сеќавам – шифоњерот точно падна на нашите два кревети. Значи, буквално во последен момент татко ни нè спаси. Тоа дали ќе било повреда или усмртување, тоа не знам.

• • •

Сабедин Ејупи
(роден во 1956 година)

Јас, искрено, не ни знаев што е тоа земјотрес, бев многу мал. Се сеќавам само на моментот кога почна да се ниша креветот каде што спиев. Многу се нишаше, се лулаше, и помислив дека некој си игра со мене. Многу тресеше креветот. Станав на нозе и не знаев што се случува.

• • •

Фатон Исмаили
(роден во 1957 година)

Искрено, сеќавањата ми се по малку бледи. Бев дете, имав 6 години, во тоа време живеевме во барака со семејството, кај Караџица – така се вика местото – каде што се основното училиште „Тефеиз“, претходно тука било училиштето „Лирија“. (...) За време на земјотресот сум имал среќа, голема среќа: над орманот каде што биле алишта имало некоја помала комода што се паднала накај мене во тресењето, но, за среќа, не врз мене.

• • •

Никола Марковски (роден во 1959 година)

Не знам што би можело повеќе да се додаде од мене зошто јас тогаш сум имал нецели четири години. Моите сеќавања се многу послаби, може и само една глетка, еден момент, дека се наоѓам под некој снег каде што голткам грутки од снег, тоа било најверојатно прашината затоа што тоа било нешто сосема ново за мене како глетка, како поим, како осет, како чувство. Повеќе се сеќавам можеби на делот кога поради повредата на мајка ми, мајка ми ја пренесуваа во Куманово, во кумановската болница, брат ми го праќаат во Битола кај роднините.





ПРВИТЕ
ДЕНОВИ ПО ЗЕМЈОТРЕСОТ

Трајко Димитров
(роден во 1930 година)

Потоа, сè беше онака – што се вика – тажно, меѓутоа јас имав тогаш веќе седум години искуство како инженер, имав и сопствено возило. Претпоставив дека треба да се јавам некаде. Отидов во плацот на пратениците тука кај Млин Балкан, тоа беше позната локација дека има некоја јавна функција и веројатно спаѓав меѓу првите што дојдов и се ставив на расположение и добивме некакви задачи да направиме панорамска прошетка низ градот да видиме колку е тоа оштетено, пошто ниеден друг флуид не работеше, ни вода, ни струја, ништо, сè беше мртво. Отидов да си видам семејството на адресата „Титоградска" и на „Орце Николов", констатиравме дека не е срушена, само растресена како и сите објекти што беа, дека нема загинати и потоа пошто Тафталиџе не беше, тоа беа така празни простори, се повлековме ние (...) во тие пет згради и двете кули, народ се собра, уплашен, секој на свој начин ја доживува таа катастрофа. Јас за себе ќе речам дека делував смирено.

Потоа се распределивме, отидов до кај браќата. Јас со фичото мое, ги ставив мојата сопруга со двете деца, постарата снаа со двете деца, третата снаа со двете деца и јас. Прво ауто кое стигна во Гостивар со живи луѓе кои го преживеале [земјотресот] бев јас со фичото. Десет луѓе кога почнаа да излегуваат... Тој ден јас четири пати возев Скопје – Гостивар и назад, времено да се згрижат луѓето. После си најдоа некое решение. Ама првиот ден, кој беше пеколна горештина, деца на улица, не може да биде тоа здраво. Ова беше првиот ден и потоа се редеа слични денови. Се формираа некакви шаторски населби на игралиштата, на градски стадион. Ние како фирма се ставивме на располагање со нашиот капацитет. Зградата ни беше растресена, „Македонија проект", меѓутоа ние бевме употребливи како жива сила. Како одеше времето, така и ние во од добивавме некакви задачи. Јас не знам по која линија упаднавме во некои тела во градот што се формираа, како сега се сеќавам дека ние во некој состав требаше да предложиме хитни решенија кои ќе бидат во функција. Тогаш падна одлуката за подвожњакот, тој беше врска меѓу овој дел на градот и оној дел на градот што беше под Водно. Ама пошто пругата беше тука и станицата овде, пошто е тоа на ниво, тоа беше непогоден дел на Скопје заради тоа што возовите кога ќе дојдеа, кога ќе правеа маневри, мораа сите рампи да бидат спуштени, тоа знаеше некој пат да трае и со саати. Значи тој дел на градот фактички беше повремено отсечен и беше направен едниот дел од подвозникот што постои и сега.

• • •

Русе Галевски
(роден во 1938 година)

Друго што ве интересира? После се качувавме, носевме, се створија пунктови, се направија во паркот шатори, носевме јадење, леб. Учителската школа се растури. Таму [во учителската школа] се полнеа, да речеме, доаѓаа камионите и леб носевме. Ќе речеа: „Однеси таму, ваму“. И ние во каросерија седиме и носиме. После почна да пристигнува помош и така. (...) Трчав и да видам мајка ми каде што работи, всушност, прво поминав до Радио Скопје, Офицерскиот дом паднат, прашина секаде, хотел „Македонија“ немаше страна, падна страната. Трчав да видам мајка ми дали е жива. Не изгубивме никој, фала на Господ. И од блиската и од далечната фамилија никој. (...) И тоа, спиевме во паркот. Знаете како, кога ќе почнеа да рикаат лавовите знаевме дека ќе има земјотрес. Животните кога ќе се вознемират. Кога се смири, јас со двајца братучеди земавме шатор со кревети. Во шаторот спиевме неколку месеци додека не падна снег.

• • •

Раде Ѓорѓиевски
(роден во 1940 година)

Отидов на работа, во тој момент дојде и шефот што беше раководител на механизацијата. И, што да правиме, земавме еден камион, тогаш немаше патнички коли, земавме камион и отидовме да видиме што се случило во центарот. Не знаевме натака што се случило... Земавме камион и тргнавме низ центар. Сè беше срушено, луѓето како излегле, бегаат, летно време, кој како спиел, излегле по чаршави, плачат, кукаат... Отидовме до Карпош 1 тогаш, и ја видовме таа 13-та зграда, двата спрата пропаднале надолу, значи двата спрата долу беа од целата зграда. Многу беше лошо. А во центар, кај „Рекорд“, сегашното Министерство за правда, тука живееше мој другар – кај Министерството за здравство, тогаш не се викаше министерство туку Секретеријат за здравство и социјална политика. Така се викаше во Југославија, нели. На другарот зградата паднала цела, другарот го нема. Кога тој, така се случило, да падне плочата ама да остане шуплина внатре. Три дена седел внатре, вика: „Слушам како викаат, како чистат, расчистуваат. Најдов една цигла и удирав од долу“. По некое време слушнале дека има жив човек тука и го извадиле по три дена. Умрел за вода. Депресија, страв, не знам како преживеал. Потоа излезе, го извадија, и така... После се вклучивме во расчистување. Камионите ни ги земаа под Министерството за внатрешни работи и они вршеа распоред кој каде да оди, нели се селеа луѓето. Па Прилеп, па Делчево, Кочани, секаде. Од каде се дојдени си имаат роднини таму. Овде сè е распаднато, нема

каде да седат, ги селиме така, помагаме цело време, вклучени бевме во расчистување, секаде бевме. Носеа роба, ќебиња, помош праќаа па ги носевме по куќи. Цело време, три месеци не сум спиел, во камион спиев три месеци, грдо било. Тој што не преживеал не знае, тој што преживеал знае. Друго што да ви кажам? Земјотрес е секаде исто, кога ќе фати сите што се живи се вклучуваат во расчистување, тие што се затрупани ги вадат, помагаат итн. (...) Јас каде што живеев, на 200 м, кога се вратив, дел од зградата, половина беше падната. Јас среќа што не останав тука, може ќе загинев, сигурно ќе загинев зошто делот падна токму каде што живеев.

• • •

Лефтерија Петковска
(родена во 1941 година)

Е, сега јас за мене. Требаше да се породам и од општина прашаа: „Што мислиш? Има за Словенија, за Битола воз и за Куманово“. Свекрва ми му вика: „Што ќе прави она во Словенија? Кој ќе ја види, кој ќе ја стори? Далеку е“. „Не, со воз за Битола ќе одиме“, вика. Ама во тоа време ни кажаа дека воз ќе има за Куманово. Се пикнавме ние во Куманово. Отидовме таму, нè примија по две во еден кревет спиевме, трудници. Јас не се породив, дали се повредив, дали тешко... многу тежок пораѓај имав. Од Скопје ме пораѓаше професор еден. Ако не дојдеше, бабиците – ништо. И после тоа се видовме таму, а и вујната беше со Никола и со Ристе. Свекрва ми отиде да ги види нив и ме остави, си отиде. Јас се породив дури на 5 август, многу тежок пораѓај имав, многу тежок. Немаше царски рез тогаш. И, ти кажувам, за малку ќе липсав ама дојде од Скопје, како се викаше, го заборавив... Кога ми ги стави рацете овде реков душата ќе ми излезе. И така се породив таму, во Куманово, седев 5-6 дена таму и дојдоа, ме земаа. Е сега, кога дојдовме дома одма ни дадоа – фер – шатор, опрема сè за доле, ние во куќа сме, тука блиску, во куќа. Ни го наместија таму, јас еден месец не се качив горе. Мажот ми па одеше и свекрва ми, јас со бебето доле. Еден месец доле сум седела. (...) Сите комшии надвор беа, седеа. Моите се качуваа, немаше штета многу во куќата, ама мене страв во коски. Јас викам: „Со детето доле ќе си седам“, си го бањаме доле, ќе симнат вода топла, ќе го избањаме. „Не одам“, му викам, „готово, уплав имам“.

• • •

Етиш К. Меди
(роден во 1941 година)

После тоа почнаа делегации да доаѓаат. Па тоа беше лом. Имав еден другар, сите негови погинаа, само тој остана жив. Јас живеев Гази Баба, куќата имаше бољме со дрва како стубови и со железа, тие куќи не паѓаа, само се нишаа. После добивме 6000 динара, на татко ми. Државата не даде нешто помош многу, тоа беа многу малку пари. Со тие пари требаше да се реновира, а што ќе се реновира со тие пари?

После во Сингелиќ, Влае и други места, каде сè не направија бараки. Бараки земаа оние кои можеа. Брат ми на пример зеде барака, јас сакав да ја поправам куќата, а другиот брат беше на Голи Оток две години. Катастрофа беше, тие денови да не се повторат, аман.

• • •

Борис Младенов
(роден во 1941 година)

Имавме телевизор ние, уште пред ова земавме, 61-ва, 62-ра година, и слушавме вести како било, што било. Утредента ние, јас и едно комшиче девојче, тргнавме да видиме низ градот што е оштетено. Најпрво отидовме во Карпош, таму тогаш се градеше и слушнавме дека некоја зграда потонала до вториот, до третиот спрат. (...) Отидовме да ја посетиме, да ја видиме. Ја видовме зградата и потоа се вративме назад, отидовме на плоштад. Што да видиме... Офицерски дом, Банката, Железничка станица, сите беа многу оштетени, паднати итн. Имаше и доста други работи да се видат ама не можевме повеќе да гледаме затоа што и немавме време толку. Уште одма почнаа да стигнуваат авиони од странство, почнаа да носат материјали, луѓе за расчистување на градот, градот беше многу оштетен, до темел скоро. Али имаше многу, многу народ што дојдоа од страна, од Америка, од каде беа... Така да, расчистувањето беше доста со тоа [механизацијата] што пристигна после. И бараки за сместување [даваа] на луѓето, се градеше, се правеше, се онадуваше. Али за земјотресот, нас, кога беше оштетено и првиот ден уште одма, нè преселија во школото „Даме Груев", нашиот дел што бевме, поставија шатори и секој беше сместен таму. А, јас бидејќи работев во општина „Саат Кула" во тоа време, и општината ни беше оштетена па нас нè сместија во студентски дом кај Гази Баба таму, кај Природно-математички факултет. Тука околу Гази Баба ни поставија шатори, секој службеник си имаше фамилијарно, можеше да биде тука ама бевме во една барака таму како служби. Имаше едно 5-6-10 соби, не знам колку беа, и тука почна да се работи.

• • •

Хабиб Ахмети
(роден во 1943 година)

Целта на сите беше да земеме леб и да им однесеме на нашите дома да јадат. Мајка ми и останатите женски лица од семејството ги испратив во Феризај [Урошевац], оттаму ни е и потеклото, а ние машките останавме тука и спиевме во нашата бавча во Нерези, таму поставивме еден голем шатор и таму спиевме месец и пол. Ние младите можевме да патуваме каде сакаме во тоа време, јас отидов во Пула, Истра, возот беше бесплатен, беше Југославија плус, лична карта со тебе и тераш, отидов да посетам еден мој братучед, беше војник таму. Куќата ни се распадна целосно, и нам и на други семејства. Дојдоја службите, ставија некои белези дека не може да се живее во оваа куќа и после купивме една куќа во Нерези каде до ден денешен живееме јас и моето семејство. Таму во Нерези живееја и моите браќа, но некои се отселија оттаму и отидоа во Косово да живеат. Некои од нив се починати, ние останавме уште двајца.

• • •

Таки Јосифов (роден во 1945 година)

После ги собраа децата и ги однесоа во Загреб, кој таму, кој на друго место, сами си одеа кој каде сака, а за во Загреб веќе беше организирано и многу деца отидоа таму. Јас не отидов во Загреб, отидов во Битола во едно село, таму ми беше поинтересно, кај роднини. Е, тоа беше таа целата, интересна работа: пошо цело време тресеше, онадуеше, ни беше страв да седиме дома и надвор бевме, и тоа е... Е, после земјотресот, кога дојдоа од други држави да го онадат, е тогаш дознавме бааѓи работи: шо се дешаваат и не се дешаваат (...) Кога дојдоа тие луѓе од странство ги видовме дека другчие живеат, не живеат како нас овдека, примитивно; ние ептен примитивно живеевме. Скопје тогаш не беше големо: завршуваше кај Мичурин и Универзална сала кај Градежниот факултет, е тука бевме собрани сите... Мацар Маало, Ново Маало, Еврејско Маало кај шо е Мајка Тереза, Дебар Маало, другите маала и немаше други. Кога дојдоа тие почнавме друг живот, а друго беше кога не беа тие (...) Види, после земјотресот немаше ништо веќе, водата не чинеше, леб немаше, затворени беа продавниците, нема кај да печеш, док се уходавме едно десетина дена беше тешко, ама после коа се уходавме...

• • •





Велко Илиевски
(роден во 1945 година)

Е, кога се случи земјотресот, после месец дена или колку таму нѐ организирава демек ние младите шо сме децава да идат низ цела Југославија. И ние од маалото седум души како другарчиња сите нѐ пратива за Белград, стигнавме за Белград, и во возот нѐ прашуваа: децата из Македоније каде сакате да ве носиме и јас викам Загреб и ајде Загреб. Деца, само деца, и отидовме у Загреб и тамо ни рекоа дека нема место и ни вика може да останете тројца, ама ја викам седум души сме и ми вика шо да ти праам... И каде има место? У Карловац. И отидовме у Карловац и таму бевме многу убаво дочекани, пет пути јадење ни даваа, нѐ шетаа по кино, па тогаш таму имаше и тобогани, да се пуштиш и да паднеш у реката. Ама ние тогаш некултивизирани, не идевме... После имаше продавничиња таму малечки, како дуќанчиња, кај нас тогаш такви немаше, кај и да идеш машко работи, а таму и девојчиња убави... Отидовме и у кино, тогаш се гледаа каубојски филмови, кај нас ги потепуе сите и овие викаат, скокаат, а таму мирно, тишина. И мајка ми – тогаш не сме имали телефони, ќе ти стигне едно писменце за у пошта да се јавиш и одам таму, читам – ми вика: ајде, дојди дома, врати се, а јас си викам: а бе кај ќе се враќам шо ми е убаво, шо ќе праам таму... И се вратив.

Па, најголемите проблеми беа на тие шо им се срушија куќите. А сите спиевме по парковите: у Чаирски парк на пример, шатор за шатор, фамилија за фамилија... Е, сега, нели, почнаа сите фирми на запослените да им даваат кредити, ама дур се направи цигла по цигла имаше пуно фамилии шо останаа и у зимата у шатори... Имаше и луѓе што ги обележуваа куќите према оштетеноста, црвена ако не може да се живее, жута – може да се потпре и зелена – може да се живее, и сега таму имаше луѓе шо се жалеа дека куќата им паднала, а куќата добра, ама сакаа да земат у бараките кај Карпуш... Тоа најголем проблем беше, кај да се живее... А сестра ми пошо у Словенија работеше земаше најмногу пари и ни помагаше. Таму научи она и грчки и турски, сите кај мене у фамилија знаат турски.

• • •

Македонка Хаџи-Димова
(родена во 1947 година)

Дојдоа после вујковци, чичковци, братучеди исто, да ни помогнат за смештај. Они живееја: едните во Нерези, вујко ми живееше во Влае, имаше куќичка со бавча, таму нè викна. И додека дојдоа мајка ми, после два-три дена, они во воз кога патувале за назад, дознале, или за натака, не сум сега сигурна, вика: „Вестите беа сите – порамнето е со земја". Према тоа како изгледаше, како беше срушено, да ви кажам имаше 1000 и околу 200 души мртви. Према она што изгледаше не беа толку големи жртвите ама имаше ранети, беше стравот многу голем. Бидејќи се запали техничкото ние имавме чувство дека ќе се прошири пожарот и не можевме да дишиме, а беше многу жешко тој ден. (...) И не можевме да издржиме – некаде околу 10-11 саат, многу беше жешко, кое од оганот, кое од топло време – отидовме ваму кај роднините, они нè земаа. Потоа, дојдоа за два дена мајка ми и татко ми, а браќата па со братучедите отидоа кај Ели другиот ден на Водно. На Водно по еден метар имаше расцеп на земјата. Толку распукала, таков тресок... Беше многу со бучење, со страшен звук. Мене првата помисла ми беше атомска бомба. Оти сè се тресеше, имаше стакло скршено, тоа креденците, шифоњерите. Немаше нешто специјално, ова од страв јас што рипнав не сум ни забележала дека сум ја расекла ногата, не ме ни болеше. После тоа поставија шатори, болници, прва помош даваа секаде. Па другиот ден отидов, ми ја преврзаа ногата, не беше страшно тоа према сè ова другото што се случи. (...) Е, после тоа браќата отидоа, нели имаше екипи од странство доаѓаа со камиони, со превозни средства тука да помагаат, војската, и они се уклучија во тие доброволци за вадење, уште имаше мртви, со денови, со недели уште имаше мртви, живи уствари ама мислеа мртви дека се ама до кај 20-ина дена наоѓаа по некој жив. (...) После тоа, Ели кога се врати, не знам за колку дена ги однесоа во Словенија децата до 8-мо одделение. Поголемите, така, во акции работни за прва помош се наоѓаа, така останаа.

• • •

Хајредин Хасан
(роден во 1947 година)

Зборуваа за евакуација од тоа подрајче [Топана, н.з.] во сегашен македонски Чардак, таму бевме еден или два дена, после тоа повторно се вративме кај француските гробишта каде што се направија шатори од најлони. Пет-шест дена тука останавме, земјотресите не прекинуваа,

нонстоп имаше дрмање. Тогаш на радио викаа дека треба да се евакуираат луѓето надвор од Скопје, кој каде знае... Ние, со појкниот татко и со целата фамилија, тргнавме за Београд со воз. Од Београд, оти не се снајдовме добро, за Загреб. Во Загреб останавме скоро месец дена, спиевме во некои хотели таму што ги ослободуваа заради земјотресот; престојувавме, ни даваа јадење, пиење, тоа што следува.

• • •

Милка Кировска
(родена во 1948 година)

Сите некако со транзистори, со радија, со чуда, почнаа да кажуваат дека голем земјотрес се случил, дека веќе ќе се прават пунктови на организација. И војската тука улета, нормално. Почнаа да местат шатори во дворот на школото „Браќа Миладинови". Нас децата почнаа да нѐ организираат. Немој да ме држиш до збор, дали тоа беше дента или утредента, али тие ден-два почнаа да нѐ собираааат и да нѐ организираат. Извидници, на пример, нѐ праќаат во... јас отидов во Макарска со брат ми, затоа што на нас ни беше одредено дека таму ќе отидеме и ние до септември бевме у Макарска. А јас у меѓувреме се упишав, после осмо одделение... тогаш го завршив ја осмо одделение, а брат ми заврши гимназија „Цветан Димов" (...) Нѐ однесоа у Макарска. Пред да нѐ однесат, со една моја комшивка, другарка, Лепа се викаше, решивме тој ден да го прошетаме Скопје... Нормално дека мајка ми, татко ми викаа: не може да идете! Ма, како не може да идеме, мораме да идеме да видиме што се случуе. Оти за нас беше Џафте корзо, тоа е она поред Вардар. Тоа беше нашата младост и првите наши симпатии тука се случуваа. Викавме да се искибицираш, ај вика да го кибнеме оној... И сеа поминавме поред тоа Корзо, стигнавме до денешна... Све беше страшно, значи тоа беше град на паника, град на рушевини... И по Вардар како што идевме стигнавме на плоштад. Тука го видовме „Македонија" хотелот, кај што е Тренд, беше Тренд и уште е. Тука беше Хотел „Македонија" срушен комплетно. Од тука отидовме на булевар „ЈНА", сега е булевар „Климент Охридски". Ние го викавме булевар ЈНА и сѐ уште така го викам јас. Беше една улица само. Не беше поделена со зеленило да биде едносмерна, него беше нормална улица. Од плоштадот завршивме и веќе се вративме назад. Завршивме кај што е сеа бензиската пумпа. Тука имаше огромна една зграда падната и од нејзе вореа нозе, глави, раце. И тогаш ја на другарката ѝ реков дека више не можам да издржам. Ова е сосема доволно што го видовме. Тие впечатоци не може да се опишат емотивно како се чуствуеш. Идеш по градот во којшто се случуваат случки што не си ги предвидел, што се елементарна непогода. И почнаа тогаш од утредента, од задутредента списоците на мртвите да ги даваат. Ние се вративме назад нормално. И за еден ден-два нас нѐ однесоа... организацијата беше таква да сите деца да бидат извадени од Скопје.

Сите се плашеа од загадување у тоа време, затоа што имаше многу жртви, илјада и сто души, званично толку ги има, а да не праиме муабет за тие што останаа без рака, инвалидите, без нога, без глава... Не без глава, ама без рака, без нога, или со некои други последици. Трауми имаше. Јас имав еден колега (...) од Алумина којшто го преживеал земјотресот, меѓутоа затрупан... Отиде у Солун и се случуе у тоа време, покасно откако работев, се случуе да има земјотрес у Солун. Он од паника, жената ја остава горе, он се симнува доле и надвратникот од хотелот му паѓа на глава и он загинуе во Солун (...) Имав ја и роднини некои што биваа кај Црвен крст, имаше падната зграда цела, ваму кај поштава цела зграда, у Карпош 1 кај театарот имаше покољ направено. Мала, пак ќе кажам, мала среќа у несреќата беше, што не беше работен ден, работно време. Оти банката отиде исто така. Онаа Народна банка што беше у Центар и таа отиде.

• • •

Нада Љубенова
(родена во 1948)

И тука седевме, после дојде Хрушчов и Тито до нас, тука одма, се поздравувавме. После некој ден, не знам како беше. Дојдоа, се поздравуваа: „Биче боље, биче боље", и ние се радуваме... После татко ми остана таму, а вујко ми нѐ зема во Штип да живееме кај него цела година.

• • •

Борис Миленков
(роден во 1948 година)

Дојдов после три дена, брат ми беше во болницата на Кале. Дојдов на посета кај него. Доаѓам по стариот пат Куманово – Скопје до Аутокоманда и прашувам кај е Кале. Таму е болницата во шаторите, ќе го најдеш. Само право и не мрдај, ќе дојдеш до Бит-пазар, таму прашај, одма ќе ти кажат. И го најдов. Верувај дека една недела не сум можел да спијам од емоции. Тогаш беда, нема ништо. Што ќе им однесеш, неколку јајца... е сега, тие се згмечиле во онаквото. Иначе јас сум роден 48-ма година (...) Страв имаше, сите спиеја во шатори, надвор во паркови. Да не се сруши пак. А бе психички се биле пореметени. Страв. Мислиш, сега како што има вода и тогаш имало? Немало. Луѓето си пунеа во туби, имаше цистерни во Аутокоманда, Кисела Вода... Јас кога дојдов у Скопје 64-та, на Бит-пазар имаше две пумпи: еее, рика вода, немало како сега водовод. Главните беа тие уличните пумпи, како ги викаат.

• • •

Емил Рубен
(роден во 1948 година)

(...) Утредента, размислувајќи што да правам, отидов на плажа, на Бечичи, чекајќи и броејќи ги саатите кога ќе прајде со автобус мојата сакана со своите родители. И околу еден саат видов кај македонските туристи, кои ги имаше во автокампот таму многу, некое раздвижување, однесување што не беше секојдневно, луѓето почнаа нешто меѓу себе да разговараат, да се вознемируваат и јас се доближив до транзисторот кој го имаше еден од капачите, почнавме да слушаме вести и тогаш првпат дознавме дека сабајлето во 5:17 во Скопје се случил земјотрес и дека тоа не е некој мал земјотрес, туку кога почнаа да ги набројуваат зградите кои се изрушени – да кажеме Офицерски дом, Пошта, Хотел „Македонија“ итн. – ние си рековме: „Ако овие згради што се импозантни и едни од најголемите во Скопје се срушени, урнати, што останува за другите? Што е со другите?“ Нѐ фати блага паника и веднаш почнавме да се договараме што и како. Така да, една група веднаш се упати кај стариот град Будва и почнаа тука да се собираат кај ѕидините, кај пристаништето, а јас отрчав до пошта да телефонирам. Но, кога дојдов таму – тогаш знаете како се телефонираше: шалтер, се пријавуваш, па ти викаат кабина 3, оди во кабина 3, таму ти ја даваат врската и ти разговараш со Скопје – поштата вика сите врски со Скопје се прекинати и нема телефонска линија. Отидов и јас пред ѕидините на пристаништето, таму беа веќе стотина луѓе, Македонци. И почна договарање што да се прави.

Некој даде информација дека Темпо, Светозар Вукмановиќ-Темпо летува на Св. Стефан, дека го видел. А Светозар Вукмановиќ-Темпо беше човек близок на Македонците бидејќи тој дошол овде за време на војната, бил испратен за да помогне во организација во одборот против фашистите итн. И така, дури имаше и една песна во тоа време, македонска: „Нѐ водеше Темпо, најмилиот брат“. Ние, веднаш, тие уствари – јас бев тука многу млад да одлучувам – испратија делегација од тројца луѓе на Св. Стефан кај Темпо да им помогне. И тие после извесно време се вратија и рекоа: „Сѐ е во ред, договорено е. Што е договорено? Ќе дојде автобус од Извршниот совет од Црна Гора, од Подгорица, и ќе нѐ префрли до Скопје. Тоа Темпо ќе го среди“. И навистина, околу 10 часот навечер, ние тука цело време чекавме, дојде еден автобус. Внатре се сместија, по моја проценка, едно 90 луѓе. На секои две седишта по тројца, а долу помеѓу седиштата, ние помладите. Седевме не на земја, туку на подот. И така тргнавме за Скопје.

Сега, како што тргнавме по патов, друг немаше во тоа време, стигнавме и до преминот. Тука некој од луѓето рече: „Стојте! Стојте да слушнеме“. Автобусот застана, ноќе, веќе е два саатот сигурно, нема никој, само ние... И спикерот почна да ги чита првите жртви на скопскиот земјотрес по азбучен ред. Во автобусот – штама. И почнува, на А презимиња, па на Б презимиња

на фамилии, на имиња на луѓе, А, Б, В... А јас молчам стаписан. До словото Р бргу ќе дојде и правам есап со Господ. Викам: „Господе, нека еве изгине мајка ми, татко ми, само брат ми да ми остане, само брат ми да ми остане!“ И еве доаѓа: О, П, Р и почнува – Рајковски, Радевски – јас само чекам кога ќе дојде Ру... Уф! Ги немаше. Ми олесна. Како четири планини тој ден да сум поминал. Кога заврши списокот, штамата продолжи. Се слушна по некој коментар и автобусот продолжи. Почна да се симнува од планината.

Дојде рано сабајле во Печ. Пред Печ нè застана милиција тогашна, денешна полиција, рече: „Стоп! Не може понатака. Скопје е затворен град, вие не можете, мораме да ве вратиме во Црна Гора, да се вратите на местата каде сте летувале, таму ќе ве примат и ќе останете до даљнег!“ Шоферот му одговори: „Слушај ти, јас овие луѓе ќе ги носам во Скопје. Мене Темпо ми нареди да ги однесам живи и здрави до Скопје и никој жив не може да ме сопре. Инаку јас жив не можам да се вратам во Црна Гора“. Се обиде полицаецот уште еднаш, но овој го запали автобусот, го убаци во прва и помина. Така ние дојдовме до Приштина, од Приштина до Скопје и на влезот во Скопје, на Тетовска трошарина, така се викаше порано местото каде денес е Топана и влезот во касарната, тука имаше голем број на полиција, милиција тогашна, нè стопираа и рекоа: „Автобусот не може, вие можете пеш да влезете“. Ние излеговме од автобусот, се упативме полека каде што е денешната Американска амбасада, по тој пат накај Скопје. Од лева страна гледам куќи, испукани, некоја изрушена, во еден двор стои табла: „Ние сме во Куманово“. Во друг двор стои табла, со креда напишана: „Ние сме во Чаир кај тетка Менче“. И такви пораки оставаа луѓето од тие куќи кои беа без човек.

Како се приближувавме накај Кале, видовме изрушени камења од тврдината од оваа страна која гледа накај стариот град, накај Турска чаршија. Го видовме театарот, јас го видов мислам театарот дека е тука, но не можеше преку дрвеното мостче да се премине на Илинденска, од таа страна на Вардар, бидејќи тоа беше вон употреба од поплавата што беше есента претходната година. Така да, јас се упатив до Камени мост, преку него веднаш ја видов Банката од лева страна која стоеше како здрава, а од десната страна задниот дел на Офицерски дом беше здрав ама предниот никаде го немаше. Со поглед преку плоштадот видов дека Хотел „Македонија“ е урнат комплет. Се упатив во тој правец, скршнав десно по улицата, денешна „Максим Горки“, тогашна „Гоце Делчев“, покрај печатницата, дојдов до школото „Гоце Делчев“ кое беше на улицата, здраво, испукано, но стоеше. Од тука поглед кога ќе свртиш, лево се гледа Плоштад Слобода и – тука живееше девојчето во кое бев заљубен – и ја видов нејзината куќа дека е здрава и дека стои. Веднаш, со трчање, се упатив према бул. „ЈНА“, денешен „Климент Охридски“, тука ги видов првпат на средината на булеварот шаторите, импровизираните населби на скопјани кои таа ноќ тука ја поминале во шатори кои ги користат за кампување и ќебиња наместо тенди и се упатив према „Илинденска“.

Скршнав лево накај парк и од левата страна каде што е Пионерскиот дом „Карпош“, таман штом го заминав, ако се пушти поглед на десно косо, задната страна, мислам таа е

обележана со римски броеви 1927-ма, на ќошот зградата – не ја гледам. Сите ги има од десната страна на улицата, таа ја нема. Се пресеков во дел на секунда. И одма после еден чекор се појави. Заборавајќи дека таа е повлечена малку во улицата и ако се оди во тој правец сите се гледаат, а таа не се гледа. И од претходно, има двор и она е увлечена, па тогаш... Ух! Што се во тој дел од секунда ми поминало низ глава јас не можам да го опишам на сто страници. Потрчав кон куќата и ја заминав и веднаш дојдов на првиот тревник во паркот каде што исто така веќе беше направена мала колонија од шатори каде што беа мојата мајка, татко и брат. Се прегрнавме и долго, долго останавме прегрнати. Но, после тоа веднаш мораше да се планира бидејќи настаните се случуваа од минута во минута. Мене ми беше речено дека истата вечер ќе мораме со брат ми да заминеме за Белград. Ич не ми се одеше, сакав да останам тука, но тоа беше такво време каде што послушноста мораше да биде на прво место. Вечерта, околу 9 саатот јас, со брат ми се качивме на воз и го напуштивме Скопје, уште една ноќ без спиење. Стигнавме во Белград, но тоа е веќе некоја друга приказна.

• • •

Белул Сулејмани
(роден во 1948 година)

Јас се сеќавам, ко дете, нè зедоа нас децата и нè однесоа на село во околината на Скопје, се вика Горно Количани, таму каде што сум и роден. Селото е на 22-23 километри од Скопје. Дојдоја стриковците мои со коњи, немаше тогаш комуникација толкава со коли и со такви работи, дојдоја, нè зедоа и нè однесоа таму. Поминувајќи по патот, гледавме колку многу е оштетен градот, чаршијата и навистина многу се плашевме. Но, и пред земјотресот, исто се исплашивме со поплавите во 1962 година. Голема поплава беше тоа. Излезе Вардар од коритото, подрумот наш беше преполн со вода, како базен.

После земјотресот, нашиот дом беше обележан како ненаселлив. Куќите што беа за рушење беа обележувани од општина Скопје, ние тогаш бевме во општина Саат Кула, така се викаше, нашата куќа беше со црвена линија, што значи нема шанси да се живее во неа. Така добивме и некоја помош, започнавме да ја поправаме, полека-полека ја потсредивме, со таа наша сиромаштија. Мораше да продолжиме да живееме, требаше да продолжиме со животот, со школувањето итн. Во собата два ѕида беа разрушени, другите си стоеја. Тие два ѕида кои паднаа, паднаа врз нас. Кровот не се сруши, само ѕидовите, порано ги викаа „болме“, ѕидови со керпич, со тули од кал. За да го задржат ѕидот, тие беа потпрени на дрва, денес тоа се прави со арматура. Така го теравме животот и патот после, со работа итн.

• • •

Танас Панчевски
(роден во 1948 година)

Бевме во бунило, што е ова? Татко ми Ставре работеше во старата Нама. Направија тезги, за сè што треба. Јас тука се моткав, носев роба 4-5 дена и после и јас си отидов во Претор. Каде што е Партизанска, тука имаше тезги, за помош, за да нема тепање, гужви. И конзерви... (...) Првите два дена спиевме кај вочњакот кај Расадник. Имаше некои душеци, а после јас си отидов за Претор. Таму беше сестра ми на одмор. Отидов на Железничка да одам во Претор. Ми кажаа дека возот за Битола тргнал и дека не се знае кога ќе има друг. За каде има воз, ги прашав. Ми рекоа за Гостивар. Отидов за Гостивар. Таму еден камион носи луѓе. Ме качи и ми рече дека може да ме однесе до Макази. Јас не ни знаев колку има од Макази до Претор. И после пешки до Претор. Стигнав околу 9 навечер и цел камп се собра околу мене, сакаа да разберат. Таму останав до септември месец. Каде што е сега ГУЦ имаше шатори огромни, до 19 декември седевме таму, додека да ја санираат зградата. Ја санираа, стои и ден-денес. После и ја надградија. Долго се тресеше. И во шаторите кога бевме, кога ќе стресеше излегувавме. Се плашиш. Тоа е људски. Имаше околу илјаду и нешто земјотреси за 24 часа, поголеми и помали. Зградата на трупци беше, кога тресеше крцкаше, али не придававме значај.

После земјотресот почна да функционира сè. Сите одеа на работа, школите си почнаа во септември-октомври. Се снимаше филм за земјотресот, тука во шаторите, јас бев како статист. Сите школи си работеа: и гимназии и школи (...) Помош имаше голема. Војската многу помогна. Имаше помош од секаде. Знам дека и Тито дојде, ама јас не го видов. Имаше и полициски час после 6 часот навечер. Имаше полиција, становите беа отворени, ствари имаше внатре. Мислам дека два-тројца утепаа полицајците, затоа што имаше наредба после 6 никој да не се движи. Како ќе ги сочуваш стварите во становите ако немаш таква мерка. После 6 до 5 сабајле никој не искачаше. Никој од дома ништо не извади, сите бегаа. Другиот ден татко ми со комшиите се качи, знам земаа ствари од дома во чаршаф и го врзуваа и го фрлаа доле, а ние ги чекавме доле. После се смири, па после се качувавме. Стравот беше огромен. Лично, немам трауми.

• • •

Билјана Филиповска Тодорчевска
(родена во 1949 година)

Моите не беа вратени од бања, они беа во Игало на море, тоа е далеку и беше многу страшно за нив затоа што не знаеа дали сме преживеани или не. Кога дошле овде, ние веќе бевме тргнати за Битола, добро се смириле малце кога виделе дека куќата не е срушена, меѓутоа немаа никакви други информации, немаше тогаш мобилни, нема никакви информации. Али веднаш почна да работи Радио Скопје и сега уште ми одѕвонува звукот, веројатно беше Бранка Станковска. Овде Радио Скопје, овде Радио Скопје, повторуваа и почнуваа да ги даваат основните податоци, кои објекти се срушиле, што се случува, број на жртви, дека ги броеја секој ден жртвите и ги објавуваа секој ден. И имиња на жртвите. После неколку дена почна и со идентификација и со објавување на имиња. И тоа траеше со денови. Ништо друго немаше, само тоа објавувањето. Беше од друга страна еден голем оптимизам, почнаа да доаѓаат, дојде Тито, дојде Хрушчов. Ова сега јас не го видов, не сум сведок, ама како вести го гледав. Во секој случај тоа беше многу важно за скопјани, не се осетија напуштени. Веднаш, многу брзо пристигнаа од секаде, сегде го опседнаа градот, војска, полиција, одма откопување на урнатините, од Америка дојдоа, од Европа што дојдоа, тие едни бази американски многу што дојдоа, одма дојдоа, во потрага по жртвите под урнатините. Еве тоа се некои мои сеќавања од тоа време, тоа до Битола патување, бескрајно патување, набиен возот, ја не знам тоа беше воз без возен ред. Одма успеале да постават и се полни возот и оди до Битола. Успат застанува Велес, Прилеп, ги евакуираа луѓето што одеа по тие места. Ех, вечерта во ниедно време стасавме во Битола, меѓутоа они сè што имаа композиции слободни ги местеа на шините и таму каде што имаше линии возовите ги евакуираа луѓето. Тоа чувство на моите братучеди, овие од тетка ми и тетин ми децата, беа во Буљарица на море. Ние, тоа толку катаклизмично изгледаше зошто тетка ми беше цела избезумена дека морето ги голтнало нив. Кога овде е вака, што ли се случило таму? Нас тоа ни изгледаше како светска катастрофа. Не го доживеавме на почетокот како нешто што само на Скопје му се случува, сите тие некои фантазии детски, па и не детски и на возрасните, стално се зборуваше дека ќе дојде потоп на светот, катаклизма ќе настане, светот ќе исчезне. Ние си мислевме дека тоа е дел од тоа сценарио, додека не сфативме, додека не почнаа вестите кои јасно и гласно кажаа дека во Скопје има земјотрес, дека земјотресот го осетиле и ќе кажат кој, каде се почувствувал, во многу широк регион, доста јако беше. И тоа немаше ниту жртви, ниту големи оштетувања во другите градови. Сепак локално беше. Велес, Тетово, Куманово немаа жртви.

• • •

Илија Трпевски
(роден во 1949 година)

За време земјотрес, тогаш имав 14 години и бев на практична обука во Дојран. Тој што е газда таму, станува утрото и вика: „Деца, Скопје е срамнето, ќе ве носам“. Мене и едно другарче. (...) Влегуваме со кола во Скопје, верувајте, река од луѓе – кој по пижами, кој по долна облека, со по некој партал на нив – да бегаат од Скопје. Тоа беше првата воочлива сцена. (...) И така доаѓам на плоштадот Слобода, таму живееше сестра ми, семејно. Таа во центар живееше кај Дом на градежници. Да ви кажам право, ужасна слика. Тоа во живот нема да го заборавам. Зошто? Сите згради беа срушени, се гледаа нозе, глави, сè комплет надвор. Тоа беше толку језиво... Еден човек што беше тука рече: „Фала Богу твоите не се тука, во Охрид се. Нема никој погинато“. А од самата зграда имаше два-тројца погинати. Што е најинтересно, кога тоа го правевме, некој со рака ме допре позади: „Момак, јел ти погинуо неко?“, на српски ми зборува. Другарот што беше до мене вика: „А бе, Тито ej!“ А, јас целиот вознемирен. Тито! Јосип Броз Тито доаѓа во Скопје. И токму тогаш тоа поминува, немаше многу народ и ме праша дали некој ми погина. Му одговорив не. Тој рече: „Тогаш, биди среќен што никој не ти погинал“ – и замина. Верувајте, и ден-денес тој допир го чувствувам, и ден-денес! Ова е жива вистина и многу ми е драго што можам да го кажам некаде.

После тоа, нас, помалите деца, нè евакуираа од Скопје и јас бев во Љубљана, во Домжале. Многу добар прием имавме таму. 14 години, знаете, тогаш бев средно училиште. Можевме да останеме таму колку што сакаме, засекогаш. Меѓутоа се вративме сите, и така...

• • •

Фатима Демировска
(родена во 1950 година)

После земјотресот се тргнавме од Дуќанџик, падна куќата, готово. Продолживме да живееме кратко во таа крш куќа, а потоа ни дадоа овде место, каде што сме сега. Тука ја направија татко ми и мајка ми куќата. Не се преселивме одма, можда имаше едно пет-шест години додека да се преселиме, а дотогаш живеевме тука, во маалото, кај Тетовска, малку понатака (...) Куќата што ја имавме во Дуќанџик беше на два спрата. Тука ни даваа бараки, на име на мајка ми зедовме една барака. Тие ја плаќаа бараката, а куќата таму ја срушија цела. Тука дојдовме сите, со мајка ми и татко ми, татко ми тогаш земаше две пензии, едната инвалидска, едната како борец. Мајка ми работеше во суд, беше чистачка.

• • •

Кочо Димитровски
(роден во 1950 година)

Кога беше земјотресот дента бевме у шатори, таму имаше големи шатори, не за тројца-четворица, туку големи шатори за спиење со душеци, со тие работи, и од тука после неколку месеца нѐ пратија у Гевгелија, дур не се санираа зградиве. Во Гевгелија имавме фамилија шо нѐ прибра, знаеш тоа беше хумано време, од цел свет дојдоа луѓе и сега имаме пријатели таму у Гевгелија и се сместивме таму кај нив. Ние сме петчлена фамилија: мајка, татко, јас и две сестри отидовме и не знам, може 5-6 месеца бевме таму кај нив, убаво си поминавме, они беа добри домаќини.

• • •

Тодорка Весковска
(родена во 1951 година)

Радозналоста нѐ копка сите. Да појдеме, кај смееш да појдеш, не знаеш каде. Имаше некои поголеми машки деца, тргнаа да одат за Скопје, меѓутоа до каде отишле... И се вратија до вечерината, пешки се одеше. За Драчево доаѓаше еден автобус само, овој ли беше, го возеше, Џакуле. Прекинаа автобусите, дрвен мост еден имаше преку ова сега што преминувате, Маркова Река што е, и тој беше запукнат, допукнат од брзање, коли, немаше многу сообраќај. И се вратија децава ти викам, пешки. „Ништо не видовме, нѐ вратија“ – вика, као да отишле до „ОХИС“ сега што е, не пуштаа понатаму за одење. „Меѓутоа катастрофа голема е во Скопје“ – вика. Родителиве наши, татко ми лично мој, по два дена тргна за Скопје ама тоа беше по мало стишување, да речеме. Он тргнува, накај нас доаѓаат вујковци, имавме во Скопје, во Центар што живееја кај Рампа тука, едниот беше во стан и му се сруши зградата. За среќа, рано искочиле за на работа. Тргнати за накај нас, нема кај да спијат. И доста дојдоа во Драчево, па скоро во секоја куќа имаше од Скопје дојдено за да спијат. Соби, простории се немаше во тоа време. Жетвата завршена, слама во двор. Распостилање од сламава, како гуденција ние во сламава запретани, и така спиевме. И ни кажуваат они сега подетално како се случило. „Дека се немаше време“ – вика, „дури една случка од нашата зграда“ – вујна ми тоа ни го расправа за зграда кај што живеела – „девојче се случи“ – не беа високи зградите, од трети или четврти да речам – „рипна по степениците за да се фати на самиот под за да избега побрзо“. Колку и што се случило понатаму не знам подетално, девојче, дали преживеала или не, ама од таа зграда едно или две семејства беа целосно уништени. Вика: „Другото кое сакато, кое, веќе како оболени, како мрднати со паметот.“ И на плоштад сите, тогаш пејачкава Есма Реџепова, ја знаевте, тогаш ја имаше испеано „Скопје, младост ти ќе бидеш“, и така народов околу нејзе

собран, ова ми е прекажано, јас не знам, собрани околу нејзе од нашиве, од Драчевово имаше луѓе на пазар што одеа за бостанот, тогаш беше станат и го носеа за пазарење, за продавање. И кога виделе дека сите – утрината тоа земјотресот кога се случува – кој по спаваќа, кој по веш искочени сите така, си рекле: „Од кого пари ќе бараш?“ И за џабе делеле... И така да, излегоа земјоделциве од околниве села, Лисиче, Драчево, тие така што имаат бавчи, тие неколку дена беспари делеа.

• • •

Слободанка Јаневска
(родена во 1951 година)

После нѐ преселија тука кај Драмски театар, тука беше празно место. Ни послаа ќебиња, добро, лето беше. Па после нѐ однесоа во паркот накај Водно, пред Водно, тука имаше мост каде што одеше возот. Тука нѐ пренесоа. После, за реновирање не, туку после извесно време, не знам колку, почнаа да нѐ раселуваат по населбите, кој каде ќе оди. Нас нѐ населија тука во Драчево. (...) Тука, на улицата, дали бевме меѓу првите преселени не можам да се сетам, ама тие бараки беа со два влеза. Нашата улица не ми текнува како се викаше – и колку време прође, додека не се омажив, толку време поминало. На 21 година се омажив и, така, цел живот во Драчево.

• • •

Љубица Шемкоска
(родена во 1951 година)

Следниот ден се стационира тука многу војска, во паркчето. Дојде војската за помош, да расчистуваат урнатини и нешто да помогнат околу тие што останаа живи, ако им треба нешто за јадење, за пиење. Многу помогна војската, за





среќа тогаш имаше војска, сега нема војска... Ама така беше. (...) Е, после тоа добивавме шатори. Татко ми го донесе шаторот – не знам кој ги даваше шаторите, не можам тоа да се сетам дали од работа му даваа, дали други, не знам – и со камиони нè однесоа во Сарај. И тоа сакав да кажам исто, мајка ми беше во ТБЦ, не знаевме што се случува со нејзе, а татко ми отиде да види, нè остави на комшиите. Отиде да види бидејќи беше блиску тука болницата. Мајка ми и татко ми долго време – немаше тогаш вака телефони за да знаеш што се случува – останаа заедно долго време. После тоа дојде и рече: „Деца, не се секирајте, мајка ви е жива, сè е во ред. Меѓутоа и јас останав, спасувавме деца, бебиња малечки". Од болницата за ТБЦ, болни од бронхопневмонија, од туберкулоза и менингитис и такви работи. Мајка ми кажуваше потоа, вика: „Цела кецела" – таа беше во униформа болничка – „цела кецела ми беше во измет" од децава малечки, не можеа во тој период да ги бришат, да ги чистат, гледаа како и да е да ги спасат само, друго ништо не им беше важно. Тие беа така тешки моменти.

После отидовме во Сарај под шатори и, тука, еден период од летото го поминавме тука. Имаше доста народ, под шатори сите. Така, за децата ни беше забавно некако, тука ни беше Вардар, Треска, се научивме да пливаме некои мали што бевме така, имавме друштво, имаше и болница стационирана, се сеќавам дека театарот исто беше тука, особено балетскиот ансамбл, тука беа сите вежби, мораа да вежбаат секојдневно, ние гледавме, уживавме како деца тука, убаво беше. Исто така некои странски стручњаци исто тука беа донесени под шатори од Германија, Англија, Франција, од светот, од Европа, од други страни на светот, за да помогнат било што, што за изградба, што за инфраструктура и така. Потоа, фати ладно и моравме некако поинаку да се снаоѓаме. Татко ми, и тој работеше во градска општа болница, му даваа барака од работа меѓутоа одби да ја прими, рече ќе си ја реновираме зградата. Прво, ја означија за рушење со, како беше, црвена за рушење, жолта за реновирање, а зелена дека е сè во ред. Е, нашата беше обележана прво со црвено, потоа го шкртнаа црвеното, па со жолто и решија да ја реновираат. Мислевме ќе се реновира зградата и нема да има проблем, меѓутоа тоа се одолговлечи некако со реновирањето, плус фати зима и немавме каде да одиме и отидовме кај тетка ми во Мичурин. Тие живееја во еден стан, соба во соба, како да кажам, дали имаше 40 квадрати, а четири души и ние пет, девет души. Еден период живеевме таму. А, не! Пред тоа, од Сарај отидовме во парк, во градски парк, таму до ноември некаде бевме. Импровизирана барака направивме со дрвени столбчиња, па оградена со тер-папир. И внатре имавме ќумбе за да ни биде топло. Така, тука готвевме, тука сè правевме, една собичка практично. Меѓутоа и тука после дојде, што се вика, зимата, немаш каде да одиш. Отидовме кај тетка ми, едно 3-4 месеци бевме, може и повеќе, јас не се сеќавам сега. А од кај тетка ми отидовме, бидејќи работеше татко ми во Градска болница, му дадоа една просторија за користење додека се реновира зградата и живеевме во Градска болница.

• • •

Јелисавета Димитровска
(родена во 1952 година)

Беше многу тажно, многу. Многу. Сите од улицата, секој имаше некој што, ете, починал, се повредил. Знам само дека есента веќе – сега колку помина од земјотресот, не знам – дека нè пратија во Словенија. Јас бев со помалиот брат во Словенија. Неколку братучетки нè собраа, се сеќавам, во парк кај општината беше веројатно тоа, од таму имаше полно деца, што мораа да се разделат од родителите, да одиме сами ние таму. И со воз нè испратија за Љубљана. И таму бевме некаде околу еден месец ми се чини. Во меѓувреме дојдоа мајка ми и татко ми. И они, сега уште ми е тешко да зборам како им било додека стигнале до Скопје, кога слушнале дека сè е разрушено.

• • •

Ханка Мехмети
(родена во 1953 година)

Вечерта [по земјотресот, н.з.] спиевме во Гази Баба. Сите се плашеа, целиот рид беше полн со луѓе што зеле јоргани, душеци, ќебиња, што уште не... Треба да се јаде, а нема што да се јаде, нема брашно, нема вода... Моите поголеми браќа отидоа на пазар, таму продаваа, и донесоа патлиџани, компири... Компирите ги сваривме и ги јадевме, така беше првиот ден. Вториот ден почнаа веќе да носат леб и се направија цели колони. Татко ми беше болен, имаше некој печат од болница на пижамите, и него му даваа прв храна. Потоа, попладнето, дојдоа вујковците од село да нè земат. (...) Три месеци бевме таму, кај вујковците од страна на мајка ми, и тие многу убаво се грижеа за нас.

• • •

Васка Тадаси
(родена во 1953 година)

После тоа почнаа брзо некако со организација. Ни поделија ќебиња, седевме надвор како на викенд. Претрча мајка ми, гардероба нешто ни донесе. После саат-два ни поделија нешто и за јадење ми се чини. Црвениот крст почна да делува веднаш. Колку што се сеќавам тука [во Автокоманда] останавме целиот тој прв ден и почнаа да вклучуваат луѓе транзистори, радија... И беше објавено во цел свет дека во Скопје се случи катастрофа. Го слушавме говорот на Тито, во тоа време, дека градот е урнат и доживеа голема катастрофа, меѓутоа

ќе биде солидарен град којшто ќе го изградиме. И навистина после тоа името на Скопје беше „Солидарност“, солидарно се градеше. Од секаде почна да пристигнува помош веднаш, од сите соседни земји. И посетата на Тито мислам дека беше уште истиот ден. Затоа и ден-денес е останат часовникот на Стара железничка станица, нели остана како спомена на тој ден на 5 часот и 17 минути. И неговиот говор беше: „Срушено е Скопје и има многу жртви“ (...) Лелеци имаше насекаде, плачење, снимки, страшни глетки беа. Сите луѓе беа вознемирени и изненадени затоа што наеднаш се случи оваа катастрофа, не можеш да очекуваш, тоа се случува наеднаш.

Неверојатно, како дете што памтам, колку брзо почна евакуацијата и помошта да пристигнува, во облека, во храна... Затоа што не смеевме да се вратиме дома, нели, нешто што земавме-земавме. Не знаеш како следуваат серијата земјотреси. Тука седевме до вечерта. Мислам дека почнаа веднаш и шатори да се поставуваат. Значи, донации од сите солидарни земји од секаде почнаа, од комшискиве мислам, тогаш беше Југославија, нели. Од секоја република почнуваше да стигнува, дали во храна, дали пакети храна, дали ќебиња, шатори... Шатори веднаш се поставија – и тоа доста големи – во самиот школски двор јас каде што бев, како дете што памтам. Знам дека првата вечер поставија полски креветчиња, сето тоа, ќебиња ни доделија, и тука ја поминавме првата вечер. Утредента, бидејќи јас имав дедо во Куманово, чичко на мајка ми, по професија доктор, он имаше голема куќа, се јавија да одиме кај нив. И заминавме кај нив цело семејство. Сè беше на нивни трошок, нè пречекаа и подолг период останавме таму, ми се чини скоро цел месец. Едно две недели поминавме и таму нè евакуираа во училиштето во Куманово. Исто поставија, училниците ги претворија со душеци, знаеш, па во еден ќош беше едно семејство, во друг ќош друго семејство; со оброци, имаше храна којашто таму ја примавме, се доделуваше.

• • •

Мустафа Пеза
(роден во 1953 година)

Околу еден часот попладнето, дојде еден од моите вујковци од Дебар да види дали преживеавме во целата таа работа; немаше телефонски врски во тоа време. Дојде, нè прегрна, почнавме сите да плачеме... Доаѓаа луѓе да помогнат во чистењето на урнатините, имаше уште затрупани што вриштеа од под рушевините. Стварно беше страшно. Вечерта, татко ми одлучи да земе душек и два јоргани и отидовме да спиеме во Градскиот парк. Карши „Ања“. Ги посла душеците таму, се обидоа мене да ме заспијат, а мене долго време не ме фаќаше сон... Се сеќавам на небото таа вечер и вечерта пред земјотресот, беше преполно со ѕвезди.

„Зошто ни се случи ова“ – се прашував, како десегодишно дете. Немав доживеано ништо вакво дотогаш, иако старите спомнуваа дека претходно имало секакви земјотреси – тој во Агадир го спомнуваа – ама јас немав дотогај доживеано вакво нешто. Таа вечер спиевме во паркот. Татко ми имаше некои врски бидејќи тогаш беше главен уредник на „Фљака“ – беше основач и на тогашното списание „Јехона“ – и најде начин да купи карти за Дебар, за мене, вујко ми што дојде од Дебар и за мајка ми. Отидовме, и јас продолжив со школувањето таму. (...) Во Дебар ги слушав разговорите, кога ќе се јавеше татко ми – тогаш немаше телефони како сега, туку те викаа од поштата дека имаш повик во 7 часот. (...) А, многу добро го памтам и денот кога отидовме за Дебар: беше 14.15 часот, автобуската беше кај Камени мост, а Офицерскиот дом беше нареден со експлозиви. И, таман тргна автобусот, експлодираа и падна цела зграда на Офицерски. Јас, искрено, плачев, затоа што тоа беше Скопје што јас го знаев како дете. Се надевам дека ваков траор нема веќе да ни се повтори, не само тука, во Скопје, туку во светот. (...) Луѓето беа во домашна облека, како што спиеле во жешките јулски ноќи, но, главно, водата за пиење беше проблем. Полека-полека, тогашната ЈНА почна да помага, да носи цистерни со вода. Луѓето полнеа садови за да имаат вода за пиење. И леб фалеше. Во неколку центри во Скопје тогаш се делеше бесплатен леб, за да има за сите. Поминуваа со мегафони во раце и викаа: „Лебот за оваа населба ќе се дели на тоа и тоа место“... Се бараа поголеми широчини за да се избегнат трагедии во случај на друг земјотрес, да не им се уриваат градбите над главите на луѓето. Подоцна, војската постави мобилни кујни и организираше служење на храна.

• • •

Вера Календаровска
(родена во 1954 година)

Знам дека го чекавме татко ми, не го пуштија. Беше полицаец и не го пуштаа три дена да си дојде дома. Не знаевме каде е, мораше да чува, немаше телефони. Продавниците беа разрушени, куќи, згради... И мораше да чува каде што го викаа. После три-четири дена дојде дома и виде дека сме добри, живи, здрави и пак отиде и толку. (...) Ноќта беше на работа до сабајле. Он доаѓаше само да се преоблече, да се избања и дали една вечер или еден ден цел не можеше да остане, одма се враќање на службата зошто беше се разрушено, искршено, куќи отворени. Така беше, мораше да се чува. Тогаш полицијата најмногу беше – милиција всушност се викаше – беше ангажирана околу тие работи. Така што мислам дека он да беше жив ќе ти раскажеше многу поубави работи што се случувало таму. Он ни раскажување, во центар, дека он беше во паркот на служба, памтеше дека многу викале животните од зоолошка пред да се случи земјотресот. Тоа му било многу чудно што биле

многу вознемирени, викале, чувствуваат тие. Многу викале, вика: „Не знам што се случуваше“, ете може не му текнало дека нешто доаѓа, дека нешто ќе биде. Бил до некоја фурна, да си купи нешто за доручек и само што излегол од фурната таа се срушила. Веќе почнало да бучи и се случил земјотресот. Важно излегол, можел и он да погине.

Потоа, не знам што направија, куќата не беше многу оштетена и ние си спиевме дома. Но, бидејќи немаше кој да нѐ чува, татко ми направи да нѐ однесат, да нѐ транспортираат во Загреб, зошто он слушнал, разбрал, дека може да се оди и нѐ запиша и со воз нѐ испратија, во Загреб одевме. Тоа се сеќавам. (...) Цел воз беше со деца, малолетни деца бевме. Од најмали до 18 години. Па застанавме во Загреб, имаше брза помош и народ. Таму нѐ пречекаа, но се слушаше, јас колку што разбирав, дека ако има место ќе нѐ примат, ако нема – ќе нѐ носат во Италија. Тоа беше празен пионерски град – и сега го спомнуваат, сум го слушнала дека постои – и дека таму ќе нѐ носат и со автобуси нѐ однесоа. Таму нѐ соблекоа, нѐ избањаа, нѐ чистеа од вошки, на тоа се сеќавам, кого го шишаа, кого не, кој како изгледаше не е важно. Нѐ групираа до 9 години, а после од 9 до 12-13 година, и после тоа повозрасни. Така нѐ групираа во групи и така бевме и сместени по возраст. Беше интересно. (...) Со брат ми нѐ одвоија зошто он беше повозрасен и мангупи, они веќе во тие години беа, повеќе бељи правеа, ха-ха. Мене само ми кажуваа што правеше, јас не знаев. Па добро, сами без родители и знаеш како е таму, првпат. Таму бевме сместени, значи и храна имавме во менза колку што се сеќавам, стварно бев мала, 9 години, првпат одвоена од дома, од родители, во непознат град, јазик не знаев уште, ништо.

После дојде татко ми и нѐ зема. Потоа ни кажуваа дека требаше да чекаат да истакнат списоци каде сме. Скоро 10-15 дена не се знаеше во Скопје, немаше известување, се знае ние, Македонците како сме со тие административни работи, ха-ха. Кој како се снашол – отишол и тоа е. Не ни знаеја каде сме, нашите родители, нѐ бараа по списоци. После татко ми дојде пред школската година или во септември, не знам точно кога беше, нѐ зема и тука веќе беше изграден „Владо Тасевски“ во Козле и тука се запишавме, јас 4-то одделение бев.

• • •

Ристо Марковски
(роден во 1954 година)

Кога ме извадија надвор покрај нашата разрушена куќа, цело Скопје беше разрушено, каде-год погледнав имаше само камења, рушевини, прашина, лелеци, плачења, викања, многу народ, голем хаос... Не можам да ја избришам таа слика. Не знам дали опишав како сум се чувствувал меѓутоа ја кажав вистината. Од тогаш секогаш, во секоја прилика, кажувам секој треба денот да го користи како да му е последен. Да гледа што поубаво да го помине, што помирно, што

поблагодетно оти катастрофата со ништо не се брише, изгубеното со ништо не се враќа. Нема богатство на светот што ќе ми го врати братот и тој живот.

После земјотресот, пошто чичко ми живееше во Кисела Вода во егејските згради, таму земаа шатор некој, татко ми. Во кругот на Домот на слепите се формира камп со шатори и заради близината на брат му, татко ми се одлучи таму да престојуваме и таму престојувавме до зимата некаде, до декември, ми се чини, можеби јануари нѐ фати, не се сеќавам, '64-та или до крајот на '63-та. Учев во „13 Ноември", продолжив и го завршив трето одделение, второто полугодие. Знам дека фати јака зима, снег. Пошто работеше во градски сообраќај имаше, така ги нарекуваа, боксови во кругот на градски, имаа 13 нови ФАП-ови тогаш купено, возила, и донеле одлука ФАП-овите да ги извадат надвор, а просторите кои беа со лесонити прегради, нели 13 прегради за секој автобус, оставија и врати и се преселивме таму. Таму ја поминавме зимата и во меѓувреме, во тој период, ни ја доделија бараката во Козле. (...) Тоа беа бараки трособни, засебни, една барака – едно семејство. Ни дадоа клучеви, отидовме. Ја исчистија мајка ми и татко ми, ја спремија да се вселиме и на татко ми му побарале учество. Не само на татко ми, генерално за Козле и за Жданец. Пошто човекот немаше ништо сем тоа што го имаше на себе не можеше, од каде да се снајде, не може да земе кредит, не може ништо, и ги вратил клучевите. Замислете трагедијата: да го изгубиш синот и некој да те условува – ајде да не речам – уценува. Ги вратил клучевите, му дале од овде, каде што сме сега, тука беше барака. После, така велеа, после две-три недели. Веројатно тоа било некоја замисла, манипулација. Кој ги врати – врати, им ги вратиле учествата на луѓето. Или тој што не дал, во ред, не мора ни да даваш. И ете ја нашата судбина да бидеме овде. Е сега замислете која болка е, да живееш во строг центар, а да дојдеш овде.

• • •

Меѓид Етеми
(роден во 1955 година)

Помош тогаш доаѓаше од сите страни на светот. Ние тие работи не ги разбиравме, бевме деца. Тогаш бевме Југославија и од цел свет доаѓаше помош. Војската почна да чисти и да влегува во тие урнатините, вадеше и мртвите тела. Беше еден општ хаос. Луѓето не знаеја што да прават, но со доаѓањето на војската, таа, војската масовно навлезе во тие делови. Чистеше улици исто, и сѐ друго. Обновата на Скопје почна доста доцна. Имаше едни хангари од Американците, тие донесоа едни хангари, засолништа за луѓето да живеат, ама голем дел од популацијата замина од Скопје, се засолнија по другите градови. Албанците, главно, отидоа во Косово. Одеа и во Тетово, Дебар, Кичево, но главно во Косово. Одеа и во Битола и во битолските села, во Охрид исто... Но, најмногу во Косово. Таму беа околу 3 месеци.

• • •

Ѓорѓи Јовановски
(роден во 1956 година)

Да, по земјотресот... не знам колку време точно, не се сеќавам веќе од оваа дистанца. Само знам дека спиевме надвор, значи спиевме во двор. Тогаш имаше една огромна солидарност од нашите републики. Добро знам дека јас отидов со неколку деца од Скопје во Словенија, таму нè однесоа. Точно колку месеци бевме таму не се сеќавам добро, само знам дека бевме добро примени. И највише шо се сеќавам: знам дека секој ден у слаткарница нè носеа (...) Бевме у дом. На тоа место добро се сеќавам, мислам, сега, Добрине ли се викаше тоа местото. Дом во една шума, во една прекрасна шума. Еден вид интернат. И бевме многу добро третирани, да не кажам, шо е нормална работа во такви ситуации.





СКОПЈЕ,
ГРАД НА СОЛИДАРНОСТА

Трајко Димитров
(роден во 1930 година)

Јас во тоа време бев одреден да бидам координатор, односно офицер за врска на населбата Драчево. Добро, тоа и не беше некој којзнае каков ангажман, меѓутоа таа населба ја работеше оперативата на Србија, мораше некој од овде да ги пренесе тие барања затоа што тоа беа бавчи, обработлива земја. Требаше да се одредат граници, да се предложи некое решение, некој да ги апсолвира, да се издвојат станбените единици што ќе се добијат итн. И сега ми се врти, тој што беше одреден од Србија да го води, беше еден колега, истакнат, отприлика мои години, Милутин Главички, си се претставивме, почнавме да се дружиме.

Мојот проект после земјотресот е аедроромот, заедно со Димче покојни. И, таму, знаете како е тоа, кога работите проект без класичен инвеститор, кога работите проект без програма, кога немате консултација од прва рака за еден таков специфичен објект... Меѓутоа, што е нашата вештина? Вештина е проблемот да го решаваш. Да речеме, кога ние стартувавме на тој проект со Димче, тоа беше некаде веројатно крај на '64-та, '65-та година, бевме упатени на контакти со командата на гарнизонов во Петровец, а пошто се работи за аеродром војни, надлежностите беа во командата на воздухопловство во Земун, централизирани за цела Југославија. А, пошто ова беше дел од некој систем на цивилни аеродроми низ СФРЈ, постоеше Сојуз на дирекција за цивилна воздушна пловидба во Белград. Значи, на сите тие врати сме тропале да му дадеме некаква форма на ова, затоа што овде на факултет не се изучуваат сите специфични објекти, а овој спаѓа во тие специфичности. Ние појдовме до Белград, Сурчин беше тогаш некаква атракција како модел, меѓутоа нашиот аеродром по многу елементи нема ништо заедничко со тој што е голема воздушна раскрсница. Нашиот аеродром се градеше еднонасочно, ќе дојде авион од Белград, ќе се врати авион до Белград. Или ќе прескокне до Охрид, па ќе се врати. Таков каков што е, требаше некој за некои стандарди да потпише нешто. Така да, ние отидовме и до Загреб, отидовме и до Љубљана, Љубљана беше тогаш во градба, он е многу сличен. Не се понесоа коректно Словенците иако де факто немаше што да се види. Меѓутоа, нас ни беше скратено и да се запознаеме со проектот, затоа што ние проектот ќе знаеме да го читаме. Значи, тоа се стварности кои мене не ми се пријатни кога ќе се сетам, меѓутоа тоа беше стварноста, тоа тегнење секој на своја страна не било дискретно, било некој пат и видливо. Нас многу возови ни поминале и затоа мораме да го платиме данокот за подучување на сè.

Стигнавме до тоа, да речеме – убаво е што пристанишната зграда на аеродром, заради нашата дрскост, во услови кога немаше кого да прашаме со Димче – „ај сега да седнеме ти и јас, овој објект кога ќе биде затворен, кога ќе се заврши" (...) Нема смисла да направиме објект провизорен затоа што овие што ги прашавме викаа: „Не ме закачај сега мене", сите бегаа од некаква одговорност. Сите беа окупирани со големата слика, обнова и

изградба на Скопје, монтажните населби. Ова не беше... А, тоа е врата на градот. Затоа ние храбро рековме: „Пристанишната зграда, со сите ризици, ќе ја направиме како јавен објект во рамки на 1000 квадрати“. Одлично, може во 1000 квадрати да се раскаже приказна. И штета што некој паметен не рече кога почна да експлодира воздушниот сообраќај – енормно се зголеми по сите параметри, авиоиндустријата стана многу важна – што никој не се сети за тој објект, со неговата видливост или уникатност, да не го уништи, да го остави како павилјон за прием на гости полн со карактер. Тоа во свет го правеле луѓето. Ние визионери сме немале, никој.

• • •

Русе Галевски
(роден во 1938 година)

Живеевме долго време во дворот, мајка ми, татко ми, сестрите, имавме шатор. Имавме колку половина од овој двор. На самата „Партизанска“. Дојде после тетка ми, па баба ми. Направивме еден логор. Тетка ми беше куварка во учителската школа, мислам ја ангажираа. Па одевме со помладите да ни даваат, но и помагавме, сигурно. Ние што бевме поголемите, мораше да одиш. Дојдоа лекови. Јас памтам рускиот логор беше одма тука до мостот, на „Партизанска“, од лева страна каде што се игралиштата сега. Се помагаше, се наполни Скопје. Од сегде дојдоа. (...) Труманови јајца исто даваа, дојдоа пакети, што не дојде. Јајца во прав, тогаш беше Труман. А на тоа сирењето жолто фаќавме мрени, ха-ха.

• • •

Етиш К. Меди
(роден во 1941 година)

Тито многу ствари направи, даде на сиромашните станови-манови, сè, беше солидарен и даваше солидарни станови што се плаќаа 40 години. Имаше СИС, бараките доле, тука, ни земаа по 300 динари членарина што живееш. После фирмата даваше станови, ќе си ги плаќаш 40 години. Имаше некаква солидарност тогаш, не викам да немаше.

Таму кајшто живеев јас, во Гази Баба, имаше повеќе Турци и Албанци. Ромите беа во Топана, тука кога ќе искачаш од Чаршијата, таму е Топана, после ги префрлија во Шутка, таму им направија населба со бараки. Можам да кажам дека Скопје не се градеше солидарно (...) Кај нас, кајшто живеевме, немаше ништо, не се градеше ништо, не се инвестираше,

ниту улици – ниту ништо. Имаше гологузија, сиромаштија, ние повеќето и земјоделци не можевме да направиме ништо, да поправиме. Во 1948 имаше аграрна реформа, немавме леб да јадеме, после Тито нешто среди. Проблемот со Скопје е дека се гради на брза рука, на пример – Аеродром, а кај нас ништо. Аеродром, Лисиче, Влае, после '67-ма година и накај Чаир малку, „Илинден" претпријатијата се уклучија и сите станови правеа. Земјотресот ги донесе сите од Источна Македонија во Скопје. Ние немавме сила, немавме партии, што ќе решат комунистите – тоа. Некој од Свети Николе дошол и директор тука го направиле.

• • •

Борис Младенов
(роден во 1941 година)

Јас повеќе бев ангажиран околу работата бидејќи таму не се знаеше кој јаде, кој пие. Луѓево секојдневно доаѓаа таму, бараа да им се помогне, дали за куќата или за храна. Црвен крст беше таму исто до нас блиску, така да беше организирано супер, немаше проблем никаков во врска со луѓево. (...) Бараките ги распределуваа и по фирмите и по општините и сегде, кој како им дава, градот им даваше наредба како тоа да се организира. Али општините даваа... Општините ги згрижуваа луѓето, времен престој, дали шатори, дали им даваа храна, дали им даваа облека, бидејќи Црвен крст беше заедно со општината. Имавме во општината голем шатор, огромен, што внатре секоја минута стигнуваше роба било каква и за храна и за облека и за сè. Тоа беше доста организирано од страна на Македонија за да може луѓето да бидат згрижени барем во тие моменти кога им беше најтешко. За кратко време доаѓаа донации доста од странство, доаѓаа доста луѓе што го организираа тоа, што градеа бараки, што правеа... Еве, на пример, Влае го градеа Словенците, они донесоа сè што беше потребно за барака да се постави.

Од сите страни имаше финансиска помош за Македонија, кој како можеше. Мене, пак, ме заангажираа да бидам една врста референт за издавање на потврди на лица кои се жители на Скопје за да можат да подигнат неповратен кредит со минимално 1 % камата или како беше, не се сеќавам. Ми дадоа канцеларија. Немаше шалтери во тоа време. Отворивме прозорот, луѓето чекаат надвор и ќе ми дадат лична карта, ќе провериме дека е жител на Скопје и му дававме потврда. Со таа потврда одеше во банка и зимаше пари. Дали градеа, купуваа фичовци, триста чуда итн. Фичата тогаш почнаа. Телевизорот малце покасно почна, тоа не беше толку важно. (...) Бараките не се градеа каде што имаше куќи, па да се срушат, туку они ги изградеа каде што имаше земјиште, и тоа плодно земјиште. Еве, во Влае, ова беше најубаво земјиште што имаше сè и сешто, од пипер до што не. И сега они тука ги фатија тие делови да се направат бараките, да ги сместат луѓето итн. Еве Тафталиџе да речеме, таму немаше никакви куќи, немаше ништо. (...) Тек после некое време, после една-





две години дојде наредба да мора секој да ја откупи таа брака. Доколку, имаше рок некој, јас знам по мене, доколку за, не знам колку време беше, не отидеш во банка да учествуваш со тој влог што требаше да го дадеме, немаше да ја имаш како своја барака. И ние трчај, зимај ова, зимај она да ги откупиме бараките. Тоа беше после тоа.

После тоа, за земјотресот исто се правеа станови: во Карпош што се овие рускиве згради, Карпош 3, Карпош 4, Тафталиџе има исто од тие руските згради. Сè се тие за време на земјотресот направени. Дури Русите направија и фабрика тука, до ден-денес уште е таа фабрика тука. Они ги правеа елементите за зградите и после само ги монтираа, тие се монтажни.

• • •

Хабиб Ахмети
(роден во 1943 година)

Југославија и останатите држави од светот презедоа иницијатива и изградија многу работи во Скопје под мотото на солидарноста. Претседателот на Обединетите нации, У Тан мислам дека се викаше, помогна и после поплавата во Скопје, една година пред земјотресот. Доаѓаа после Романци, Полјаци, Бугари и други, сите да помогнат. Првиот камион со леб во Скопје е дојден од Качаник, една многу богата фурна во тоа време донесе леб и се делеше лебот од Ѓорче Петров, а Нерези е близу тука. Солидарноста беше на доста високо ниво. Можеби не се изградило сè што требало искрено, но, сепак, нешто се направи. Таму кај нас – Нерези, Влае, Тафталиџе 2 итн. – беше стопанско поле и тука започна изградбата на бараките, а бараките имаа рок на траење од околу 25 години. Нив обично ги земаа Македонците. Можеби кривицата делумно била и кај нашите родители кои лековерно прифаќаа некои муабети дека лесно се палат

бараките, дека ќе изгорат... И многу малку Албанци прифатија да живеат во бараки. Не знам дали тоа било религиозна пропаганда или не, искрено.

Во мојата бавча имаше три бараки од Норвешка, кои искрено беа многу добри, со доволно голем простор. Татко ми направи напори да не ни останат во бавчата, туку да ги тргнат оттаму. Ги дадоа некому тие бараки, ние не ги сакавме. Ете, така беше. Знам исто дека оџата во Мурат-пашината џамија – за време на утринската молитва, рано беше земјотресот – до крај ја завршил молитвата, а сите луѓе избегале од џамијата, пукнала на средината и била готова да се подели како јаболко со нож. Може да била некоја непријателска пропаганда за тоа дека бараките се небезбедни, но јас не можам да кажам. Плус, за авлиите, ние муслиманите отсекогаш сме имале авлии, а бараките немаа авлии, тоа беше и вториот аргумент да не се земат бараките. Јас сметам дека тоа е голема грешка. Имаше неколкумина Албанци – на пример, професорот Сарачини – кои прифатија бараки и живееја во нив. Денес Албанци купуваат бараки многу поскапо отколку тогаш. Тие што купија бараки на рати тогаш, после 10-15 години, ратите за бараките им доаѓаа колку една кутија цигари, толку евтино, а биле купени од страна на државата и биле ограничени со рок на траење, за околу 20, 25 или 30 години. Е, сега, тие останаа, а полето каде што беа поставувани беше поле на Нерези, а во Нерези живееја главно Албанци. Наша грешка беше што не земавме бараки.

• • •

Слободан Петровиќ (роден во 1944 година)

Имам и убави и грди спомени, ако можам да кажам. Најгрдите се тие што имаше кражби, полицијата што ќе ги фатеше крадците ги заплашуваше дека ќе ги стрелаат. А, солидарноста од другите држави ми е на врвот на моите сеќавања; Скопје како град на солидарноста. Ја следев првата конференција за Средбите на солидарноста. Скопје беше израз на хуманоста, добрата волја на светот да му помогне на повредениот град.

• • •

Македонка Хаџи-Димова (родена во 1947 година)

Како не! Како не! Одма дојде после неколку дена Тито, да види... Од сите држави имаше. Универзална сала ја направија, Букурешт, нели така ја викаа болницата, а Универзална сала дали беше од Букурешт или од Будимпешта не се сеќавам сега точно да ви кажам. Знам

дека и таа беше од помош, солидарност, тогаш имаше од народиве. Немаше земја која не пружа помош, од секаде доаѓаа. Шатори даваа, ќебиња за есента, поминуваше комисија оценуваше колку е оштетено, тие што се најоштетени со црвено, тие помалку оштетени со жолто, а тие еп тен малку оштетени по фасада или така нешто поткршено, тие со зелено.

• • •

Хајредин Хасан
(роден во 1947 година)

Помош стигнуваше од секаде, од Русија, од Американците, хангарите, сите беа донација од Американците. Сите држави даваа некаква помош: материјална, некои и парична... Не знам како, до кој степен, ама дека има обнова после тоа – има. Претходно запрежни коли и коњи шетаа по плоштадот. После земјотресот немаше такви работи, имаше нова слика градот, како нов и добар град. Со градби, со згради, со улици, со сè и сешто. Не може да се рече дека државата не беше солидарна. Зависи исто од луѓето, кој како се снаоѓал и кој што работел. Јас бев вработен во Стопанска банка, на значајно место, возач на трезор.

Додека бевме долу, во градот, не се знаеше што е дискриминација, затоа што соживотот беше заедно со сите: Македонци, Турци, имаше и малку Албанци. Откако се преселивме тука, во Шутка – ова се означува како населба – дискриминација има и нема, тука никој не нè натера со сила да дојдеме. Изразивме сите желба тука да дојдеме заедно. Таму немавме таква квадратура како тука, 250 квадрати кога ти даваат – супер. Тие што работеа имаа можност да подигнат станбен кредит и после колку си во можност да градиш, толку. Имаше Роми и во други населби, имам неколку пријатели што живеат во Сингелиќ и Драчево, ама тие се исклучоци. Нашиот менталитет е: сакаме сите да сме заедно, на едно место.

• • •

Милка Кировска
(родена во 1948 година)

Цела Југославија се уклучи у целата приказна. Тоа е точно дека за дваесет и четири часа дојде Тито со делегација. Точно е дека се прогласи градот да биде град на солидарноста. За жал што ние тоа не го цениме и не го респектираме. И тоа е точно дека цела Европа и цел свет се потрудија да ни помогнат. И Мексико и Египет и Чешка, Полска... Сите они направија план и програм како да го надминат, односно како нас да нè средат. Е сеа имаше тука и

глупави солуции у однос на нашиот менталитет. Кога на мајка ми и татко ми им предложија – се вративме ние у септември, од октомври почнав јас да учам кај што е сега Рузвелтова, интернатот е тука – се направија комисии коишто почнаа да ги обележуваат куќите што се за санација и што се за рушење. Со црвено беа обележани тие што се за рушење, со зелено тие што се неоштетени, а со жолто тие што треба да бидат санирани. Нашите, бондрук систем... Ново Маало е маало кое што за десет минути стигаш пешки до центар на градот. И сеа, во Ново Маало сите се сложија да бидат со жолто. Ни даваа локации у Лисиче, не знам каде... Никој неќеше да се мрдне од центарот. На крајот од краиштата, тоа се родителските желби, не можеш ти да влијаеш на тие желби нивни. Направивме големи грешки, оти после тоа се направија тие толку убави населби, да можеше или Тафталиџе, или Лисиче... Ние бевме определени, тој дел, таму повеќе накај Лисиче. Меѓутоа како што денеска има васта – ја као шо викам, васта, по арапски протекција – како што има протекција за било што, така и у тоа време ќе најдеш некој да ти даде у Тафталиџе (...) И така да, у суштина, ние останавме тука. Се направи некоја реконструкција. Појачавме, малтерисавме. Инаку бевме на септик, оти Скопје не беше целото врзано со водовод и канализација. Ние имавме бунар внатре, со пумпа. Па после тоа дојде водата, али септикот ни беше пред врата. Така, да, знаевме кој го чисти септикот коа ќе поминеше септичката колица. Коа ќе дојдат тие – за жал, мислам Роми беа у главном, коишто работеа на тоа – коа ќе поминеа они, ние више знаевме кај се чистела септичката јама, оти тука ти е тоа, у двор, на улицата. Така да, едно време се живееше од прилика... Ние бевме до септември, петнаесетти септември, нѐ вратија назад и у октомври почна училиштето. Мене првите школски денови ми беа во бараки, кај што е сега на „Рузвелтова“ и на „Иван Милутиновиќ“, кај Сетек. Тука е интернатот изграден на градежно и живеат тука ученици. Али тука беа бараките прво, дедека да се изгради, почна одма да се гради „Здравко Цветковски“. Наредната година веќе бевме во „Здравко Цветковски“.

• • •

Слободан Рајчевски
(роден во 1948 година)

Не, не, во шатори не. Нит сум учел, нит сум престојувал во шатор. После тие што престојуваа во шатор ги евидентираа, ова, она, и сега врз основа на тоа, евиденцијата, ги сместуваа лево, десно, во стан, па две фамилии во еден стан. Нас ни дадоа стан, прво претходно по поплавата, заеднички стан карши ете тоа Технолошки факултет, меѓутоа тоа таму после некои не ни знам кај отидоа тие, во истиот стан во кој живеевме со таа фамилија, ние само една соба и користење на веце, тоа беше (...) Али Официрскиот, да, Официрскиот имаше официри, тоа беше за забава, имаше маси за билјард и кога стана поплавата, кога удри тоа

водата на масите, тоа тешки маси се, водата навлегува во тоа подрумите, ова, она и веќе доаѓа до ситуација само наеднаш водата удира во масите. Тоа масите само лупаа, удираа во плафон горе. Поплавата ептен ја паметам, тоа мислам, бев во школо, па татко ми ме барал во школо, ме нема, јас сум киднал, а бе така, хаос.

• • •

Борис Миленков
(роден во 1948 година)

Види, имаше доста помош во Скопје, даваа храна, јајца во прав, кашкавали, доаѓаа од други земји на помош, Франција, Германија, од големите земји, и тогаш кои биле мангупи злоупотребувале.

• • •

Белул Сулејмани
(роден во 1948 година)

По трагедијата, Скопје беше во лоша состојба и жителите беа исплашени. Ама светот ја сфати состојбата во која се наоѓа Скопје, особено голем број на хуманитарни организации, Обединетите нации итн., и се солидаризираа, полека почна да се обновува градот. Скопје беше мал во тоа време, опфаќаше многу помала површина. Центарот, Старата чаршија итн., овде беше градот, други општини немаше. Со помош на странците, со солидарноста, се изгради. Затоа Скопје се нарекува и град на солидарноста. Тогаш се формираа многу населби, еве на пример Драчево што е оддалечено 13 километри од центарот, Бутел 1 и 2, Козле, сите се предградија. Денес веќе тие се прошируваат и се населуваат сè повеќе и повеќе.

На многумина жители на Скопје проблемите им се решија со обновата на градот. Луѓето што биле поблизу, тие добиле некоја барака, нови бараки, а со земање на барака во Бутел или во Козле им се промениле животите кон подобро. Нам нè ни дадоа тогаш бараки. Кај нас имаше една пропаганда тогаш, дека бараките горат брзо, брзо ги фаќа пожар, не чинат бараките, постојано таа пропаганда. Подоцна бараките станаа поубави домови, поефикасни, затоа што напред имаа и градина, а позади беа добро прилагодени. Тогаш градот Скопје почна да цвета и да оди напред. Неколкупати Скопје го снашле проблеми. Царот Пиколомини го изгорел, кога беа војните помеѓу Османлиите и западните сили. И во овој случај имаше катастрофа, ама после таа катастрофа градот почна да се гради во научен, во економски поглед, политички, универзитетски итн.

• • •

Танас Панчевски
(роден во 1948 година)

Имаше донации, помош странска, зградата Руси и Босанци ја правеа. Како тоа функционираше – појма немам, но одлично си ја вршеа работата. Многу народ имаше, многу, од секаде. Се сеќавам ни даваа тетратки и моливи од Мексико. Значи од секаде имаше помош. Ни делеа помош еднаш месечно, кондури, пенкала... (...) Имаше убав живот тогаш. После земјотресот почна да се руши, да се гради, народ многу дојде. Некои и останаа тука. Финска подари бараки, едни од најдобрите во Скопје и уште се здрави: Козле, Тафталиџе, Синѓелиќ, каде сè ги немаше. Дојде и американската војска и руската војска и тие помогнаа во расчистување на урнатините. Багери, машини, тие највише помогнаа со тоа. Првпат да се сретнат двете војски за нешто мирољубиво. Се работеше многу. После тоа си течеше животот најнормално. Не знам дали можам да помогнам со кажувањава.

• • •

Фатима Демировска
(родена во 1950 година)

Солидарност имаше. Даваа, не можам да кажам не. На тие што им беа паднати куќите, им ги поправаа. Даваа пари да се поправаат. За пет-шест месеци влеговме назад во куќите. Уште тресеше, но не беше како претходно како што тресеше, а си тресеше, земјотреси колку сакаш. Денес нема солидарност како тогаш. Сега нема ни ред. Сега е кој има – пак да има, кој нема – нека умре. Сега така прават. Треба да се гледа, кајшто има и кајшто нема.

Во Дуќанџик, подолу, имаше и Албанци и Турци, имавме мешан народ таму, кај џамијата. Едни со други живеевме супер. Немаше никакви проблеми, имаше слобода. Ние како девојчиња ќе шетаме, ќе прајме, наваму-натаму, никој ништо не ти вели, никој со ништо не те попречува. Ниту не задевал некој, ниту карање, препки никакви. Супер беше тогаш, во бивша Југославија. После, откако се преселивме тука, да не зборувам веќе. Се почна со вакви тракатанци, се измеша народот и станавме лоши. Платите не беа големи, немаше којзнае колку пари, ама имаше некаква помош сепак. Порано наместо социјално, земаа, се викаше, „бедно“. Кој немаше работа, кој беше непокретен, тоа го земаа како помош од државата. Тогаш даваа социјално, како „бедно“ (...) Татко ми беше борец и ние земавме помош, имаше изгубено рака во Втората светска војна.

• • •

Борислав Томовски
(роден во 1950 година)

Отидовме голи пиштол – кај, шо биравме, не знам, од кај се собраа црвени крстови, алишта, гардеродба, јадење, сè... Изградбата, страшно, прво да се расчисти, војската на Југославија, Тито дали дојде вториот или третиот ден во посета на Скопје. Многу помагава: Тафталиџе кој го праел, Полјаци, Чеси ли; тие бараките шо се у Козле и зградите. Помагаа да се направи мислам цела Југославија, а релативно бргу се направи, сеа да ја направиш треба година и пол, у тоа време толку требаа година и пол-две, дур се праеше нè пуштија нас децата да се вратиме у Скопје. Кисела Вода, Рампата, натаму... Таму една куќа не падна; ние викавме: Рампата не го осети земјотресот, што се деси? Една куќа нема помдрнато, сите куќи беа со зелено. Страшното беше во Карпуш, Дебар Маало, центарот, Железничка... Страшно. А се градеше многу брзо, интензивно. Партизанска само една лента имаше тогаш. Пред мојата зграда си направивме игралиште со две стативи, од таа страна на Партизанската кај стариот пат за Тетово, таму се играше... Али после со невидена брзина таа кулата – чудо нешто! – се мислев ќе падне, вака [покажува со рацете] буквално ја гледав се нишаше, ама веројатно имала добра арматура. После ги направива да издржат појак земјотрес. Нашата требаше да се руши, ама одлучија после да ископаат темели.

• • •

Тахир Ертунч
(роден во 1950 година)

Тоа беше прв шок во тогашна Југославија. Не е како сега, да се организираат одма да се носи храна; после ние гледавме по патишта, како идеа конвои, сите за Скопје, од цел свет. И тогаш имавме еден лидер, се викаше Тито. Тој знаеше, доктор беше пари да собира. И стварно кој не прати помош, Африка, Азија, сите, може и од половите нешто пратија и Ескимите. Беше интересно кога се градеше Скопје. Си била на Железничка станица да видиш? Тито одма дојде, за ден-два (...) И така беше. Овие населби што се, од Чешка, од Шведска, од Финска. Ова беше зградата на Извршен совет, кога се градеа горе во населбата Водно, котки ги викаа од Финска или од Шведска беа. Тогаш ни рекоа на секој стан овде, по една котка ќе ни дадат. Ама народ ко народ. Се прочу дека до седум минути горат. И не, овде ќе се санира зградава. Нашата зграда имаше три црвени. Три црвени, тоа значи за рушење. Меѓутоа како испадна опожарувањето, една изгоре, ја мереа за седум минути изгорела (...) Има една работа од денешен аспект гледано. Добро што удри земјотресот тогаш, ако удреше сега, нема кој да го опрај Скопје. Тогаш сè уште имаше, таа општествена сопственост

имаше корења. Не беше битно моето, него нашето. Да беше сега, сега еден ваков земјотрес, само богаташи ќе роди. Скопје немаше никогаш да се изгради ако беше сега. Скопје беше едно градилиште невидено. Сите овие населби што ги правеа, Скопје стално беше во хаос. Сите улици се асфалтираа, камиони насекаде, се носи земја, ископи...

• • •

Тодорка Весковска
(родена во 1951 година)

Почнаа донации, дете. Откако се потсмири, од каде не. Јас се смеев и на Маја ѝ кажував, во тоа време кој имал пижами, дете? Нечуено, невидено. Така, по селава, кој по кошулче, кој по нешто памучно... Па и колку пати: како ќе се најдеш така ќе станеш. Меѓу сета донација имаше и пижами и јас најсреќна бев кога ги видов пижамите, прва ги земав, ха-ха. Отидовме до Китка и јас со пижами облечена, и сите деца ме гледаа. Точно е, дете, сиромаштија беше, така беше, не сме немале само ние. Ретко, на сто деца едно или едно семејство, а во градот друго беше, поинаку беше. И така, тоа се заврши, донации дале и други мислам, доста деца од овде од Дрчево се собираа тука, ги испраќаат во други градови да не има пак земјотрес. Во тоа време, дали во Европа или во светот, како најтресита земја ја рачунаа. И се прогнозираше и тоа, викаа: „Скопје уште еднаш ќе го фати, ама тогаш ќе биде срамнето, нема ништо да остане. Такво е тлото". И, ти викам, после тоа дојдоа, почнаа да доаѓаат за изградба на бараките, да се сместуваат, тоа се случи, па за неполна година се направија доста бараки. Во нашево место Дрчево, можам да кажам најплодната земја ја земаа, тука беа бавчи сè, сега тука каде што е населбава. Такво беше уредувањето, не можеше да се реагира или да се буни зошто таа земја, има друго земјиште што може да се даде, необработливо... Меѓутоа се зема што се зема, па до некаде староседелциве беа и среќни, им се даде по некој динар. Презаситени од земјоделието, а немаше печалба никаква, преживување едно. Гладен не си, а не можеш да се облечеш, ете тоа беше. И се запослија после родителите наши сите.

• • •

Љубица Шемкоска
(родена во 1952 година)

Вака некои други посебно впечатоци: знам само дека многу згради се разурнаа, многу луѓе загинаа, и познати и... Беше лошо, многу страшно, да не се повтори. Меѓутоа, цел свет тогаш се солидализираше. Тогаш беше хуманоста на едно многу повисоко ниво него сега. Сега, земјотрес,

ах, се случува, тоа е природна катастрофа и... Некако како да сме отрпнале на сите тие работи. Порано луѓето беа многу похумани, помагаа многу еден со друг. Цел свет, практично, му помогна на Скопје да се издигне од тие урнатини и се изгради за брзо време. Јас се сеќавам кога дојде и претседателот Тито тогаш со Хрушчов, баш по наша улица тогаш поминаа, кај зградата кај другарка ми Емица, куп кај што беше, тука поминаа, ги видовме многу блиску, меѓутоа страшно.

• • •

Јелисавета Димитровска
(родена во 1952 година)

Па, добро мислам дека не може ни да се спореди сега тоа воопшто, тоа време и сега; уствари Скопје почна да се развива после земјотресот. Дотогаш немавме телевизори, немавме коли. Одеднаш пристигнуваше помош, беше солидарност невидена од сите земји. Така што Скопје многу брзо после тоа процвета за да денес биде вакво како што е сега. Да не беше земјотресот, мислам дека немаше толку брзо да се развива. Само благодарение на помошта, солидарноста што ја добивме од секаде, буквално, од цел свет.

• • •

Ханка Мехмети
(родена во 1953 година)

Откако се вративме од селото веќе почнаа кај Калето да даваат храна. Германци, Италијанци и луѓе од целиот свет даваа храна и купони. Колку членови на семејство, толку конзерви и слично. Одевме кај Калето, шаторите беа со бројки – која уличка во кој дел спаѓа и каде треба да се подигне храната – и така одевме да земаме храна трипати дневно. Така беше подолго време, околку пет-шест месеци. Даваа и пакети, ќебиња, секакви други работи... На местото на „Македонска куќа“, кај турската амбасада, таму даваа ќебиња. Чекавме во ред, мајка ми чекаше, а тој што даваше беше Албанец и неа ѝ даде неа едно многи убаво ќебенце, мајка ми сакаше и за чеиз да го чува.

• • •

Анастасија Симициева Блажевска
(родена во 1953 година)

Ние како доселеници во прифатилиштето остваривме многу големи пријателства со луѓе кои доаѓаа од различни држави, а тоа беа Полска, Русија... Сите имаа нешто заеднично: дека ги напуштиле своите краеви, а пазете, они ги напуштија земјите во кои живееја, земји во кои им беше решено станбеното прашање, земји во кои имаа вработување и мажот и жената и одеднаш доаѓаат во непознато. Стандардот на земјата во која сите они се доселија беше многу, многу понизок од она што ние го напуштивме, во Будимпешта, од она што го имавме тука. И во тие пријателства и блискост, кога се распоредуваа бараките, добиваа по ред како се наредени во бараката или во соседството. Некои го добија Драчево, каде се градеше населбата, ние го добивме Бутел 2, нашите најблиски пријатели го добија Бутел 1. Во тие контакти најблиску ни беше Бутел 1. Преку ноќ никнуваа бараките и тоа комплетни, само што немаа ограда. Беа дури и ставани улиците по кои после се пушти асфалт. И немајќи што да правиме во попладневните часови, ајде да видиме: „Вие добивте барака? Каде?" „Во Бутел 1." „Ајде сега ќе одиме во Бутел 1 да видиме како изгледа вашата населба". Значи во таа една година ние бевме на релација Бутел 2 – Бутел 1, не подалеку. (...) И дури после две-три години бевме во Драчево кај нашите комшии. Тие го добија Драчево, а ние Бутел 2, а комшиите до нас го добија Бутел 1. Меѓутоа вистински комшии, пријатели кое пријателство остана сè додека родителите ни беа живи. Значи, такви другарства, такви познавања. Интересно што така излезе, монтажните куќи беа многу интересни, убави, многу брзо се асфалтираа улици, сè стана многу, многу поубаво. Но, за градот Скопје не знам.

• • •

Меѓид Етеми
(роден во 1955 година)

Секако дека имаше солидарност меѓу нас луѓето што живеевме едни до други. Си помагавме, како комшии пред сè. Ама државата тука потфрли (...) На прсти се бројат Албанците што земаа бараки. Потоа почнаа да се градат неколку населби надвор од центарот на Скопје. Монтираните објекти, руските згради – таму почнаа да ги градат (...) Немаше инвестиции во местата каде живееја Албанците во Скопје тогаш. Ниту урбанистички, ниту канализации, ништо... Албанците сами си ги обновуваа куќите, со нивните можности, кој колку има (...) И тогаш имаше дискриминација, не јавна, туку така, потскриена. После почна да расте бројката на жители во Скопје и многу Албанци ги продадоа куќите и заминаа во Турција. Многу од нив беа Албанци, но и други муслимани... И не се вратија никогаш.

• • •

Љубе Соколовски
(роден во 1957 година)

Земјотресот престана, веќе следниот ден немаше дрмање. Памтам кога дојдоа Србите да ја прават населбата после [Драчево], после една година, во '64-та почнаа да ја прават. И, како деца, одевме со нив, си живеевме со Србите. Овде кај амбулантата имаше една српска кафана, они ја направија зошто престојуваа тука. (...) [Пред земјотресот] монтажно немаше ништо во Драчево. Населбата се направи кога дојдоа Србите. Земјиште државата додели: тоа место ќе биде и прави го после. Имаше народ, бараки останаа, после така џабе ги даваа ама сељак ко сељак: „Ех, од сламата ќе зимам". Ама место бааги имаше во секоја барака. Добро, тоа не е битно за земјотресот. Ама е, како не е.

• • •

Адил Сулејман
(роден во 1960 година)

Не можам со сигурност да кажам дали солидарноста била или не била докрај имплементирана. Многумина доаѓаа од периферијата, од Велес, Кочани, Кавадарци... Во Скопје доаѓаа и бегалците од Егејска Македонија, Автокоманда беше цела за Егејците, тие зградите таму. Обновата не беше на нивото што требаше да биде. Имаше поделба, а таа поделба беше политичка. Имаше различен пристап во обновата на Влае и Тафталиџе, и во Серава и во Гази Баба. Кога се градеше Влае и Тафталиџе, се градеше врз нивите на жителите на Нерези. Тие после 1961 година се конфискуваа и после врз нив се градеше исто и Карпош 1, 2, 3 и 4. Ниту еден жител на Нерези не живее во овие населби. Жителите на Нерези биле околу 80 % муслимани, да не речам сите Албанци. Да сакаа да го обноват Скопје како што треба, ќе ги градеа и средуваа и Серава и Гази Баба. Денес имаме проблеми со сè, со електричната енергија, пет минути да заврне дожд, имаме многу проблеми и во Гази Баба и во Серава. Секогаш имале предност т.н. македонски населби, кон Албанците имало некоја дискриминација.

Чаир е една од најгусто населените општини во Европа. Не знам точно по колку метри квадратни му припаѓаат на едно лице, ама е претерано. Ниту државата, ниту општините денес не се интересираат за потребите на жителите. Европските стандарди што пропишуваат не знам точно колку метри квадратни по лице, кај нас не важат. Во Чаир е толку збиено со градби, што нема каде да паркира човек со кола.





ВРАЌАЊЕ
ВО СКОПЈЕ

Анонимна скопјанка
(родена во 1931 година)

И после тргнавме за Скопје. Во Скопје беше катастрофа. Вадеа млади, вадеа стари, не можам да ти опишам какво беше. Оно прашина што беше полно, ајде, ама на едно момче девојката му ја потиснале, а тој ја држи за прстето и плачи, пишти, што да ти кажам. И ден-денеска ми е жал. Ние немавме многу штета. После тоа јас се вработив во „Прогрес“ и кратко време работев во „Прогрес“ и после се омужив. И ќерка ми си ја родив ’65-та и тоа сè сум го поминала. Значи така беше, страхотно нешто. До нас имаше амбуланта. Во дворот на амбулантата имаше пуно шатори, во шаторите само носеа луѓе. Имаше од повеќе земји, имаше црнци... (...) Имаше 90 посто работници од странство и градеа и има тамо не знам да ти кажам, бараки многу се направија, во Влае, во Ѓорче 2, таму, во Драчево, сè тоа беа бараки, тоа беше донација. И докторите, значи прво за докторите, значи свака им част, на отворено правеа операции, спасуваа луѓе. Нема похумана работа од докторите, нема. Е, така, срце мое.

• • •

Слободан Петровиќ
(роден во 1944 година)

Јас завршив во „Орце Николов“ и да се честам – бидејќи мајка ми работеше во кино, со сестра ми сите филмови ги гледавме по повеќе пати – бев во Пула тогаш да се почестам за завршената гимназија, на филмскиот фестивал што се отвараше истата вечер. Одма си дојдовме во Скопје со воз, мајка ми беше евакуирана во Куманово, и не беа повредени. Зградата беше полу урната. Претпладне работев на расчистување на градот, а попладне водев радио станица, читав пораки, вести од Нова Македонија, тука почна љубовта кон новинарството, тука влегов во бизнисот на журналистика. Скопје го паметам како град на гулабите, ние го знаевме само центарот на Скопје, до Камени мост, во тоа време Газиментеш го викаа, што е турски.

• • •

Хајредин Хасан
(роден во 1947 година)

Кога се вративме, сè што затекнавме на полето беше изгорено. Од времето, имаше суша. Беше лето. Тоа што требаше да го заработиме, изгоре. После тоа дадоа согласност од власта: кој поседува лична карта да може да земе парцела во Шуто Оризари. Град Скопје го одреди

овој дел, оваа територија, за нас што бевме доле, ние Ромите. Ваму ни даваа плацеви по 250 квадрати со локација. За поставување темел, во тоа време, даваа 80 милиони динари. Така, од 1964 година, ние сме меѓу првите тука, цела моја фамилија и Ромите, можеби 80 % до 90 % од Ромите се преселија тука. Тука имаше само ниви тогаш, неизградено ништо, се беше под надлежност на Град Скопје, улици се изградија, водовод, но сето тоа диво (...) затоа сега резултатот од тоа е што после 50 години се доправуваат водоводи и канализации, атмосферски канализации итн. Тука значи немаше ништо друго освен ниви и бавчи.

• • •

Нада Љубенова
(родена во 1948)

После една година во Штип се вративме во Скопје. Нè зема татко ми навака и рече: „Ќе живееме во една барака на два спрата". Ние се израдувавме. (...) Местото каде што живеевме порано беше скроз срушено. Кај Соборната црква сега што е, тука седевме ние. После се изгради, ама ние навака си дојдовме, во населба. Фала Богу, ни Драчево не сум го знаела, ни Сингелич, ни Мацари, ништо, ништо не сум знаела... И кога почна веќе населбава да се отвара, да се прават бараки, така ги запознав населбите. (...) А, баракиве беа со отплаќање. Тие што ги правеа тука викаа „Ова ви е поклон." Каков поклон, бре! Ги плативме таму, не ми текнува, на рати, на отплата. Ја исплатија мајка ми и татко ми.

• • •

Драги Зафиров
(роден во 1949 година)

Ех, проблеми, јас бев седмо за осмо, значи завршив седмо, летото требаше да одмориме и да почнеме осмо одделение, завршно и да мислиме каде ќе се запишеме. Тоа е она одделение, пресудното. Мислам дека не почнавме во септември, почнавме покасно малку. Школото ни беше срушено, не срушено туку не можеше да се работи во него, „Даме Груев", тоа е населба Топаана, сега кај што е Пластичарската па се двои и тука е некаде, река Серава поминува кај школото, иначе тогаш беше дел покриена, дел беше во канал и таму учев. Таму не можевме да одиме да учиме, направија шатори. Многу беше интересно, крилата беа кренати до овде како парапет имаше, војнички шатори и ни беше многу интересно, си гледаме надвор во друг шатор. Училниците ни беа така, еден клас во еден шатор, војнички шатори, изгледа Американците ги донеле, па не поминаа два-три месеци, почна веќе ладно и направија хангари. Хангари, ако

можам да скицирам додека зборувам. Ги знаете овие хангари, оваа форма [скицира] и ги има по Скопјево уште. Значи половина од цилиндар, покриен со лим, прозори како бањи и имавме, беа споени мислам, имаше ходничиња па друго почнуваше или беше тоа влез па преку тој влез влегувавме ние во овие хангари и малку беше позатворено, личеше на училна, само што имаше полукружна форма. Тука поминавме цела година, значи во овие хангари некаде октомври ми се чини беше многу интересно.

• • •

Билјана Филиповска Тодорчевска
(родена во 1949 година)

Тие што имаа роднини, што имаа каде да се евакуираат, постојано се евакуираа во другите градови во Македонија. Тие што, тоа беа деца и пензионери, тие што беа во работен однос имаа обврска да останат тука и да помагаат во организација на животот. Прво што се направи, војската донесе огромен број на шатори и се послаа во паркот. Тие што беа надвор од Скопје, кога ќе дојдеа во Скопје, прво што правеа одеа во шаторите во паркот да си ги бараат роднините, затоа што скоро сите беа таму. Добро овие од центар беа во паркот, а од други места, Скопје тогаш беше во повеќе маала, имаа поставено шатори во други паркови или ледини. Најголем проблем беше исхраната, бргу организираа, делеа храна. Под шатори беше. После малку по малку тие што живееја на околните брда куќите им беа неоштетени и дури знаеја да се пикнат во свој двор, да си стават шатор и така. Некаде до Нова година се успеа да се направи некоја помала санација на објекти што не беа многу оштетени и луѓето се вратија во своите домови. Тие што беа срушени ги расчистија рушевините и во тоа учествуваа сите, студенти беа активирани. Сите беа во работна акција, младинска, беа организирани во тие кризни штабови, всушност се знаеше на кој што му е задача, што да работи. Е сега ова се слушна дека тој што бил главен на електродистрибуција, на време ја исклучил главната трафостаница на градот, за да не настане пожар.

Јас се вратив назад од Битола во јануари, првото полугодие го учев таму. Веќе беа направени населбите, монтажните бараки. Нас нè преселија на Водно, ама претходно моите родители живееја кај едни нивни пријатели кај Зелено пазарче која зграда ја беа реновирале. Инаку тлото се тресеше со месеци, но со послаб интензитет. Фасцинантно беше со која брзина ги сместија луѓето. Огромен број населби беа направени, за 6 месеци. Е, сега, до крај на јануари Тафталиџе беше направено, Драчево, пазеа на разни делови на градот, за да ги сместат луѓето од сите населби. Е, сега, тоа исхрана, не сум се маткала јас со тие проблеми, мислам дека брзо Славија ги отворија, важно Славија и Центро беа главните снабдувачи со храна. Тие веднаш проработија. Имам еден пријател што има 90 години,

многу е бистар, има напишано книга своја автобиографија, јас му пишував уводен текст, интересен соговорник, можам да ти дадам податоци. Зошто он тогаш бил 33, со семејство, живеел во Карпош, таму го затекнало земјотресот. Тие проблеми од финансиски, купување на храна, како фамилијарен човек ќе каже. Јас се префрлив после во „Кочо Рацин“ да учам, ама јас кога дојдов на полугодие, учениците веќе учеа. Може не почнаа од септември, ама од октомври беа прибрани. Гимназијата бидејќи ни беше срушена, почнавме во хангари едни, такви метални хангари. И тие ги беа поставиле кај школата за странски јазици. Сега таму има една зграда, таа зграда не постоеше, имаше полјанка и училиштето „29 Ноември“ и поставија 4-5 такви хангари и после школото за странски јазици го санираа во меѓувреме и таму се смести гимназијата „Јосип Броз“. Нè поделија, Ѓорѓи Димитров...

• • •

Тошо Стојановски
(роден во 1950 година)

Па, добро, сиромаштија беше. Јас не бев тука, така да не знам, голем дел имам слушнато беа сместени во шатори во парк, војнички шатори големи. Мислам и имам одено еднаш-двапати, кај што е Собрание на Град Скопје, бараки, тука беа. На почеток на паркот, кај Зоолошка градина. Тука беше сè масовно со луѓе, шатори, доста луѓе тука спиеја, си лежеа, додека најдат смештај. Али јас 4-5 саати бев тука, околу ручек веќе бев во Куманово (...) За мене исто беше кога се вратив '64-та, затоа што после си почнав да си завршам осмо одделение, учев во „Његош“, „Његош“ се сруши, па во „Коле Неделковски“ завршив. Па после го правеа „Песталоци“ во октомври. Па, после тоа се запишав во „Здравко Цветковски“. Помасовна да кажеме урбанизација и градба после распаѓање на Југославија настана. Тогаш се дозволија градби, кој има пари да испере, да среди. Шо вика народот урбана мафија.

• • •

Тахир Ертунч
(роден во 1950 година)

Нашата зграда има три влеза. Ние кога дојдовме во Скопје од Велес, кога почнаа да ја санираат зградата, во првиот влез влегуваш, излегуваш во третиот низ ѕидови. Тоа како деца ни беше интересно. Но, ја направија после. Од денешен аспект немаше ни еден столб, почиваше на ѕидовите. Сега има 13 столба (...) Јас се сеќавам кога местеа клими, местењето на клими тогаш беше 50 марки, и дојде мајсторот, ние клима ќе поставуваме кај мене дома,

мајсторот вика 50 марки. Кога зема да руши и да буши, крај нема. 48 сантима ѕидот, на таа страна, на оваа 52. Значи зградата почиваше на овие носечки ѕидови.

• • •

Љубица Шемкоска
(родена во 1952 година)

Сестра ми кога дојде од Охрид, прво нејзе ѝ кажаа дека зградата ни е срушена, знаеш какви муабети, секакви. Ама после дозна од еден комшија, случајно го сретна во Охрид, дека е сè во ред, и дојде душата на место. Таа беше тогаш гимназијалка. Не, практично беше пред да оди на факултет, таа година, '63-та она се запиша на студии. И помагаше во расчистување на урнатините, сешто има видено. Она повозрасна од нас, ние помали едно седум години. Страшно беше.

• • •

Славољуб Манев
(роден во 1952 година)

Да, многу убаво се сеќавам затоа што после три месеци откако беше земјотресот и се вративме од Врање, мојата фамилија први се вселивме во зградата затоа што работата на татко ми таква му беше да мора да биде присутен во Скопје. Нормално, сакавме сите да бидеме на куп. Кога влеговме во зградата, што да ви кажам, тоа беше како да паднала бомба. По ходниците имаше срушени некои и преградни ѕидови, зграда ко зграда супер го издржа земјотресот, меѓутоа ѕидови некои преградни изрушени, малтер испопаѓан, струја во зградата, по ходниците немаше. Така да секое одење, качување ноќе било по двајца да одиме зошто страв ни било. Веќе по извесно време, по месец-месец и пол дена се нормализира, почнаа и другите да се враќаат, се осоколија. Меѓутоа животот малку сепак, не ни беше розово во тие моменти зошто најголем дел не функционираа најмногу работите што требаа за еден нормален живот. Администрацијата, што било да ти потреба, со храна не беше снабдувањето добро. Одозгора стигаше помош од цел свет и во храна и во облека и во сè, меѓутоа јас колку што памтам помина па сигурно едно година дена додека се влезе во нормала, онаа нормала што била пред земјотресот. Во секој случај ни помогна цел свет, значи ова со нашиот лидер, Јосип Броз Тито, така да после година дена функциониравме, полека-полека влегувавме во нормален живот.

• • •

Васка Тадаси
(родена во 1953 година)

Пред да почне школската година, значи пред да бидам 4-то одделение, ние требаше да добиеме стан пред самиот земјотрес во тие зградите во Автокоманда, меѓутоа, нормално, тоа пропадна и почна изградбата многу брзо, траеше, од сите земји, нели, населба Тафталиџе, Козле, Бутел 1, Бутел 2, Маџари итн. Ние бевме пријавени за населба Бутел 1 и таму добивме барака, трособна, за нашето семејство. Према семејства, према членови на семејства мислам дека се делеше тоа, колку што се сеќавам. (...) Имаше право на избор на пријавување и мислам дека моите родители ја одбраа таа населба бидејќи имаа тука малце повеќе пријатели и роднини заеднички, бидејќи тогаш дружењето беше многу големо и помошта што сами меѓу себе си ја дававме беше многу голема за разлика од денешно време, ако правам компарација некоја. Сами одредивме, точно. Имавме да бираме Тафталиџе и Бутел 1. Бутел 1 беше одбран. Ние како деца, нормално, не учествувавме во тие одлуки, учествуваа родителите. Така да, јас го почнав 4-то одделение во основното училиште „Климент Охридски" во населба Бутел.

• • •

Ханка Мехмети
(родена во 1953 година)

Помина некое време додека да ја обновиме куќата. На истото место ја обновивме куќата, ама ништо спектакуларно. Не се сеќавам дали ни дадоа 7000 или 700 динари, одамна беше, ама знам дека беа малку пари. Ја направивме куќата, една соба горе, една доле, толку стигна – колку да ги пикнеме главите. Се плашевме да ја изградиме со тешки материјали за да не стресе пак и да ни паднат плафоните над главите и да нè отепаат. Беше изградена само со салонитки, така некако, импровизирано. Балкончето што го направивме, чардакот, беше со лесни ламперии, полесни, за да не паднат и да не повредат некого. (...) Имавме шанса да земеме бараки, браќата мои можеа да земат по една, едниот дури имаше одлука да земе. Го молеа во Шутка да земе, ама тој никако не сакаше. Тој беше чувар кај бараките, а шефот му викаше: „А бе, оди земи за сите браќа". Ама мајка ми не сакаше во Шутка да живее.



ОБНОВАТА
НА ГРАДОТ

Трајко Димитров
(роден во 1930 година)

Потоа се формираа тела на градот по разни основи. Јас го водев некој програмски сегмент пошто имам некои допирни точки со спортот и рекреацијата, за тој дел од градот, со каква квадратура ќе партиципира затоа што сите планови беа ставени надвор од сила и сè беше во мирување и се чекаше телата и органите на ОН од кои ние апсолутно побаравме помош, а они широко ни ја пружија. Знаете, јас ја употребив во моето пишување една позната: „На поклонет коњ, заби не се гледаат". Така да, уствари не сум сигурен дали мораше баш вака обновата и изградбата на Скопје да бидат како што се реализира, меѓутоа сега е малку подзакаснето да се апсолвира затоа што имаше и поинакви размислувања. Да речеме, Хрушчов, колку што ми е мене познато, кога дојде во Скопје – првиот човек на СССР тогаш – заедно со нашиот Тито, му сугерирал да не се прават таков тип на населби, него градот апсолутно да се обнови на истото место. Сите објекти кои можат со мали интервенции да се оспособат зимата, да не бидат напуштени, него луѓето да се вратат, а другите на кои им е срушено во апсолутно провизорни објекти да се згрижат и градот полека да се обнови. Затоа што, вика: „Ние имаме искуство со вакви земјотреси, ние сме голема земја. Вас ве изненади ова, ама нас не, ние имаме искуство во тоа". Па имаше идеи сè ова што ќе се прави да се тргне кон Скопска Црна Гора која е изложена на сонце итн. Не е тоа квалитетна земја како што е полето, рамницата итн. Сите тие идеи беа во игра, меѓутоа сè што беше во сфера на носење на одлуки формално требаше да го апсолвира собранието кое беше органот – или парламентот. Сè она што треба нешто да одлучи, некој собир: дали е тоа пленум, дали е собрание, дали е одбор, најповеќе одговара на оној што го спремил предлогот, значи он може да [понуди] она што може да му оди на рака. Така да, ние го обновивме Скопје како да е зелена ливада, ние срушивме повеќе него што сруши земјотресот. Не се бавам јас со научна фантастика, ама реалноста е таква.

Е, сега, ние, да речеме, кога се усвои генералниот план, се распиша конкурсот за следниот чекор – деталните планови. Тоа беше убава сугестија, централното градско подрачје – кое зафаќа до сегашната нова станица, таму некаде до булеварот Климент Охридски или ЈНА, како што си го викаме ние во жаргон – со авторитетно меѓународно жири, со претседател г-н Ернест Вајсман – по раѓање од Хрватска, меѓутоа по живеење Американец – со учество на четири екипи од Југославија, четири [странски] по покана, како повикан конкурс. Меѓутоа партиципацијата на нашите архитекти беше никаква, немаше архитект од Скопје во составот на жирито, што е за мене... (...) Тоа е нешто што има последици. Толку сме имале народ. Јас морам, што се вика, да не кријам дека во прво време – додека уште ги вадеа рушевините, па уште во прво време и некои преживеани вадеа, па подоцна ги вадеа луѓето да не се замириса целиот град, да ги закопаат со некоја пристојна постапка и едноставно да не се распаѓаат луѓето – ги држевме тие мешани столови под некои шатори на војното игралиште, на игралиштето на Работнички. Имаме недостиг на инженер кој знае два-три јазика да седне, да ги обедини. Тука

беа од разни страни дојдени овде и нудеа да помогнат, нудеа да се уклучат сите од своја гледна точка, а пошто доаѓаат од бел свет, убаво е со раширени раце и со максимална доверба да ги примаш, зошто ние имаме потреба од таа помош. И сега беше тоа чудно – а сега во едно семејство има две-три деца знаат пет-шест јазика. Ние не сме учеле стран јазик, а јас сум учел и во индексот го имам уште, марксизам и ленинизам предмет. За сите заблуди цена се плаќа, нели така? (...) Тоа сè беше ад хок, мораше да се реагира ад хок... Немавме аеродром, пистата овде беше тревник за потреби на авиончиња мали. А луѓето сакаа да дојдат со големи патнички или транспортни авиони да донесат помош. Потоа падна одлука, во рамките на аеродромот Петровец да се изгради дел цивилен аеродром (...) таа е пуштена во април '66-та година. Значи, тоа е она, што се вика, реалниот запис колку ние ефективно сме имале оштетување, колку ние сме имале капацитет да реагираме.

• • •

Русе Галевски
(роден во 1938 година)

Јас, да ви кажам, еден месец и повеќе работев во Завод за урбанизам, работев и во Универзална, но во Заводот го возев Галиќ, директорот. Тогаш немаше, „128-ца" беше како „мерцедес", немаше шофери. А на зет ми братот беше директор и ме молеше. А, јас многу мерак за возење, ама единец дека, со три сестри, од дома ми дозволуваа. Го возев месец дена и повеќе и ги познавав Кензо Танге, Циборовски... сите. Галиќ беше многу фин човек, добро, сите бевме млади тогаш. Циборовски беше висок, така, а овој беше Јапонец. Што да ви раскажам, нивните жени исто ги носев да купат јамболлии... Инаку имаше голем тим Кензо Танге. Еден месец траше тоа, после им наместив еден другар мој, механичар, за возач.

• • •

Раде Ѓорѓиевски
(роден во 1940 година)

Но, се среди, за брзо се врати во нормала, за два-три месеци се вративме нормално на работа, да работиме. Цело време расчистуваа градежните претпријатија со нивни механизации, со камиони носеа шут, не знам каде. Потоа почна обновата полека-полека и Скопје се изгради. Не се познаваше дека имало земјотрес. (...) После се изгради, почна нагло да се гради, се среди; долго време траеше, со години, но помина важно. Тие што отидоа – отидоа, но тие што останаа, животот мора да тече. Сите мора да работиме, да трчаме, да помагаме што можеме.

Зависи од организацијата, беше организирано од сите страни да се помогне на настрадaните што може повеќе. Добивме помош од Американци, други места, механизации и опрема. Сите заедно работевме. (...) Тие што беа за реновирање зграда, ги реновираа, тие што беа оштетени повеќе ги срамнија со земја и нови израснаа таму. Ете, Министерството за правда што е, таа зграда падна цела, наново изградија нова зграда. Тогаш беа поситни куќичките, помали, се расчисти многу. Комисија помина, тоа што е за рушење со црвено ставаа линии, траки, тоа што е за реновирање со зелено бележеа. Тие ги поправаа, работеа.

• • •

Борис Младенов
(роден во 1941 година)

Се расчистуваше, се рушеше... Оштетените куќи што беа, се рушеа. Дојде наредба после тоа да сите куќи што беа многу оштетени бидат обележани со црвена боја, со зелена, со жолта итн. Им се даваше помош на луѓето за да можат, колку-толку, бидејќи тоа беше ден-два што се плашевме од тој земјотрес, потоа се навикнавме, помали беа земјотресите. Фати јули месец, 26 јули беше земјотресот. Дојде август, дојде септември, луѓево немаа веќе каде да одат и што да прават во шаторите, почна есен, зима итн. И почнаа нормално да си ги реновираат становите, куќите. Имавме ние одредено комисија во општина која ги обележуваше и која ги проценуваше куќите колку се оштетени за да им даде помош и за поправките. Јас бев во една од тие комисии за доделување на помош на оштетените куќи што беа, дали прва, втора или трета група, обележувањето како беше.

Интервјуер: И што беше Вашата задача?

Сите поднесуваа барање, молба, да одиме таму да видиме што е, како е. Четири души бевме во таа група. Одевме по куќите, проценувавме, помагавме, им дававме пари, општината им даваше. Службата им даваше пари, одеа, подигнуваа. Битно беше како ќе биде оштетена и колку ќе треба да добијат пари, а зависеше од комисијата колку беше проценката. Така да, мислам дека овој дел, стариов дел на Скопје, не претрпе голема штета. Ама во Центар, Карпош и други поголеми објекти имаше доста катастрофа. Имаше многу погинати. Еве на пример кај театарот, Народниот театар, преку Вардар од таа страна имаше една зграда а одоздола беше пазарче, таа цела зграда падна (...) Не само таму, имаше и на други места, ама сакам да кажам што видовме. Ние после немавме пристап нигде да одиме затоа што сегде беше обиколено со ленти. Внатре работеа луѓето, вадеа умрени, вадеа повредени и булдужери тоа... Тоа беше хаос во Скопје.

Интервјуер: А кога почнавте да ги обележувате објектите?

Малце потраа, веројатно беше декември. Не, од септември почнавме. После еден месец, зошто поднесуваа они барања, не беа свесни луѓето што се деси и сега одеднаш стана катастрофа и им се срушија куќи, им пукнаа на пола, им паднаа ѕидови и сè тоа. И они доаѓаа прашуваа прво што треба да прават. Добивме наредба дека мора да се формира комисија за да се оди на лице место, да се види како. А пред нас имаше од инженери, геометри, било кој таму, одеа по куќите обележуваа, прво они ги обележуваа, а ние ги проценувавме. Така да, они поднесуваа барања со улица и број, на основ на тоа ние одевме по куќите, правевме записници, што е оштетено, што не. Спрема тоа им се исплаќаа пари за таа оштета. А Црвен крст, немаше тука што, кој како ќе дојдеше, немаше ни молби, одма им се даваше. (...) Се стабилизираше овде. Они рушеа што рушеа, правеа што правеа, бараки местеа, уште одма почнаа бараките да доаѓаат од кај сè не, и они гледаа зимото да ги сместат луѓето, друго не гледаа, тоа беше најбитно. Црвен крст си имаа овде своја организација, си работеа, за храна, за облека. А општината беше надлежна заедно со градско собрание или со владата да ги сместат луѓето да можат да се приберат дома. Кога им даваме ние парична помош они си ги реновираа куќите за да си влезат дома. Не можеше секој да добие барака бидејќи бараките почнаа да се градат, немаше време они да одат одма. Почна да врне, во шатори со дечиња мали, лошо беше гледањето и онаа слика што ја видовме беше многу лоша.

После едно време нè собраа сите во градско собрание од општините. Прво, најпрво после земјотресот, '64-та, '65-та година, нè собраа сите во една општина, Општина Бутел – Општина Кале, Општина Саат Кула и Општина Петровец – и направија една општина и таа се викаше Гази Баба. Нè собраа сите во градско собрание, потоа паднавме под Министерство за правда и беа после распоредени, на пример, инспекциските служби останаа во Гази Баба, другите во Идадија сместени, во Кисела Вода кај што беше, немаше, три општини беа само и таму Управа за приходи, и таа ја земаа. Сите беа под надлежност на општината, градското собрание. И секој си ја вршеше својата работа. Инженерите од катастар они и дење и ноќе одеа, мереа по нивите за каде да се постават, да се градат куќичиња, сместување на луѓе итн. Имаше активност многу.

• • •

Таки Јосифов
(роден во 1945 година)

Најдобра беше Универзална сала, ние дотогаш немавме таква сала у Скопје. Единствен беше Војниот базен, друг базен немаше, ама тој беше само за војните лица, нас не нè пуштаа. Сите базени после ги правеа од пари од работничката класа, и тоа езерото шо беше, и Трговскиот центар... Тогаш нè собираа на састанак и ќе кажеа: Комунистичката партија одлучи да се гради тоа и тоа и пари мора да се дадат, и ни земаа по 2 % на цела работничка класа. Сите

претпријатија сами си ги биравме, внатре сами си дававме пари за да се подигне или да се онади, или за да се запослат уште луѓе, и на крај ги зема државата, рече дека се нивни и почна да ги продава после; е тие се тие катастрофи што настанаа од распадот на комунизмот (...) Да, тогаш повеќе гледаа по нас, по населението, а денеска не се гледа по ништо. Денеска се гледа само својот интерес, тоа се гледа денес од нашите власти... Секој различно си го доживеа земјотресот: на кој му изумреа, кои имаа жртви, тие потешко си го проаѓаа животот. Тие што беа поголеми другчие си го сфаќаат. Имаше огромна солидарност, а сега интерес и политика. Солидарноста исчезна тука, а светот си е солидарен. Кај нас ги продадоа фабриките за ништо и затоа солидарноста испадна...

• • •

Велко Илиевски
(роден во 1945 година)

Е, види, тогаш брат ми беше јака личност и он ги делеше бараките. И на сите даде, а за него не си зема. Види, бараките завршија работа. Благодарение на цел свет, многу брзо дојдоа сите, даваа, се направија бараките, приградски населби. Тогаш имав у парк, нели, па продадов и земав у Ново Лисиче стан, ама таму ми беа многу сељаци па продадов и таму и купив овдека еден поголем [покажува]. Види сеа, за градбите по земјотресот, има нешто убаво, ама има и нешто многу неубаво. Мене не ми се свиѓа у Вардар галиите, спомениците шо се... (...) Меѓу најубавите згради беше Народна банка, меѓутоа сега имаме убедливо најнеубава народна банка. А, Народна банка, поготово у Србија е династија – ако си ја гледала таа серијата Династија и сите филмови шо се снимаат се снимаат у Народна банка Србија. И нашата, старата, пред земјотресот беше многу убава, а дури јас бев и у Комисијата за праење на банката. И тоа е...

• • •

Македонка Хаџи-Димова
(родена во 1947 година)

Една вечер спиевме во шатори. Само нè земаа после вујковциве и братучедите, они куќа имаа во Нерези, они нè викаа таму ама овде ни беше поблиску, сегашно Тафталиџе би дошло. Сега е сменето многу Скопје ама мислам дека под Тафталиџе потпаѓа, он имаше куќичка таму со бавча, па таму бев тие првите денови додека се вративме дома. Јас мислев дека никогаш нема сон да ме фати кога ќе се вратам. Таму можда бевме недела-две, не се сеќавам точно, ама за кратко бевме и се вративме после. Животот почна некако да се... На училиште почнаа да

работат, некои што беа срушени, ни се сруши ова големото во Ново маало – „Борис Кидрич“ што беше – па нè префрлија во „Дуња“, Кисела Вода, па од „Дуња“ во едно основно училите ни направија хангари и настава ни одржуваа и почна на смени, на три смени работевме. До 11-12, па до 4, и ние после поголемите од 4.

Многу ми беше криво – што нај ми се допаѓал архитектонски – Офицерски дом што се сруши и мислев дека е толку цврста градба ама многу ми беше криво кога го видов срушен. Па и карши, Народна банка беше, каде што беше Стоковната куќа после, изградија кај трговскиот НАМА. И црквата мислам дека Константин и Елена беше, на Маршал Тито кај Кино Култура исто тука се сруши, на местото на сегашна Мајка Тереза, и тука се сруши, црква имаше. Кај Градежници исто имаше, зошто епицентарот беше таму, имаше и куќи и згради.

• • •

Милка Кировска
(родена во 1948 година)

Е, сеа, како беше животот после тоа... Ние моравме да продолжиме, нели? Мораш да идеш у школо. Мораш да продолжиш да живееееш. Почнаа тие што имаа проблеми, санации да им се прави на државен рачун. Значи, тие згради што беа у Карпош, кај Црвен крст онаа зграда, кај ќушето тука исто тука имаше зграда каде што многу загинаа и нив ги раселија, им дадоа одма смештај... Имаше организација, имаше организација, со тоа што кажувам дека у секоја таква организација се прават и грешки. Но, почна инфраструктурно да се решава Скопје. Значи почнаа со водовод, канализација, оти мораше тоа да се направи. Ако ти го шириш градот вака како што е сега приоширен, мораше претходно да се направат. Оти ова све беше овдека ливада, овие ливади мораше да се раскопаат и да се напраат и патишта и све.





• • •

Борис Миленков
(роден во 1948 година)

Јас го памтам тој период, бараки се градеа, шведски, германски, знаеш по колку ги нудеа бараките, за 500 илјади динара, за џабе, никој не сакаше да оди, од пожар, сега кој си зема по 80-100 илјади евра, ги испродадоа со плацевите, пара направија. Кој имаше памет во глава да ги земе тогаш. Мутно време. Сѐ тоа беа некои правници кои ги делеа тие работи. А бе по Пинтија, по Драчево даваа, нудеа, бараки, бараки, без пари (...) Се плашеа луѓето тогаш. Не биле лакоми. Сега џигер ќе ти извади.

• • •

Танас Панчевски
(роден во 1948 година)

Целата [негова зграда, н.з.], не се сруши. Беше обележана со црвено, ама татко ми бркаше да не се руши, затоа што беше целата здрава. Али 10 сантима беше помрдната, темелите. Ја санираа и ден-денеска си стои. Иначе во станот горе никаква штета. Само на ќошот на зградата имаше скршено ѕитче. Сите си беа живи, здрави, само таа зграда, кај полицијата... Страв имаше кога тресеше, ама тоа е људски, после се снаоѓаш.

• • •

Драги Зафиров
(роден во 1949 година)

Во техничко [училиште, периодот додека таму учел, н.з.] почна Скопје да се гради и ние – сега техничари, може некој утре ќе стане архитект како што станаа многу од таа генерација – почнавме да се интересираме. Мислам дека за трговскиов имаше конкурси па почна да се гради, мислам дека бев во техничко па можда се градеше додека бев на факултет прва година. Кај железничката станица идевме темелењето да видиме: тоа е подземен град – толку има бетон потрошено за да може да се направи комотно една станбена населба, толку има бетон ставено во темелите. Идејата беше многу добра, да се покрие целата железничка станица. Дел овдека што се прекина старата железничка се префрли

према Бутел обиколница за Кичево, а дел продолжи од новата железничка станица, преку Вардар, кај старото сајмиште поминува, и сето тоа како се градеше ние од техничко некој професор ќе рече: „Ај да одиме сега на објекти да ги видиме како се градат“. Трговскиот центар доле е бетонски темели, а нагоре е сè челик, од подрумот почнуваат челиците. Така да ни беше интересно, нови објекти, нова архитектура. На факултет кога стигнавме веќе почнавме и такви објекти – трговски центри. Па шетај низ трговски центар да видиш идеја некоја, отворен – затворен тип.

• • •

Фатима Демировска
(родена во 1950 година)

Условите во Шутка, тука кога дојдовме, беа лоши. Немаше ништо, кал беше насекаде. Немаше ни автобус, ни комбе, ни коли одеа, ништо. Пешки одевме од маалото до Шутка и назад, пешки на работа одевме, секој ден. Автобуска линија направија после три-четири години. Кога ги направија патиштата ставија канализација, ама не секаде, не е целата Шутка со канализација. Се поплавува, еден метар вода, нема кај да оди водата, го виде патот надвор што направила водата? Еве пред куќата кај мене. До тука е копано, пола метро. Кој те гледа, никој.

• • •

Тахир Ертунч
(роден во 1950 година)

Се збогати Скопје. Јас еве викам кога мислевме дали да ја санираат зградата или да ни дадат 25 котки, толку имавме станови во зградата, никој не размислуваше дека таа котка некој ден ќе вреди пола милјон евра. Него сите викавме: ууу, за 7 минути гори. Имајќи тука во Центар да живееш, ќе одам во приградски населби да живеам. Социологијата се смени, цела социологија на Скопје се смени. Скопје порано беше сè тука на фрлање камен, колку можеш да фрлиш со камен, димензиите пораснаа... Е, таа социологија, начин на живеење се смени. Социологијата е многу битна наука, кој ја разбира, кој не ја разбира, не мора да ја разбере.

• • •

Љубица Шемкоска
(родена во 1951 година)

Градот Скопје – некако сè се смени после земјотресот, сè се смени. Ние бидејќи живеевме во близина на градскиот парк, летно време обавезно одевме и на плажа, на Вардар, и во парк одевме многу често, практично летото одевме во Охрид претежно на одмор, меѓутоа не можеш цело лето да одиш таму, 10-ина дена, 15, и толку. (...) Одвај сме чекале татко ми да дојде од работа и со точакот право на плажа. Многу убаво беше, многу. Цел град, практично, се собираше тука, многу беше и весело и убаво. Абе имаше дружење многу, сосема други времиња. И во градски парк после земјотресот ми се чини беше обновата на паркот, инаку овој дел, првиот дел од паркот, горе-долу добро е обновен, има доста нови содржини тука. Меѓутоа некои делови останаа непроменети. А, третиот дел од паркот, после земјотресот е направен. И убаво навистина, паркот е место каде што можеш да се релаксираш, да прошеташ и сето тоа како што беше и порано. Е, сега е исто убаво. Меѓутоа овие другиве делови, сега особено како што е Скопје, некако, не знам, мене ми е непрепознатливо. Вас младите можеби ви се бендисува, не знам како да кажам.

• • •

Исмаил Мехмети
(роден во 1952 година)

Се сеќавам, имав 12-13 години тогаш, цело Скопје се хранеше со зеленчукот и овошјето од Нерези. Другите села не произведуваа толку како нас, ние бевме специјалисти за зеленчук и на овошје (...) Ние, Албанците, испаднавме малку чурук кога ги делеа бараките. Го молеа татко ми да земе барака, ни беа во дворот, тука, во бавчата. Ама имаше муабет, демек бараките гореле брзо и не треба да се земаат. Дедо ми ги викаше колиби, не сакаше во колиба да живее (...) Не можеме секогаш да ја обвинуваме власта. Добриот е добар, лошиот е лош, нема врска етничкото потекло.

• • •

Васка Тадаси
(родена во 1953 година)

Беа прекрасни населбите, зеленило, се изградија монтажни сите. Растојанијата, тие ју-стандарди, сè беше почитувано. Улички може, еве ја гледаш населба Бутел 1 сега како е, порано ги викавме бараки, нели, сега добиваат дозволи и се претвараат во куќи големи, се градат, се обновуваат, сето тоа. Се прошири Скопје, отиде во ширина, бааги се прошири. (...) Лично мислам дека тоа овозможи многу голем прилив од помаливе места, многу голем прилив на луѓе. Меѓутоа, тоа е веќе политика на државата, на републиката.

• • •

Митат Алија
(роден во 1953 година)

Од постземјотресната обнова на Скопје јас ич не сум задоволен. Ако ме прашаш зашто, затоа што ден-денеска, помини на оваа страна, помини го Камени мост, ќе видиш дека тука ништо не е сработено. Тие куќи што ги гледаш сега добри, сега се изградени. Луѓето дојдоја малку до пари и ги изградија, им дозволија општините нови да градат. Порано пак не ти даваа општините ексер да ставиш. Не овде, ќе ти рече, не смееш, тука ќе има некоја уличка, ваму ќе има ова, планови некои чудни, никако не ти даваше државата. Еднаш, пораснавме малку, брат ми требаше да се жени, една соба едвај направивме, дојдоја ни ја срушија, затоа што не сме имале дозвола, за една соба. Да платиш во општина требаше, а ние немавме и за тоа. Ние живеевме во Центар. Две општини тогаш имаше: Центар и Гази Баба. Гази Баба се викаше поинаку, ама не ми текнува. Ние бевме под Центар. Имавме школо, си стоеше тука, една амбуланта имавме и таа ја срушија. Спортски центри, такви глупости, немаше. Под Кале беше спортски центар, играј под ладовина таму колку сакаш. И некои школи имаа во дворовите терени за играње.

Тогаш стигаше помош од сите страни, имаше пари, се градеше сè и сешто, гради, ова она. Цела источна Македонија ја донесоа тука и им даваа станови. А на скопјаните, тука, како нас, не им даваа станови. Ние сме овде стари скопјани. Татко ми работеше во една фирма, седум члена бевме, не му дадоа стан, а некој ќе дојде со два члена фамилија и ќе добие стан. Бараки немаше шанси да добиеш.

• • •

Мустафа Пеза
(роден во 1953 година)

Обновата почна со чистењето на рушевините и изградбата на градот. Имаше и фабрики што беа погодени од земјотресот, беа паднати оџаците на фабриките... Се затвориј работните места. Сите знаат дека поголемиот дел од тогашната македонска индустрија беше концентриран во Скопје, како што е и денес. Обновата беше создавање на нормални услови за живот. Е, сега, колку од тоа се постигна, не знам. Јас верувам дека некои работи требаше да се направат подобро. Некои нешта се направени набрзина, без да фатат корен. Јас, на пример, Маџир Маало би го зачувал какво што беше. Има многу светски градови – сум бил и во Америка неколкупати – каде што старите делови од градовите се конзервираат такви какви што се. Требаше да не се уриваат некои работи, да се сочува шмекот на старото Скопје, барем во центарот. Шуќур што багерите не влегоа и во Старата чаршија, и тоа можеше да се случи.

• • •

Меѓид Етеми
(роден во 1955 година)

Се носеа шатори, ги местеа во дворовите. Скопје тогаш беше едно големо село. Војската носеше храна. За некое време се отвориј неколку училишта во хангарите и полека-полека почна да се поткрева Скопје. Најмногу се обновуваа некои населби надвор од Скопје. Се носеа дрвени бараки, ама тие бараки се злоупотребуваа од страна на државата: меѓу албанската популација, односно муслиманите, започна една голема пропаганда – делумно и по џамиите – велејќи: не одете да живеете во бараките, затоа што тие се горат. Знаеја дека Албанците имаат многу деца, па демек ќе им се запалат децата. Тогаш исто почнаа масовно да доаѓаат во Скопје од другите градови: од Свети Николе, од Штип, од македонските села околу и подалеку. Дури и од странски држави: од Русија, од Узбекистан...

• • •

Ѓорѓи Јовановски
(роден во 1956 година)

Јас, во тие години, сигурно дека сум немал никакво размислување, само знам дека татко ми како шофер работеше во градски сообраќај и беше дваесет и четири часа, шо се вика, на функција. Дали тоа пренесуваше мртви луѓе, ранети, повредени и така натаму. Инаку

обновата на Скопје тек после многу години ја согледувам, затоа шо во таа доба на години – ја со седум години – сигурно не сум можел да размислам дека буквално беше Скопје град на солидарноста. Помошта доаѓаше од целиот свет, дури ете после толку години, преку седумдесет години, тоа веќе и се осеќа дека и некои објекти и ден-денеска уште опстојуваат. Цели населби се праева. Дали тоа било Козле, дали било тоа Бутел, Тафталиџе, Карпош и така натаму. Мислам дека солидарноста на светот стварно се изрази во најголема мера што може да постои.

• • •

Фатон Исмаили
(роден во 1957 година)

Мене најубав впечаток ми остави изградбата на ГТЦ. Сум имал можност да шетам низ различни места во светот и во Европа со мојата работа и со спортот, имам видено големи и мали трговски центри, но, за мене, овој трговски центар е најубавиот што некогаш сум во видел. Сите останати беа затворени, некако клаустрофобични, а овој трговски центар е отворен и има живот.

• • •

Адил Сулејман
(роден во 1960 година)

Кога се случи земјотресот во Скопје имав две години. За земјотресот во Скопје имам слушано од моите родители, роднини и пријатели, но исто така и за другите процеси во Скопје, иако голем дел ги имам проследено. Кога се случил земјотресот ние живеевме во Чаир. Пред земјотресот, татко ми живеел со четворица браќа во иста куќа; сите така сме живееле, јас сум бил мал. После земјотресот државата им помогнала тек-тук. Градот се градеше на други места, на пример периферните области како Бутел, Железара, Драчево итн. За Албанците било проблем и тоа што тие не сакале да се дислоцираат од средината во која живееле. Во тоа време Скопје било доста ограничено и со луѓе и жители, но и територијално имало поинакви граници. Градот се протегал до железничката станица, на пример. Населбата Чаир, пак, се протегала до местото каде што е стадионот во населбата денес. Албанската популација, на пример, живеела и во Гази Баба и во Серава. Имав 7-8 години, во Бутел една нива имаше. Дедо ми имаше стока и земја и бил роден во Скопје. Во тоа време се садеше и тутун и моето семејство работеше тутун, а кога излегувавме со коњи од Чаир накај Бутел, после стадионот

што е денес, тоа сето беше ниви. Скопје со жители беше доста мал, тоа сигурно може да се види и во Завод за статистика, колку жители броело Скопје тогаш. После '63-та година се изградени градбите, зградите во Чаир.

(...) После земјотресот Скопје започнува да се обновува и повторно да се гради. Албанците беа дискриминирани во однос на бараките, кој и како да ги добие итн. Поголемиот дел од бараките ги добиле Македонци. Тие, пак, Македонците, беа носени од периферијата во Скопје. Ако твојата куќа била срушена во земјоресот, државата ти нудела две работи: или барака што би ја плаќал околу 20 или 30 години, или пари за да ја обновиш куќата. Но, многу помали биле средствата за да се обнови куќата и повторно да се игради. Доколку државата сакаше да го изгради повторно Гази Баба и Серава, требаше да постапи на друг начин. Како поинаку? Слично како во Железара. Зошто? Поради бараките, улиците, канализацијата, водоводната мрежа, инфраструктурата, широките улици и булевари итн. Парите што ги давале за обнова да домот, биле мали и со тие пари си можел да изградиш само една соба и една кујна, што повеќе? Проблемот беше комплетно заради инфраструктура: Серава имаше проблеми со канализација, до ден-денес има.





ГРАДОТ
ДЕНЕС

Трајко Димитров
(роден во 1930 година)

Еве, јас лично мислам дека не држи ниеден аргумент зошто Железничката станица онде – која беше појдовна точка за таа оска преку плоштад, мостот, Старата чаршија – тоа беше 'рбетот, тоа беше костурот на овој град, ја направивме... Никад нема да заживее таа. Онаа платформа и тоа сè што се случи, тоа кружење околу градот. Тоа е исто како со Скопје 2014-та, од кога се случи нема спас, тоа е реалноста. (...) Сум напишал дека на мојот роден и сакан град тоа што му се направи со проектот Скопје 2014, нанесена му е поголема штета од пожарот на Пиколомини во XVII век и XVIII век и бомбардирањето на Германците...

• • •

Хабиб Ахмети
(роден во 1943 година)

Се сеќавам на многу градби јас: Католичка црква, каде што е Мајка Тереза сега, други моменти и места... Дали зборувавме македонски или албански или турски беше сеедно, беше убаво, и сето тоа до земјотресот. После тоа се случи некоја промена, се отуѓија луѓето, се затворија по зградите и по становите. Ниту добар ден не си велат едни со други, ниту се сакаат.

• • •

Слободан Петровиќ
(роден во 1944 година)

Се смени структурата на градот, не во материјална туку во духовна смисла. Скопје никогаш не бил провинција, Скопје бил, останал и ќе биде метропола. Битен е духот, има своја карактеристика овој град, отворен е кон сите, не е затворен. Имам и нешто друго да ви кажам: земјотресот однесе многу жртви, а меѓу нив мои роднини, блиски, шест души од фамилијата загинаа во земјотресот. Значи го почувствувавме самиот чин на земјотресот како трагедија не само за градот туку и лично. Во поглед на културата, доживеа страшен подем градот (...) Да ви кажам, јас не се чувствувам квалификуван да говорам, но можам да ви кажам што мислам како граѓанин, меѓутоа со резерва бидејќи не сум стручен. Доаѓа дисхармонија меѓу старото и новото, нема континуитет, не се подобрува тоа старо Скопје, таа традиција да се продолжи не е успешна... Јас сум шокиран од дивоградби затоа што ја нарушуваат естетиката на народно Скопје, немаме објекти како што беше Офицерски,

Народна банка, Железничка станица, кои беа симболи и препознатливи знаци за Скопје. Денеска се гради, се нарушува естетиката и традицијата на градот, се запоставува нешто што е наследство со векови.

• • •

Македонка Хаџи-Димова
(родена во 1947 година)

На пример, да ви кажам, некои работи ми се допаѓаат, се направија и изгледот им е стварно... Посебно навечер, така, Археолошкиот музеј ми се допаѓа, Домот на Евреите, за театарот ми е многу жал оти одевме многу во театар. Имавме една комшика што пееше во хорот и она кога имаше нешто за наша возраст, дали опера, дали драма, ќе ни кажеше и ние одевме во театар преку дрвеното мовче на Вардар. Пасажот тука беше блиску, по него поминувавме. Сега, на пример, центарот убав е, меѓутоа за мене е пренатрупан. Би требало, како што имаше, плоштад го викавме ние, на плоштад бевме ние младите, таму се запознававме, таму почнавме љубов да наоѓаме, на корзо, па после на кеј. Меѓутоа – добро сега и времето си прави свое – на друг начин и средбите и шетањето, сè е сменето. Има некои работи што ми се допаѓаат, а некои... Ми е пренатрупано. Би сакала поголем простор, барем за плоштадот, за центарот на градот.

• • •

Хајредин Хасан
(роден во 1947 година)

За Шуто Оризари не гледам излез. Цело Скопје го знам на памет, оваа населба е – како да не речам без тежок збор – како отцепена, како невалидна и нетретирана, иако и тука живеат образовани луѓе, има и средна класа, сиромашни има и богати. Кога би го споредил со Аеродром или Влае – или некои други поубави населби – Шутка е гето.

• • •

Милка Кировска
(родена во 1948 година)

Ние можеме колку сакаме сега да праиме муабети, меѓутоа во тоа време имаше грешки, но повеќе беа позитивни работи. А сега, има грешки, има многу негативни работи што се случуваат. Измеѓу останатото, јас сум таа една која што сум страшно негативно расположена према Скопје 2014. Тоа е за мене најголемото зло на Скопје што му се случи. Најголемото зло. Тоа сум го кажала на телевизија, тоа го кажувам нонстоп на Фејсбук (...) Со оние статуи, коишто не личат на ништо, со непропорционалноста, со големи глави, со визуелизација којашто не личи на ништо, со многу начичкани фигури едно до друго; и добро е некои од странците шо го приметуваат тоа, што викаат дека Скопје 2014 доаѓаме да го гледаме како Дизниленд. Не е тоа веќе град којшто е за почитување... Дубаи има многу кич. Дубаи е град на иднината. Паралела јас праам меѓу Скопје и Дубаи. Не можеме никако да ја направиме. Немаме таква моќ каква што имаат. Меѓутоа се многу организирани, многу знаат и купуваат умови. Коа ќе кажат дека ќе прават палма у морето, они ќе ја направат, за да бидат први и за да може да се гледа од месечината. Значи од вселенскиот брод да се гледа као осмо чудо. Ако се гледа Кинескиот ѕид, седмо, ова осмо чудо. Ќе прават најголема зграда... Ја направија. Значи они прават нешто инзвонредно. Нешто што е надвор, ама со технички можности на 21 век. Ние праиме глупост којашто не може да се оправда.

• • •

Белул Сулејмани
(роден во 1948 година)

Скопје 2014 е една лоша програма затоа што се работеше како што не треба. Тие градби што се изработени, се изработени без адекватен материјал да бидат силни и цврсти. Скопје 2014 со сите тие споменици, имаме стотици споменици, и треба да имаме, ама не 200 или 300 споменици. Знаеме зошто е тоа така и зошто политиката ги правела тие работи и голем буџет се злоупотребил. Тоа значи дека се злоупотребиле фондовите дадени од меѓународниот фактор.

Но, надежта е последна за мене како родител. Се надеваме дека ќе направиме нешто подобро и Скопје и за животот во градот, и за сè што е во Скопје и околу Скопје. Да стане град што е именуван како солидарен, да сме и ние солидарни. Скопје е на неговите жителите и така треба да го градиме. Ако ние сме такви, ќе ни помогне и друг некој однадвор, освен економијата, политиката, културата, ќе влезе и туризмот, некој да дојде да нè посетува. Само тоа може да нè однесе напред.

• • •

Борис Миленков
(роден во 1948 година)

А, сега ова што е направено е глупо направено. Да ти кажам искрено за овој град: јас бев во Словенија во војска некаде '68-ма година. Словенија. Љубљана беше 120-130 илјади, Скопје беше 180 илјади. Сега Љубљана е 200 илјади, ние сме милјон. Гледај што е ова, бетон, зграда до зграда, не е убаво. Да е рид, да фаќа промаја, ветер, да уживаш. Еве на пример имаш ти у Македонија многу убави градови: Битола, на пример, кога ќе ја дувне ветер, абе носи зимно време, минус 30 степена. Св. Николе, Штип, тие се на ридови, а Скопје ја затворија таа таму, вардарецот го снема. Од оваа страна тие згради големи, ова, што е ова, зграда до зграда, многу е загушливо.

• • •

Драги Зафиров
(роден во 1949)

Ние сме генерација која растевме со Скопје, затоа ни е многу тешко кога почна ова 2014, мене и на мојата генерација и на мои колеги, ретко кој се сложува со ова што е направено во Скопје. Мислам дека Скопје е уништено и не може за наредни дваесет години да го добие оној сјај што почна од пред земјотрес и после земјотрес да расте како град. Ние веќе немаме историја на градот, ние имаме сега стиропор и имаме нешто што е покриено, некои кулси ставени и имаме некој стар град. Сега гледам поминував вчера преку трговски центар и една мала група луѓе, странци и еден им објаснува дека е тоа стар објект па веројатно нов и еден од нив поминува и удира да види дали е мермер, стиропор тропа. Кој е тој впечаток што ќе го добијат странците. Да, вака е убаво на прв поглед ама кога ќе праша кога е градено ќе му кажат 2014 и тоа нè убија сите.

• • •

Фатима Демировска
(родена во 1950 година)

Што да кажеме ние Ромите, сиромашните, за тие работи. Во градење и во такви работи, не се разбираме. Големите можат тие работи да ги зборат, ние не можеме. Офицерскиот дом не беше вака, како сега. Банката исто така, не беше. Скопје каков град беше, леле. Офицерскиот дом беше да се чудиш. Татко ми како инвалид и ние заедно со него имавме право и внатре да влеземе. Кога имаше конференции, кога се даваа некои работи, едно-друго, секоја година, ние со татко ми влегувавме внатре. Тоа рај беше. Сега не можеш од надвор да го гледаш, не па внатре да влезеш. Сега е друг закон, не е тоа што беше. Сега секој гледа за себе.

Порано немаше вакви споменици како сега. Само Офицерски дом имаше споменици, целата зграда. Тука имаше, на друго место немаше. Спомениците се луксузна работа. Што ќе ни се споменици? Да се плаши човек да шета ноќе, мислиш дека се луѓе. Едно време ние шетавме, гајле немавме, слободно беше. На плоштадот какво корзо имаше, ќеиф да ти е да одиш, да гледаш. Ај, мостови мора да се прават. Имаше еден мост кај Француски гробишта доле, дрвен мост беше. Ова претерано е, лавови на мостови. Цел плоштад е со фигури. Од плоштад кога одиш на Бит-пазар, сè затворено, не можеш да одиш. Фонтани, монтани, ајдее... Ајде на плоштад има зашто, ама ваму кај црквата, што се тие глупости?

• • •

Славољуб Манев
(роден во 1952 година)

Па, од почеток таа обновата сепак не одеше така брзо затоа што имаше многу големи разурнувања, штета многу голема. Да речеме, ден-денес ме боли што во тој земјотрес, како дете ја памтам Народната банка, Офицерски дом, коишто нешто претставуваа, нешто велелепно беше, меѓутоа беа срушени комплетно и еве до ден-денес сè се збореше дека тоа ќе се обнови (...) Во тоа време Скопје сепак бил град, јас не можам да се сетам точно колку пред земјотресот, мал град, релативно мал град, дали имаше стопет-шеесет илјади луѓе. Немало тогаш оние булевари, не се осеќало дека сме некоја престолнина на Република Македонија. Меѓутоа со тек на времето почна малку по да се гради Скопје. Со тоа што многу работи не ми се свиѓале и ден-денес не ми се свиѓа што толку почна да се гради, да се дигаат згради огромни, се затвори просторот од Водно, од Сарај, од тој дел, од Шара. Немаме ветришта, се прочистуваше градот, и така. Скопје прогледа 2014 година мислам, кога почна оној проектот 2014-та со премиерот Груевски, којшто е многу критикуван од другата страна. Меѓутоа од тогаш кога почна да се гради, централното подрачје од левата

страна, од десната страна значи на Вардар фантастично изгледа, а гледам дека туристите коишто доаѓаат во Скопје како главен град, а работев со нив нешто им го издавав станот на странци и они беа и ден-денес се воодушевени од тоа како изгледа Скопје. Дури роднини од Белград кои ми доаѓаат тука, не биле во Скопје едно 20-ина години, со сите оние измени што се направија не веруваа дека е тоа Скопје, дека е сосема друг град. Нормално, може уште да се надоградува тоа, меѓутоа сегашната политика е многу страшна, фактички само се удира на профит, не се гледа народот, желбите на народот.

• • •

Вера Календаровска
(родена во 1954 година)

Мостот преку Вардар, Камени мост, беше многу поубав отколку сега што е. Имаше уште едно дрвено мостче, тоа беше уште поубаво, поинтересно за Скопје. Стара градба, сите стари градби секаде ги чуваат, колку што јас сум видела во повеќе држави и ги обновуваат исто како што биле, ги одржуваат. Офицерскиот дом, банката, болницата, театарот и сите тие објекти требаше да се направат идентични зошто тоа е карактеристиката на Скопје. Убаво е и сега, но старото требаше да се сочува, барем центарот на градот. [А] мене ми се допаѓа „Скопје 2014“. Може некој зборува дека не е нешто добро ама сите се сликаат таму. Доаѓаат да видат дали е вакво или такво, дали е картон.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.774:550.34(497.711)"1963"(093.3)
94(497.711)

СКОПСКИОТ земјотрес од 1963 година и постземјотресната обнова : лични сведоштва / уредници Наум Трајановски, Петар Тодоров ; [интервјуирачи Мартина Пенева, Калина Трајановска, Мариглен Демири]. - Скопје : Центар за истражување на национализмот и културата - ЦИНИК, 2021. - 217 стр. : фотографии ; 24 см

ISBN 978-608-66464-5-5

а) Скопје, 1963 -- Земјотрес -- Медиуми -- Сеќавања б) Скопје -- Историја

COBISS.MK-ID 55721733